ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

# ВОСПИТАНИЕТО НА ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНИ СЕМЕЈНИ СРЕДИНИ
(магистерска работа)

Ментор
проф. Др. Марија Костова

Кандидат
Столевска Виолета

Скопје, мај 1997 година

# ПРВ ДЕЛ

## ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

# 1. ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ

Најновите емпириски истражувања, како и традиционалните педагошки сфаќања се согласуваат дека семејството е значаен чинител за воспитување на децата и младината. Неговата образовна улога ја презема училиштето и другите чинители на општествената средина, но затоа уште поважна станува неговата воспитно-социјализаторска улога. Емоционално-социјалниот развој на детето не можат да му го надополнат другите институции. Затоа, Бергант М. вели: „Примарната социјализација на детето секогаш се врши во рамките на примарни групи т.е. во помали групи, каде што заемните односи на луѓето се лични, спонтани, човечки, блиски, каде што поединецот до некоја мера има заштита, симпатија и сигурност на групата"[1]

Во семејството постојат секојдневни непоредни интерперсонални влијанија, кои имаат воспитен карактер. Семејството истовремено станува „природно училиште" за воспитување и самовоспитување на благородни човечки чувства [2]

Во секојдневниот семеен живот, во заемните односи на родителите и децата се даваат извонредни можности за воспитување на сложени психо-социјални особини на личноста. При формирање на волјата, однесувањето и каратерот на децата, семејството е прв судбоносен чинител.

Семејството за детето е прва мала општествена заедница и тоа во него може да најде бројни социјални, хумани и општествени односи и ситуации, кои подоцна ќе му помогнат да се снаоѓа во посложени

---

(1) Bergant, M.,: "Promjene porodice i problemi porodičnog vaspitanja", Pedagogija, Beograd, 1973, br. 1 str. 6

(2) Savićević, D.,: Obrazovanje za život u porodici Beograd 1966, Zavod za izdavanje udžbenika S.R. Srbije, Beograd 1966, str. 74

општествени односи и во животот воопшто. „Детето има можност во својот прв колектив, во семејството, да ги учи и вежба сите оние социјални особености и навики, кои што подоцна ќе ги применува во општествениот живот"[3]

Семејното воспитание е битна улога во семејството. Семејството учествува во посредување и пренесување на општествени, морални и други вредности на општеството во кое живее. Тоа посредување, пренесување и усвојување почнува од најраната возраст, постепено и незабележително, почнувајќи од мали, ситни барања и забрани, па до барања во различни области на животот и однесувањето. Со посредување и внесување во периодот на детството и младоста, во одредена социјално-културна средина, со време се акумулираат и формираат одредени ставови, прво спрема родителите и семејството, а потоа спрема општествената заедница: соседите, роднините, врсниците, училиштето, општеството и неговите норми и мерила.

„Општа цел на семејството и семејното воспитание е да обезбеди услови за нормален физички, интелектуален, социјален и емоционален развој на децата и младите" [4]

Од општата цел на семејното воспитание произлегуваат и задачите, кои пред сé,се однесуваат на важните моменти на развој на детето: во областа на интелектуалното воспитание на општествено-моралното воспитание, потоа во воспитанието за хумани односи помеѓу половите и воспитание за одговорно родителство.

Задачите на семејното воспитание наметнуваат и одредени содржини. Од првиот ден на животот на детето, начинот, негата, хранењето, општиот режим, карактерот на односот на мајката спрема детето и сл. се значајни не само за нормално физичко напредување и емоционален развој на детето, туку и за формирање на први навики од кои во голема мера зависи неговиот понатамошен развој и однесување. Во семејството детето ги стекнува основните форми на однесување и ги усвојува значењата што им се придаваат на појавите и ставовите. Затоа, важно е да се обезбедат услови за задоволување на природните потреби на детето за движење, игра, развивање на сила, вештини, запазување, развивање на говор и мислење. Тоа подразбира дружење со детето во семејството, разговори со детето,

---

[3] Enciklopediski rečnik pedagogije, Matica Hrvatska, Zagreb, 1963, str. 26

[4] Pedagoška enciklopedija (red. Potkonjak-Šimleša), Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1989, str. 221

заеднички прошетки во природа, одење во музеи, театар и сл. За интелектуалното воспитување во семејството, придонесува општата клима на доверба во која децата може да поставуваат различни прашања за различни проблеми и појави. Притоа преку разговор со родителите, да ги изразат сопствените мисли, и расположенија. Значајна улога имаат: книгите, списанијата, радио и телевизиските емисии и други современи средства, кои што семејството ги има. Таквите услови ја засилуваат детската љубопитност, наметнуваат нови прашања и барање одговори на нив. Сето тоа заедно го поттикнува умниот развој на детето и пријателската комуникација помеѓу децата и родителите.

На воспитанието на детето, покрај родителите, делуваат и другите членови на семејството (браќа, сестри, баба, дедо и други роднини). Цел на семејното воспитание, покрај другото, мора да биде и обликувањето на позитивен однос спрема мајката, таткото, браќата и сестрите. Треба да се работи на развивање на семејна свест, зашто само така семејството може да биде воспитно. Тоа значи дека е нужно да се развие семејно заедништво, кое ги сочинува интегрираните сили на секоја индивидуа. „Секој во семејството внесува дел од себе и тоа најдобриот дел од себе. Својата совест и самосвест од кои се создава семејното јадро. Тоа е неотуѓива и трајна основа на која се изградува личноста на секој член од семејството и нивната заедничка личност."[5]

Во семејството и семејното воспитание значајно место има социјализацијата и општествено-моралното воспитание на детето.

Во оваа област значајни се следните механизми: идентификација или поистоветување со родителите и сублимација или преобликување на првобитниот нагонски порив.[6]

Иако човекот се социјализира во текот на целиот живот, оваа функција е особено значајна во детството и младоста, кои се најпресудни за формирањето на личноста на човекот. Методите и средствата на социјализација на детето во семејството имаат свои спецификации кои произлегуваат од взаемните односи на членовите на семејството, семејната атмосфера, организацијата и стилот на семејното живеење. Всушност, семејството во целина делува како

[5] Ivanković, B.,: "Uloga prodice u razvoju ličnosti deteta u modelu samoupravnog društva" Zbornik radova Pedagoške akademije, Rijeka 1978 str. 27

[6] Đorđević, B.,: „Savremena porodica i njena vaspitna uloga", Prosveta, Beograd 1985 str. 57

„некое спонтано училиште на социјалните и емоционалните односи на детето кон другите луѓе и кон општеството воопшто, бидејќи ја развива социјалната уметност во постапувањето со младите и старите луѓе во различни и променливи социјални околности".[7]

Значи, во семејството како природно училиште, детето учи да се потчини на родителскиот авторитет, да сака, да почитува, да се учи на еднаквост, рамноправност, солидарност, помагање. Преку родителските забрани се сретнува со општествената средина и се изградува како личност. Кога станува збор за социјализација и воспитување на детето во семејството, од огромно значење е улогата на родителите како први и најодговорни воспитувачи, како први посредници помеѓу детето и општеството. Родителите, а во првите години од животот првенствено мајката, се јавува како главен „социјален објект", односно оној кој воспитува и кој врши улога на општесвен посредник. За детето, учењето кое што е во основа на социјализацијата не е само процес на сознавање, туку и на емоционално доживување. Затоа, „емоционалните односи со членовите на семејството, чувството на љубов и симпатија, играат значајна улога во процесот на социјализацијата, бидејќи детето развива смисла за општествена комуникација при тие чувства".[8]

Во основа на процесот на социјализација лежи механизмот на идентификација со родителите. Поистоветувајќи се со своите родители, детето ги презема и усвојува нивните социјални црти, а со тоа го гради сопствениот идентитет. Идентификацијата на детето, особено во примарната социјализација е повеќе несвесен процес и затоа не се толку важни зборовите, колку секојдневното однесување на родителите, нивните постапки и нивната целокупна личност.

Во сегашно време социјализацијата се сфаќа пошироко од порано. Социјализацијата и созревањето на младите се сфаќаат како двонасочен процес: влијание на родителите и другите членови на семејството, на детето, но и влијание на детето на родителите. Додека процесот што се одвива кон детето има улога на посредување во стекнувањето на општествено-моралните и културни вредности на дадената средина и општеството, влијанието на детето на родителите

---

[7] Bergant, M.,: Teme iz pedagoške sociologije, Pedagoško književni zbor, Zagreb 1974, str. 78

[8] Golubović, Z.,: Porodica kao ljudska zajednica, Naprijed, Zagreb 1981, str. 254

придонесува за нивно облагодарување, созревање како родители. Затоа, денес се нагласува и взаемната идентификација. „Взаемната идентификација ги зближува децата и родителите, придонесува за нивно подобро разбирање, надминување на јазот помеѓу нив, со што се олеснува „посредувањето“ на родителите и возрасните, а со тоа и воспитувањето на младите“. [9]

Работното воспитување е важно за детскиот развој. Семејството има посебна одговорност работните навики рано да ги „всади“ кај децата, да ја засакаат работата и нормално да ги примаат своите секојдневни обрвски и должности. Б. Поточњак предупредува дека децата, кои што во семејството нема да стекнат работни навики и кои што од семејството не понесуваат карактерни особини, ќе осцилираат низ целиот живот и на првите потешки препреки ќе паднат и ќе се изгубат.[10]

Родителите прво го учат детето да се облекува само, потоа да се храни само, да ги подредува своите играчки, постела, својот училишен прибор и книгите. Потоа, спрема возраста да ги прифаќа обврските во домот и домашните работи (да брише прашина, да го средува станот, да купува некои работи и сл.). Учеството на децата во домашните работи има сознајно и воспитно значење. Тоа делува не само на стекнување знаење, вештина, точност и координација на движење, туку и на развој на мислење, внимание и запазување. Придонесувајќи за создавање на убаво и пријатно во својот дом, детето доживува чувство на убаво, чувство на задоволство поради учеството во потполниот семеен живот и соработка со родителите, браќата и сестрите. Учеството во домашните работи, исто така, бара организираност, упорност, трпение и др. што придонесува за пошироко воспитание на личноста на детето и воспитување на рамноправност помеѓу половите. Тоа претставува еден од важните предуслови за воспоставување на хумани односи помеѓу половите. Значајно е семејството да му пружи можност на детето да ги изрази сопствените чувства и мисли во самостојно творештво: цртање, музика, игра и други видови на творештво.

---

[9] Đorđević, B.,: Savremena porodica i njena vaspitni uloga Beograd, Prosveta, Beograd 1985, str. 58

[10] Potočnjak, B.,: Porodični odgoj i obrazovanje roditelja Zagreb 1980 Savez društva „Naša djeca" Zagreb 1980, str. 24

Воспитувањето во семејството подразбира и специфични методи на дејствување. Пред сè, тоа е личниот пример на родителите, нивниот взаемен однос спрема децата, како и вкупната атмосфера, која што владее во семејството. Тука пред сè, се имаат предвид развојните потреби на детето, а потоа почитување на личноста на детето и на родителот. Во семејното воспитание имаат предност методите на покажување, поучување, разговор, објаснување, убедување, расправање и сл. а со помладите деца игра, која што е цел и метод на воспитување. Воспитувањето во семејството бара трпение и добро да се познава детето. Постапките да се смислени, одмерени и со доследни барања. Такво однесување се очекува и од таткото и од мајката.

„На подрачјето на воспитанието вреди старото спознание дека на некого можеш да му го дадеш само она што самиот го имаш. Можеш другите да ги воспитуваш само ако самиот си воспитан т.е. ако во себе си го остварил она што би сакал да го оствариш во своето дете. Само во тој случај родителот ќе има авторитет, без кој што не е можно да се воспитува"[(11)]

Не постои само еден пат за добро и успешно семејно воспитание. Неопходни се различни облици, кои треба да се почитуваат. Добар родител може да се биде на разни начини. Семејното воспитание претставува континуиран процес, кој што поминува низ различни етапи во различни семејства.

Денес не постои единствена форма на семејство, ниту во економска, ниту во културна смисла. Ниту во смисла на вид, начин и квалитет на воспитание, кое што тоа им го дава на своите најмлади членови. Изменетите економски и социјални услови на живеење внесоа големи промени во животот на семејството и неговото воспитно дејствување.

„За разлика од другите општествени групи, кои мора да ги преземат сите потреби мерки кога не функционираат, за да ги отстранат причините што го оневозможуваат нивното функционирање, вклучувајќи ја и реорганизацијата на групата, семејството често се помирува со настанатата ситуација, која што го нарушува неговиот живот, како со „судбина". Така голем број на семејствата не вложуваат доволно напори, за да ги отстранат условите и причините, кои довеле до нехармонични односи, а кои со време може да се претворат во сериозни семејни нарушувања.[(12)]

---

[(11)] Šilih, G.,: Odgoj djece u našoj porodici, PKZ, Zagreb 1953, str. 71

[(12)] Golubović, Z.,: Porodica kako ljudska zajednica Zagreb ITRO Naprijet, str. 211)

Како резултат на ваквата појава многу често партнерите излезот од неразрешените семејни проблеми го бараат во разводот на бракот.

Така денес, сè повеќе се среќаваме со непотполни семејства настанати со развод на брак, каде што (во најголемиот број случаи) децата продолжуваат да живеат со мајката.

Недостатокот на еден родител може да претставува пречка за нормално и успешно функционирање на семејството.

„Непотполно семејство не е само структурно ускратено туку и од гледиште на основните функции, кои треба да ги врши непотполно, поради следните причини: Прво, за формирање на личноста на детето се потребни два родитела, бидејќи т.н. „его-идеал" се изградува врз основа на моделот на личноста на двата родитела и нивните взаемни односи (проблемот уште повеќе се комплицира кога во непотполното семејство има деца од два пола, зашто тука недостасува барем еден модел од соодветен пол или кога непотполното семејство го сочинува мајка-син, односно татко-ќерка). Второ, за усогласен емоционален развој на децата и родителите и за воспоставување на емоционална стабилност на членовите на семејството, потребно е семејството да се состои од два пара на врски, кои ги чинат маж-жена и родители-деца".[13]

Овој недостаток по мислење на Бергант „може значајно да се ублажи ако непотполното семејство не живее премногу само за себе, туку негува пријателски и роднински врски, ги вклучува децата во различни други општествени заедници, во кои тие ќе имаат можност за различни општествени допири".[14]

Воспитувањето на детето е многу сложена, одговорна и деликатна активност. Во непотполно семејство, во принцип, тоа е уште поделикатно. Таа деликатност произлегува од фактот дека родителот, кој што зад себе има неуспешен брак мора да му помогне, овозможи и дозволи на детето, во физички, психолошки и социјален поглед да порасне во самостојна зрела и интегрирана личност.

При ситуација на непотполно семејство се поставува суштинск прашањ : Дали мајката по разводот е во состојба добро да го воспитува

[13] (isto str. 163)

[14] Bertrant, M.,: Teme iz pedagoške sociologije, Pedagoško književni zbor, Zagreb 1974, str. 95

детето и да му оствари услови кои тоа ќе се чувствува згрижено и сакано? Дали мајката сама ги обавува родителските обврски или пак соработува со таткото? Дали детето манифестира воспитни проблеми и невротични пречки? Дали мајката работно го ангажира детето, какво е слободното време на детето и сл.

Воспитанието во непотполно семејство сè повеќе станува предмет на интерес и истражување на бројни научни дисциплини (семејна педагогија, социологија на семејството, развојна психологија, детска и младинска психологија) и бројни автори. Истражувачките резултати овозможуваат расветлување на одделни аспекти на семејното живеење, активирање на семејните проблеми, нивно анализирање и изнаоѓање на патишта на нивно решавање, со што се придонесува за унапредување на животот во непотпоно семејство.

Настојувајќи да дадеме скромен придонес во проучувањето на воспитанието на децата во непотполни семејни средини се определивме за истражување на дел од педагошкиот аспект на непотполното семејство настанато со развод на бракот на родителите, каде што децата продолжуваат да живеат со мајката.

Во поширока смисла, сознавањето на некои аспекти од воспитанието на децата во ваквите семејства е неопходно во научното дијагностицирање. Во праксата (советувалиштата, центрите за социјална работа, училиштата ), запознавањето на воспитните особености во непотполното семејство претходи на работата со децата и родителите со нарушени облици на однесување и е неопходно за проширување на педагошката култура и свест.

Поблиското запознавање на воспитните и другите односи на мајката и децата по разводот, може да им овозможи на различни стручњаци (педагози, психолози, соц. работници и др.) кои се занимаваат со прашањето на семејството, да им помогнат на мајките по разводот при воспитувањето, социјализацијата и развивањето на позитивни емотивни врски помеѓу членовите на семејството.

## 1.1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОСНОВНИ И ДРУГИ ПОИМИ

Во најопштата смисла смејството се дефинира како историски променлива општествена форма во чии што рамки се одвива процесот на репродукција на општествените единки.[(15)]

Под семејство во поширока смисла се подразбира севкупност на социјални, економски и лични односи, настанати помеѓу личности поврзани со сродство (родител-дете). Под семејство во потесна смисла се подразбираат односи и состав настанат како израз на биосоцијално поврзување на единки во процесот на природна репродукција (крвно сродна врска)*.

Сродничката организација на семејството во текот на општествено-економското преобразување се менува, така што семејната единица како примарна група се повеќе се стеснува исклучувајќи ги од своите редови останатите генерации (предци, потомци и други сродници). Во современото општество промените во составот (структурата) на семејство се одразуваат во тенденцијата на основање на помали семејства. „Нуклеарно" или „конјугалното" семејство се состои само од јадро, кое е биолошки неопходно за репродукција на потомството, т.е. од родителите и нивните непосредни потомци. Процесот на стекнување на сродничката организација не застанува на ова. Во современото општество вака стеснета и намалена семејна група и понатаму се распаѓа и како резултат на тоа се повеќе се срекаваме со домаќинство на самец, семејство со еден родител, брачен пар без деца. [(16)]

---

(15) Milić, A., Berković, E., Petrović, R.,: Domaćinstvo, porodica i brak u Jugoslaviji, Društveno-kulturni, ekonomski i demografski aspekti promene porodične organizacije, Institut za sociološka istraživanja Filozofskog fakulteta, Beograd 1981

* Pod semejstvo vo potesna smisla se podrazbiraat isto taka i odnosi i sostav nastanat kako izraz na psihosocijalnoto povrzuvanje na sopruzite so posvoeno dete (deca)

(16) Da se vidi za promeni vo sostavot i funkciite na sovremenoto semejstvo vo trudovite: Ekermen, N.V.,: Psihodinamika porodičnog života, Psiha, Titograd 1966, Erlih, V.,: Porodica u transformacii, Liber Zagreb 1971, Golubović, Z.,: Porodica kao ljudska zajednica, ITRO Naprijed, Zagreb 1981, Milić, A.,: "Vaspitna funkcija porodice i odlazak roditelja na rad u inostranstvo", Sociologija sela, 7/1973 str. 40; Milić, A.,: Radanje moderne porodice, Sociološka hrestomatija, Zavod za udžebnike i nastavna sredstva Beograd, 1987; Mladenović, M. Osnovi sociologije porodice, peto izdanje, Sovremena administracija, Beograd 1987, Piorkowska-Petrović. K.,: "Saradnja porodice i škole u seoskoj sredini", Zbornik 17 Instituta za pedagoška istraživanja, Prosveta, Beograd 1984.

Следењето на промените, кои што семејството ги доживува во современото општество, бара посебно познавање на неговиот организациски состав. Составот на семејството е значаен чинител за проценување на семејството како воспитна средина. Бројот на психолошки интеракции, формирањето на ставови, задоволувањето на биолошките и психолошките потреби на членовите на семејствата во голема мера зависат од неговиот состав.

Одредници на составот на семејството се: број на генерации во семејството (пошироко или потесно семејство), број на возрасни членови и деца, возраст и пол на децата и на крај присуство или недостаток на едниот или двата родитела.

Предмет на понатамошно разгледување ќе бидат најзначајните поделби на семејствата во научната теорија. Основно и едноставно мерило на поделба на семејствата во педагошката, социолошката и правната литература е целосност на неговиот состав или со други зборови во која мера семејството е „општествена целина". Поврзано со тоа, самостојното подигање на детето од страна само на еден родител е важна причина за вбројување на семејството во група со непотполн состав. Таквото сфаќање на непотполното семејство преовладува во повеќе трудови за семејството. Со изразот непотполно семејство како синоним се употребуваат изразите: родител самец (lone parent), родител без брачен другар (parent without partner), еден родител (one parent) итн.

Составот на семејството и причината за непотполност на семејството, како мерило на современото семејство сигурно се научно оправдани начини на поделба, но не се единствени. Покрај нив, во емпириските истражувања се користат и други селективни критериуми, на пример: емотивните врски во семејството и општествените врски. Често наброените мерила се појавуваат во комбинации. И покрај фактот што таквите поделби поретко се прикажуваат и се со потесна примена, сепак заслужуваат повнимателно проучување.

Кога се зборува за поделба на семејствата на потполни и непотполни спрема постојните врски на членовите на семејството се разликуваат два вида на врски: општествени [(17)] и емотивни [(18)].

---

(17) (na pr. Kowalski ,S.,: Socjologia wychowania w zarysie, PWN Warszawa, 1976,

(18) (na pr. Chmielnicki, N.,: Badania rodziny jako srodowiska wychowawoczego, Problemy Rodziny, 1969,5)

Неоспорно е дека во потполноста на семејството доаѓаат до израз три вида на емотивни врски: помеѓу брачни другари, помеѓу родителите и децата и помеѓу самите деца. Таму каде што недостасува некоја од овие врски, спрема наведените автори семејството треба да се смета за непотполно. Од тоа произлегува дека како непотполно семејство можеме да го прифатиме не само тоа во кое недостасува еден родител, туку и тоа семејство во кое мајката и таткото се присутни, но се губи емотивната врска помеѓу нив и децата.

Врз основа на разликувањето на општествените врски на семејствата во педагошката и социлошката литература кај полските автори се издвојуваат повеќе вида на семејства. Тоа се:

"1. Нормални семејства, врзани со природна билошка врска помеѓу родителите и децата, и со пожелна воспитна атмосфера.

2. Разорени семејства, како последица на постојано отсуство на еден од родителите поради следните причини: смрт, одвојување без развод, развод и бегство со своевидни економски воспитни и други тешкотии;

3. Обновени семејства, по нарушениот брак се склучува нов брак

4. Аморални семејства, кои се во расчекор со правните норми или норми на заеднички општествен живот

5. Дезорганизирани семејства, со бројни взаемни конфликти на членовите, со што се попречува дејствувањето на семејството како воспитна средина;

6. Старателски семејства, засновани врз начелото на заедничко живеење на возрасните со децата, без взаемна биолошка врска, а со исполнување на воспитната улога во однос на децата."[19]

Последната поделба е пример на комбинирана поделба на сите семејства, почнувајќи од нивната структура (нормални - ненормални), од причината за нарушениот состав, до нови форми на семејствата настанати како последица на нарушениот состав и нарушените односи во семејството - сето тоа со почитување на постојните општествени врски.

Поаѓајќи од фактот дека во современото општество, семејството со еден родител е постојана форма на семејство, во најновата социолошка и психолошка литература од американско подрачје, се

---

[19] Kowalski, S.,: Socjologia wychowania w zarysie, PWN Warszawa, 1976, str. 141-142

почесто се поставува прашањето: Дали составот на семејството (потполност-непотполност без оглед на причината за нарушувањето на составот) е доволен критериум за разликување на семејствата? Оваа традиционално структурна класификација, која што семејствата ги разликува врз основа на присуство или отсуство на едниот родител веќе не се смета за задоволителна. Многу автори предлагаат да се земе предвид и психолошкото присуство и вложување на сите членови од семејството (психолошка димензија) и нивното заемно дејствување (интерактивна демензија)*

Психолошката димензија вклучува почитување на секој член од семејството, приврзаност и идентификација помеѓу членовите; интерактивната димензија од организацијата на семејството се однесува на процесите на комуникација и контактите кои се одвиваат помеѓу членовите. Таа се менува од надвор и од внатре во семејството, во однос на неговите очекувани граници, зачестеност на контакти, нивна предвидливост и квалитет.

Аргументите за ваков пристап произлегуваат од фактот што се почесто, семејствата се обележани како семејства со еден родител, а во суштината ги карактеризира учество на двата родитела. Исто така, во практиката се случува во некои потполни смејства, само еден родител да има учество во секојдневниот живот. Со тоа се наметнува правилото дека при проучувањето на соврменото семејство во однос на поширокото општествено збиднување, ограничувањето само на одредувањето на организацискиот состав на семејството може да биде доволно и оправдано, но ако ја проучуваме психолошката внатрешност на семејството, тогаш е потребно да се разгледа и психолошката и интерактивната димензија на семејството.

Ако се опфатат споменатите две димензии, тогаш фактот дека во некои смејства физички недостасува еден родител, не е доволен за да се исклучат таквите семејства од групата на семејства кои што нормално ги исполнуваат сите свои функции. Пред сé, би можело да се рече дека критериум за поделба на семејствата со еден родител и дете (деца) во група на семејства воопшто е: заедничкиот идентитет на членовите на семејствата, нивните правила за решавање на конфликтите, задоволувањето на сите основни потреби на членовите на

---

(*) Gongla, P.A., Thompson E.H.,: Single-parent families, u knjizi: Handbook of marriage and the family, (ed.) M.B. Sussman, S.K. Steinmetz, Plenum Press, New York-London 1987 str. 400

семејствата, емоционалните врски, постојаност на взаемна комуникација, постојаност на односи и тн.. Таквото комплексно одредување на семејството води кон тоа дека не смее а priori да се исклучува семејниот систем со еден родител од групата на здрави, нормални современи семејства, зошто и во таквите семејства животот може да тече на пожелен начин. Семејствата со еден родител во денешно време се нормална појава (често избор на животен стил на многумина) и тие веројатно, взаемно се разликуваат исто онолку, колку и семејствата со два родитела.

Ако се набљудува пошироко организацискиот состав на современото семејство, спрема најновите научни погледи, неопходно е да се разгледа дали секој родител во психолошка смисла е присутен и поврзан со останатите членови на семејството. Согласно со тоа, група на американски социолози и психолози теориски разработила осум типа на современи семејства.

**Шема 1** Типологија на семејствата со еден или два родитела (спрема Gongla P.A., Thompson E.H. исто стр. 401)

| Структура на семејствата | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| два родитела | | | еден родител | | |
| интеракција | | | интеракција | | |
| | присатна | отсатна | | присатна | отсатна |
| психолошки вложувања | | | психолошки вложувања | | |
| присатни | A | B | присатни | E | F |
| отсатни | C | D | отсатни | G | H |

**Типот А**: претставува традиционално „неопрецо " семејство со два венчани родители, кои живеат во исто домаќинство, постојано взаемно дејствувајќи (тесна интеракција) и психолошки се подеднакво вклучени во севкупниот живот на семејството. Поширокото општество го набљудува таквото семејство како идеално и го користи како „норматив" за проценување на сите останати семејства.

**Типот В** е семејство, каде што едниот родител е многу малку или сосема спречен да учествува во животот на семејството, но секако присутен е психолошки. Ваквите семејства постојат таму каде што еден родител е на подолго болничко лекување, издржува казна во затвор или е на подолго службено патување.

**Типот С** е семејство, во кое присуството на еден родител е крајно формално, взаемното дејство се продолжува, но еден од родителите ја троши својата психолошка енергија и психолошко вложување на друга страна (на пр. на работа, на вонбрачна врска и сл.)

Пример за **типот D** е семејството во кое еден од родителите има сериозни ментални пречки (на пр. тешка депресија, шизофренија) и не учествува воопшто во емотивниот живот на семејството (недостасува психолошката димензија); или пак тоа се материјално добро обезбедени семејства, кои се одржуваат поради економски причини, зашто добрите економски услови дозволуваат продолжување на заедничкиот живот без подлабоки интеракции со останатите членови на семејството.

Врз основа на изнесеното може да се рече дека семејствата со два родитела, кои што социјално се означени како потполни семејства може да се разликуваат во смисла на обемот и видот на интеракции помеѓу членовите на семејствата. Слични разлики постојат и меѓу семејствата со еден родител.

Најочигледен пример од **типот Е** се семејствата каде што по разводот детето е доверено на чување и воспитување и на едниот и на другиот родител. Нивото на психолошко вложување на родителите е многу високо, со взаемно одржување на квалитетни односи меѓу родителите, кои зрело ја сваќаат својата одговорност за подигање и воспитување на детето.

**Типот F** е ситуација кога еден родител ја прекинува интеракцијата со членови на семејството, но останува психолошки врзан за нив. Родителот и понатаму го смета семејството за значајно и го прилагодува своето однесување спрема она што смета дека се очекува од него или од неа. Во овој тип спаѓаат исто така и непотполните

семејства поради смрт на еден родител. Сеќавањата на починатиот родител (сопруг) го евоцираат останатите членови на семејството и своето однесување, мисли и емоции ги прилагодуваат спрема починатиот родител. Родителот што исчезнал од семејството иако е физички отсутен, „присутен" е во психолошка смисла.

Примери на семејства од **типот G** потешко се хипотетизираат, за разлика од другите типови на семејства. Тоа се случаи, каде што еден од родителите по разводот ја прекинува психолошката врска со останатите членови на семејствата, со исклучок на чувствата на должност. Тој одржува со нив неколку взаемни интеракции, како што се: телефонски повици во специјални пригоди, редовен писмен контакт во вид на чекови за издржување и сл.

**Типот H** е копија од типот A, односно се разликува од него по тоа што се семејства со еден родител, какви што се опишани во литературата и признати во општеството. Само еден родител живее со детето (децата) и самиот ја презема севкупната одговорност. Отсутниот родител скоро воопшто не стапува во взаемно дејствување со останатите членови на семејството и многу малку или воопшто психолошки не вложува во семејството.

Значи, при набљудувањето на секој тип од современото семејство не е доволно да се земе предвид само неговата организациска структура. Потребно е да се внимава на фактот; како и колку секој од родителите инвестира во своето семејство (взаемни интеракции и психолошко вложување). Само фактот дека таткото (или мајката) физички е видлив во семејството веќе не смее да биде единствена основа за заклучок дека тој (или таа) и психолошки е присутен во семејството. Притоа, не смее да се изгуби од вид и фактот, како останатите членови на семејството ги примаат и одговараат на психолошките вложувања од едниот родител. [20]

Во стручната литература посветена на прашањата на семејствата со нарушен состав и нарушени односи се наидува на уште две важни одредници, поврзани со поимот непотполни и потполни семејства, а тоа се: дезорганизирани или дезинтегрирано семејство. И во овој случај постојат извесни разидувања околу употребата на овие поими. Пред сé, воочливо е дека поимите дозорганизација и дезинтег-

---

[20] Gongla, P.A., Thomson, E.H., isto str. 402-403

рација кај едни автори се дополнуваат, а пак кај други се користат истовремено и неизменично. Во светот има обиди да се разгледува нивната содржина и меѓусебни разлики.[21]

Спрема лексичките дефиниции за „дезорганизација" на семејството на пр.: станува збор при нарушување на неговата структурна целина, а „дезинтеграција" на семејството е во состојба во која еден или повеќе членови од семејството не ги исполнуваат наменетите улоги. [22]

Една група на стручњаци[23], занимавајќи се со прашањата на семејството, поимот дезорганизација го поврзува исклучиво со составот на семејството и најчесто се служи со одредница-структурна дезорганизација на семејството. Од оваа точка на гледање непотполното семејство[22] претставува вид на организација во која недостасува еден или два родители, а обично и нивни замени или тие замени се несоодветни. Недостатокот на родители е предизвикан со природни (смрт, болест и сл.) или општествени причини (вонбрачни или напуштени деца).

Другата група на автори [24] зборуваат за прашањата на дезорганизација на семејството од многу пошироко гледиште, земајќи ја предвид не само дезорганизацијата (развод, напуштање на семејството и отсуство од куќата), туку и чинителите кои ја предизвикуваат нарушеноста на семејството.

Значи ќе разликуваме стабилно и интегрирано семејство од дезорганизирано и дезинтегрирано. Тоа значи дека самото нарушување на составот на семејството при отсуство на некој член (најчесто еден родител) т.е. т.н. непотполно семејство, не може да биде доволен показател за дезинтеграција на семејството. „За дезинтеграција на

---

[21] Da se vidat trudovite na: Kirkpatrick, C.,: The family as a process and institution Ronald Press, New York 1963, str. 566; Goode, W.J.,: The family.Prentice Hall, New Jersey 1964, str. 91-92)

[22] Da se vidi dezintegracija (fr. desintegracion) uništuvanje na vrski, narušuvanje na nekoja celina, dezorganizacija (fr. desorganisation) narušuvanje ili uništuvanje na živa organska vrska medu sostavnite delovi vo Vujaklija M., Leksikon stranih reči i izraza, Prosveta Beograd 1954, str. 199-200)

[23] Obretković, M.,: Roditeljsko pravo i socijalna zaštita, Viša škola za socijalne radnike, Beograd 1980, str. 34,; Jakovlević, V.,: Neuramnotežena porodica, Beograd 1961)

[24] Jarosz, M.,: Problemy dezorganizacji rodziny, PWN Warszawa 1979; Goode, W.J.,: Family desorganisation vo knigata Contemparary Social Problems, (ed) R.K.Merton, RA Nisbet, 3 ed, (etc) Harcourt Brace Ivanovich, New York 1971; Mladenović, M.,: Osnovi sociologije porodice, peto izdanje, Savremena administracija, Beograd 1987,

семејството може да се зборува во оние случаи кога непотполниот состав на семејството го отежнува или оневозможува, исполнувањето на важните задачи на семејството во однос на своите членови"[25] како што се обезбедување на физички опстанок и изградување на личности како општествени единки.

Сакаме да нагласиме дека не е правилна поделбата на семејствата, по која без претходно испитување непотполните семејства се вбројуваат во дезинтегрирани семејства, а потполните семејства во интегрирани. „Треба да се разликува срушен брак од нарушено семејство. Имено,разводот или одвојувањето без развод е доволен показател дека бракот како институција е срушен. Меѓутоа тоа не мора да предизвика дезинтеграција на семејството како нужна последица".[26]

Во функција на темата која е предмет на нашето истражување, ќе се обидеме да ги определиме поимите што ќе ги употребуваме. Ќе го согледаме нарушениот состав на семејството преку причините за нарушени семејни односи. Така се разликуваат:

1.вдовичко семејство;

2. разведен брак со дете (деца);

3. мигрантско семејство;

4. фактички напуштено семејство;

5. вонбрачен самохран родител со дете[27]

1. ВДОВИЧКО СЕМЕЈСТВО

Смртта на едниот родител е една од причините за настанување на напотполното семејство.

„Меѓу сите овие типови на непотполни семејства во општествен и психолошки поглед, семејствата во кои умира еден од родителите имаат најјасна и недвосмислена положба. Ваквите семејства јавното мнение ги сожалува и почитува, додека пак некои други облици на непотполни семејства луѓето ги осудуваат или пак се борат против нив. Исто така семејната положба и ликот на родителот што починал во семејството е сосема јасен и морално неоштетен. Тој родител обично

---

[25] Golubović, Z.,: Porodica kao ljudska zajednica, IRO Naprijed, Zagreb, 1981 str. 213,

[26] isto str. 222)

[27] (Mladenović, M.,: Osnovi sociologije porodice, Savremena administracija, Beograd 1987 str. 294)

останува убав спомен во семејството. Неговите погледи и неговата личност може и понатаму воспитно да дејствуваат на децата преку спомените на присутниот родител и другите роднини кои на децата им раскажуваат за сфаќањата и желбите на починатиот. Овие моменти во семејството на починатиот внесуваат психолошка стабилност при градењето на новиот начин на семеен живот. Несомнено дека смртта на родителот го погодува семејството и материјално и лично. Ги погодува децата, а особено другиот родител во неговиот личен живот. Од личноста на родителот, неговата способност, животна енергија и воспитна упорност, зависи судбината на децата, иако врз нив влијаат и другите околности". [28]

Иако ова семејство е непотполно, сепак има подобри психолошки претпоставки за воспитување на децата, во однос на другите напотполни семејства. Бидејќи, децата извесно време живееле со починатиот родител и создале емотивна врска со него. Кај детето по смртта на родителот се јавува тежнеење да се биде во духовна врска со него.

## 2. РАЗВЕДЕН БРАК СО ДЕТЕ

Разводот како постојана појава во современото општество подразбира престанок на бракот и деца и без деца. Според Законот за брак и семејство, бракот може да се разведе во следните случаи:

- по барање на еден брачен другар, ако брачните односи се нарушени до таа мера што заедничкиот живот станал неподнослив;

- со взаемна согласност на брачните другари;

- брачниот другар може да побара развод за брак, ако брачната заедница престанала фактички да постои подолго од една година.[29]

Кога станува збор за положбата на детето треба да се разликуваат четири ситуации:

а) „родителите по разводот одржуваат коректни односи поради детето, со взаемно почитување";

б) односите помеѓу родителите се лоши и се изразуваат во отворен конфликт и непријателство;

---

[28] (Bergant, M.,: Teme iz pedagoške sociologije, Pedagoško književni zbor, Zagreb, 1974, str. 100

[29] Zakon za semejstvo, Služben vesnik na R.M. Skopje br.13/92 čl. 39,40,41)

в) односите помеѓу родителите не се ни добри, ни лоши. Родителите не соработуваат заедно, но не се ни во отворен конфликт.

г) родителите се борат за детето и за неговата наклонетост. Двајцата го опсипуваат со претерано внимание, сакајќи што повеќе да го приврзат кон себе.[30]

3. ЕМИГРАНТСКО СЕМЕЈСТВО

Емигрантско непотполно семејство е нов тип на семејство, кое што се појавило во нашата најнова историја. Неговата специфичност се состои во тоа што може да се стави во различни предметни одредници. Тоа е непотполен тип на семејство, зошто структурата му е нарушена. Се наоѓа под силен притисок на сите чинители, кои ја следат економската и тоа странската емиграција.

О. Буриќ го истакнува овој тип на непотполно семејство и го дефинира на следниот начин: „емигрантско-непотполно семејство е она чиишто хранители (едниот или двата) се наоѓаат на привремена работа во странство, додека нивните деца останале во матичното домаќинство во земјата". [31]

4. ФАКТИЧКИ НАПУШТЕНО СЕМЕЈСТВО

При фактичкото напуштање на семејството еден од родителите го напушта брачниот другар и децата т.е. брачната и семејната заедница, со еднострано одење од заедницата, без поднесување барање за развод [32]

Непотполно семејство имаме кога брачните другари формално живеат среден брачен живот, а таткото или мајката живеат во друго живеалиште или во друг крај. Ваков облик на непотполно семејство имаме кога брачните другари сеуште не се одлучиле да се разведат. Брачните другари, кои што не се разбирале се оделиле еден од друг, па така вистински остравиле разделба „од маса и од постела".

---

[30] Mladenović M., Osnovi sociologije porodice, Savremena administracija, Beograd, 1987 str. 294

[31] Burić O. Novi tip nepotpune porodice, Sociologija, Beograd br. 2/1973 str. 247

[32] Mladenović M., Osnovi sociologije porodice Beograd 1987, Savremena administracija, str. 294

5. ВОНБРАЧЕН САМОХРАН РОДИТЕЛ

Вонбрачното семејство е заедница што ја сочинуваат вонбрачните родители и нивните деца. Обично тоа се состои од самохрана вонбрачна мајка и дете.

Вонбрачното дете во непотполно семејство ја има судбината на несакано дете. Сепак сите вонбрачни деца немаат потполно иста судбина по раѓањето. Некои вонбрачни деца,без да им е утврдено татковството,живеат со мајката во непотполно семејство. Други вонбрачни деца имаат утврдено татковство или со признание на таткото или со судска пресуда кога таткото не сакал доброволно да признае. Овие два начина на утврдување на вонбрачно татковство предизвикуваат различни социјални, правни и воспитни последици.

Недостатокот на едниот родител, во овој случај таткото, претставува сериозна пречка за нормално и успешно функционирање на семејниот систем и предизвикува многу проблеми од економска, правна, психичка, воспитна и друга природа.

Денес правната положба на вонбрачните деца е изедначена со правната положба на брачните деца. Меѓутоа се поставува прашање дали со ова се изедначува материјалната и воспитната можност на овие деца.

„Неповолно влијание на емотивниот развој кај вонбрачните деца врши сознанието дека нивните татковци ги отфрлиле. Повеќето вонбрачни татковци се срамат од своето татковство. Многу од нив не чувствуваат ниту морална обврска, ниту љубов спрема своето дете. Многу мал е бројот на вонбрачните татковци кои навистина се грижат за своите деца и одржуваат лични односи со нив. Вонбрачното дете кога ќе стане свесно дека другите деца имаат грижливи татковци, а пак неговиот татко не се грижи за него, ниту пак го сака, неговите чувства стануваат чемерни. Подсвесно чувствува дека животот му го одзел правото на таткова љубов и заштита, што му е потребна и која што ја запазува кај другите деца. Често таа желба за љубов се претвора во фанатична омраза спрема таткото, зошто тој не се грижи за него. Детето од таткото тоа го очекува, посакува и му е најпотребно".[33]

[33] Bergrant, M.,: Teme i pedagoške sociologija, Pedagoško književni zbor, Zagreb 1974 str. 107

Денес кога жените се изборија за рамноправност се јавува нов тип на вонбрачни мајки. Тоа се жени кои не сакаат да се омажат, но не сакаат да се одречат од мајчинството и сакаат да имаат дете. Обично тоа се зрели, самостојни и материјално добро обезбедени жени, кои можат на детето да му ја пружат потребната љубов, нега и културна средина. Меѓутоа, се поставува прашање дали е добро за детето намерно да се одвои од таткото.

Предложената поделба (на пет подгрупи) сигурно ја опфаќа целата популација на самохрани мајки, кои сочинуваат посебна форма на непотполно семејство. Иако постојат извесни правно-статусни разлики, внатре во прикажаните групи, сепак има повеќе заеднички одлики во таквата популација. Тоа пред сé, се однесува на нивната социјално-економска положба и можности за успешно воспитување и образование на сопствените деца.

Без да навлегуваме подлабоко во проучувањето на сите видови на непотполни семејства, ние ќе се задржиме само на непотполно семејство од еден родител и дете (деца), односно мајка и дете (деца), каде што родителите не живеат заедно, а причина за тоа е нивниот развод.

Се определивме за непотполно семејство од мајка и дете (деца) бидејќи во најголем број на случаи по разводот на родителите децата продолжуваат да живеат кај мајката.

## 1.2 НЕКОИ ИСТРАЖУВАЊА ЗА ОДНОСИТЕ МАЈКА-ДЕТЕ ВО НЕПОТПОЛНО СЕМЕЈСТВО НАСТАНАТО СО РАЗВОД

Во светот и кај нас се вршени истражувања за воспитната улога на семејството во услови на живот со еден родител. Во согласност со темата што е предмет на нашето истражување, ние ќе се задржиме на оние истражувања кои ги разгледуваат односите помеѓу мајката и децата во непотполното семејство настанато со развод на брак.

За развојот на моделите на односите мајка-деца најголем придонес дале соработниците од американската Психолошка лабораторија на националниот институт за ментално здравје ES. Schaefer и C. Lenterbach.

Истражувањата се започнати во 50-те години во споменатиот институт и продолжуваат и во денешно време. Во почетокот се анализирани само односите на мајките спрема децата. Со примена на разни методи (проценување, интервјуирање, набљудување, анкетирање и др.) постојните формули на односот мајка - дете се истражувани и дополнувани[34]

Благодарејќи на тоа изграден е хипотетички кружен модел (hypothetical circular) (види шема 1) вид на односи на мајките спрема децата (со две, три или повеќе димензии). Поединечните димензии во постојниот модел се поредени во кружен, а не во хиерархиски ред така што соседните односи се најслични еден на друг.

Шема I Хипотетички кружен модел на односи на мајките




[34] Schafer, E.S.,: A circumplex model from maternal behavior, Journal of Abnormal and Social Psychology 1959; 2 i Schaefer E.S.,: Childrens' reports of parental behavior: an inventory, Child Development, 1965, 35)

Првите модели на односи настанале врз основа на податоците собрани со набљудување на однесувањето на мајките спрема децата (со помош на скалата PARI/*, а подоцнежните врз основа на ретроспективните извештаи на децата за однесувањето на татковците (со помош на скалата CR-PBI*.)

Основното начело за изработка, односно за усовршување на споменатите модели е групирањето по сличност на поединечните односи помеѓу два пола: „автономија-контрола" и „љубов-непријателство". За половите автономија контрола типични се односите слобода и посесивност, а за половите љубов - непријателство - односите прифаќање и отфрлање.

На работ на кругот помеѓу половите „автономија" и „љубов" се наоѓаат следните односи: слобода, почитување на правата на детето, соработка и прифаќање. Помеѓу половите „љубов" и „контрола" се односите: прифаќање, претерано попуштање, попуштање со заштита, претерана заштита и посесивност. Помеѓу половите „контрола" и „непријателство" се односите: посесивност, авторитативно диктаторство, спротивставување и отфрлање. Помеѓу „непријателство" и „автономија" сместени се односите отфрлање, запоставување, незаинтересираност, непостојаност на односот и потполна слобода. Оваа поделба содржи 14 односи, поставени во седум спротивности.

Шеферовата поделба е една од најопфатните и во светот има бројни приврзаници. На оваа поделба се потпираат Макарович и Зиемска со своите описи на видовите на однесување на мајките спрема децата[35]

Иако двата модела се изградени по углед на Шеферовата поделба, сепак секој модел внесува нови димензии и користи поинаква терминологија.

Верзија на поделбата на Макарович, наместо димензијата љубов-непријателство, воведува наградување (поттикнувачки мерки) и казнување (репресивни мерки). Како одраз на пожелен и непожелен однос

---

* Parental Atitude Research Instrument

* CR - PBI - Children's Reports of Parental Behavior Inventory

[35] Makarovič, J.,: L'education maternelee d'anjourd'hui , vo knigata: Etre parent aujourd'hui, (red.) Berge A, E Privat Toulouse 1977; Ziemska, M.,: Postawy rodzicielskie Wiedza Powszechna, Warszawa 1973; Ziemska, M.,: Postawy rodzicielskie i ich wpływ na osobowość dziecka, u knjizi: Rodzina i dziecko, (red.) M. Ziemska, PWN Warszawa 1979,

спрема детето. Наместо димензијата контрола-автономија се појавува превласт на мајката и превласт на детето, како одраз на взаемните односи на мајката и детето. Пресекот на овие две димензии сочинува четири вида на односи мајка-дете (види шема II).

Шема II Видови на односи на мајките (Макарович 1977)




Претставената поделба е интересен обид за прикажување на видот на однесувањето на мајките. Едноставна е и лесна за примена. Намената на оваа поделба, за разлика од претходните во поголема мера се однесува на однесувањето на мајката спрема детето, одошто на емотивниот однос. Во средината на вниманието е однесувањето на мајката при вршењето на надзорот и применувањето на казна и награда. Превласта на мајката треба да се сфати како цврст надзор над однесувањето на детето, а превласта на детето како слаб надзор

на мајката. Следните две димензии превласт на пожелни и непожелни мерки укажуваат на видот на воспитните мерки.[36]

Спрема оваа поделба се добиваат четири вида на односи на мајката спрема детето:

**Монархиски тип** - целата власт е во рацете на една личност (мајка), но со многу наклонетост спрема детето (преовладуваат пожелни мерки). Детето природно го прифаќа водството на мајката.

**Демократски тип** - Мајката ја смета независноста на детето за корисна (од развојно гледиште). Му допушта на детето слобода во преземање на потфати, но му пружа помош доколку е неопходно.

**Тирански тип** - Мајката поседува голема власт со која го попречува детето. Детето постапува спрема желбите и моралните норми на мајката и служи како средство за постигнување на цели на мајката.

**Анархиски тип** - Мајката допушта независност на детето, не се грижи посебно за детето и често избегнува разговор и контакт со детето. Применува негативни мерки неповолни за детето, овозможувајќи си потполна слобода на себе си.

Гледајќи од развојно гледиште, сите досега наброени поделби и модели на односи на мајките спрема децата содржат голем број на напожелни, а помал број на пожелни односи, односно наведуваат на погрешен заклучок дека постои помал број на пожелни од непожелни облици на однесување, но не даваат целосен увид во пожелните облици на однесување на мајките.

Во истражувањето на односите на полските мајки спрема воспитувањето на децата, група на клинички психолози изработила своја поделба на односите[37]

(да се види шема III - кружен модел впишан во квадрат)

---

[36] Makarovoč, isto str. 159

[37]) Ziemska M., Postawy rodzicielskie i ich wptyp na osobowość dziecka, u knjizi: Rodzina i dziecko, (red.) M. Ziemska, PWN Warszawa 1979.

Шема III Модел на пожелни и непожелни односи на мајките (Зиемска 1979)




Полската верзија на поделбата, за разлика од останатите, од развојно и воспитно гледиште опфаќа поширок обем на пожелни односи со мајките. Покрај тоа, издвојувањето на главни видови на пожелни односи на мајките укажува на можните правци на дејствување врз неа (дијагноза дополнета со терапија). Поради тоа, наведената поделба се разликува од поделбите што се задржале само на опис на состојбата на односите. Оваа поделба ќе ја анализираме, прво, поради нејзината опфатност (подеднакво застапување на пожелни и непожелни односи и второ, зошто има јасно изразена теоретска основа.

Сите односи се ставени во две групи: поединечни и општи (сложени) односи. Секој од општите односи, опфаќа неколку поединечни односи. Поединечните односи изразуваат одредени однесувања на мајките спрема децата. Некои од нив истовремено може да влезат во состав на два сложени односи, но слични на себе си. Средниот дел на моделот. (внатре во кругот) ги прикажува пожелните, а аглите на квадратот - воспитно непожелните односи на мајката.

Нарушените односи мајка-дете, се воспитно непожелни и тие се: отфрлање, избегнување, претерана заштита и претерани барања. Наспроти непожелните се наоѓаат пожелните односи: прифаќање, соработка, почитување на правата на детето и умерена слобода.

Меѓу основните видови на пожелно и непожелно однесување на мајките од воспитно гледиште, постојат четири пара на спротивности: отфрлање-прифаќање, избегнување-соработка; претерано мешање-претерано почитување на правата на децата; претерана заштита-признавање на детската слобода.

При воспитувањето на детето мајката се однесува: со претерана емотивна оддалеченост од детето и претерана насоченост на детето (помеѓу пожелниот однос со детето) доминација и попустливост спрема детето (помеѓу просторот за самостојност на детето, со почитување на неговиот развоен степен) (види шема IV).

(Шема IV) Облици на нарушен однос мајка дете во случај на претерана оддалеченост-претерана емотивна оддалеченост и во случај на доминација-попустлив однос. (Зиемска М. цит. 1979 стр. 181)




При претерана емотивна оддалеченост и доминантно однесување на мајката, таа го отфрла детето. Мајката го смета детето за терет и често се обидува да го оддалечи од куќата. Таа не го сака детето и е разочарана. Грижата за детето ја смета како непријатна обврска, што ги надминува можностите и силата на мајката. Отфрлањето е составено од следните облици на однесување на мајката: неизразување на позитивни, а јасно изразување на негативни чувства; отворено критикување на детето и бројни барања (диктаторски став), отсуствува правото на детето да го изнесува сопственото мислење, неразбирање на мотивот на детското однесување и недостаток на почитување на детските потреби; издавање на наредби со присилување, строго казнување и застрашување, безобзирно постапување со

детето, без признавање на неговите позитивни страни и прифаќање на неговите слабости.

Наспроти ова прифаќањето на детето содржи доживувања на детето онакво какво што е (надворешен изглед, карактер, интелектуални можности). Прифаќањето се состои од следните облици на однесување на мајката: искрено изразување на љубов спрема детето, пријатност и задоволство во дружењето со детето; јавно изразување на пофалби на детето, како и замерки, поради неговата непослушност, но со почитување на детската личност во целина, почитување на основните потреби на детето; дозволување на емотивна независност на детето, развивање кај детето чувство на сигурност и задоволство поради сопственото постоење.

Во случај на претерана оддалеченост на мајката од детето, таа го избегнува односот со детето. Со тоа, стануваат сиромашни или потполно изостануваат емотивните врски со детето. Односите со детето на мајката не ѝ причинуваат задоволство, се чувствува најчесто беспомошна и не знае што да прави со него. Односот со детето е непостојан или пак добар само на прв поглед (на пр. претерани неоправдани подароци, давање на неограничена слобода што води кон анархичност).

Ова сложено однесување на мајката опфаќа: скриена или јавна неодговорност, до потполно занемарување на детето, пасивност и незаинтересираност, лишување на детето од можноста да и се приближи; емотивно запоставување на детето; негрижа за негата и здравјето на детето, недоследност и незаинтересираност при поставувањето на барања; површност во задоволување на детските потреби, лекомисленост во врска со загрозеноста на детето, незаинтересираност за случките во неговиот живот, а многу често и потполно напуштање на детето.

Наспроти избегнувањето, при соработка на мајката со детето, таа дејствува за доброто на детето и учествува во сѐ што е во врска со него. Заедничка игра, заедничко читање, учење; развивање на самостојност кај детето; обострано задоволство во заедничките обврски и дејности; взаемна размена на впечатоци, мисли и сл.

Спротивно на емотивната оддалеченост на мајката од детето, претераната емотивна врзаност за детето и знаците на доминација на мајката влијаат на образување на следните видови на непожелно воспитно однесување: претерано исправување на однесувањето на детето и претерани барања со присилување; детето се насочува кон примерот и барањата на мајката, без да се почитуваат неговите особености и развојни можности (детето е под притисок). Таквото однесување на мајката е составено од: поставување на големи барања;

наметнување на авторитет и управување со детето; ускратување на правата на самостојност и слобода, со ограничување на дејствата на детето со мерки за присила, без можности за отстапување од наметнатите барања на детето; наметнување на мислење со критичен однос (приговори, забелешки) кон потфатите на детето, со израз на лутење; без почитување на личноста на детето, омаловажувајќи ги неговите права, желби и очекувања, мајката одлучува за сé.

Однесувањето на мајката со признавање на правата на детето е спротивно на опишаното и тоа се состои од: мајката ниту го преценува, ниту го потценува детето (неговата улога, можност, обврски и сл.), му пружа на детето умерена слобода во однесувањето, без претерано мешање, почитувајќи ја возраста и можноста на детето; често се повикува на одговорност од самото дете и очекува зрело детско однесување; само по потреба го насочува детето (на пр. со предлози, со објаснувања) без наметнување на сопствениот начин на мислење или присилување; дисциплината се заснова на заеднички договор во разумни рамки. Детето ги прифаќа очекувањата на мајката, зошто се во склад со неговите можности.

Во случај на претерана насоченост на детето, со попустливост, мајката изразува претерана заштита. Мајката што го презаштитува детето го смета како незрело суштество, води претерана грижа за детето и претерано му попушта; ги потценува личните можности на детето со исполнување на различни обврски и решавање на сите проблеми во име на детето, со што го отежнува неговиот самостоен развој (на пр. со оградување на детето од надворешниот свет); го исклучува детето од можните опасности, му ја ограничува слободата на движење и го доведува детето во зависност од мајката; пренагласено му се меша во личниот живот на детето и доследно го спроведува неговото издвојување од друштвото (на пр. мајката ги избира другарите на детето), пренагласено се грижи за здравјето на детето и претерано се грижи за неговата психофизичка состојба; му го отежнува физичкиот развој на детето (му го ограничува движењето); постојано очекува опасност и му ги пренесува чувствата на вознемиреност на детето; во неразумна мера ја презема улогата на бранител и заштитник на детето; има голема попустливост спрема барањата и неадекватното однесување на детето. Сето тоа кажува дека и покрај блискиот емотивен однос на мајката со детето, тоа во суштина е во ситуација на претерана заштита и нема слобода, која што му е неопходна за неговиот развој.

Дозволувањето на умерена слобода на детето е спротивно однесување од опишаното: детето во текот на развојот се повеќе се осамостојува во односот со мајката, но истовремено се продолжува

психолошката врска со неа; мајката има поголема доверба во детето, а тоа станува позрело и стекнува поголема слобода да се занимава со она што сака и при игра без надзор на мајката; без оглед на тоа што детето има поголема слобода, мајката останува пример за него и понатаму; се грижи за здравјето и сигурноста на детето, но не претерано, останува непристрастна во проценка на опасноста и емотивните проблеми на детето.

Спрема истиот автор, на крајот треба да се спомене дека во животот често се забележува недоследно, па дури и противречно однесување на мајките со истовремено застапување на слично и спротивно однесување. Особено непожелните воспитни однесувања на мајките укажуваат на постоење на одредена поврзаност помеѓу различни видови на воспитни однесувања означени во моделот. На пример, често се случува составување на следните два начина на однесување на мајката, избегнување и отфрлање во еден случај, додека во друга ситуација избегнување, односно претерана заштита. Претераната заштита понекогаш преминува во претерани барања во однос на сопственото дете. Исто така, постојат мајки, кои тежнеат кон доминација, но во смисла да го присилат детето да ги задоволи нивните барања. Таквите мајки вложуваат многу сили во надгледување и критикување на детето, лесно губат трпение, применуваат строги казни, приговараат, се закануваат и отворено ја изразуваат негрижата и непријателството т.е. преминуваат од претерани барања кон отфрлање на детето. Споменатото истражување исто така покажало дека однесувањето на мајката никогаш не се колеба помеѓу два крајно спротивни начини на однесување: претерана заштита и отфрлање од една страна и избегнување и претерани барања во однос на детето од друга страна [(38)]

Наведените податоци од истражувањата покажуваат дека при одредувањето на односите мајка-дете многу често е тешко или пак неможно да се издвојат чисти односи. Пред сè поради тоа што односите со време се менуваат и взаемно се преплетуваат, зошто мајките покажуваат амбивалентно однесување и често самите не се доследни во застапувањето на поединечните односи.

---

[(38)] Ziemska M., Cit 1979 str. 187-188

# 2. ПРОБЛЕМОТ НА ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО НА СИТУАЦИЈАТА НАСТАНАТА ПО РАЗВОДОТ НА БРАКОТ

## 2.1. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ДЕТЕТО НА РАЗВОДОТ ОД РОДИТЕЛИТЕ

Бројни испитувања покажале дека разводот има штетни последици на сите членови на семејството, како на родителите, така и на децата. Повеќе нејаснотии во врска со влијанието на разводот на родителите врз децата, се предизвикани, пред сè, од самиот пристап кон разводот. Едни разводот го набљудуваат како настан со моментални последици, а други како процес кој во секоја фаза на извесен начин влијае на детето. Вториот начин на набљудување на разводот денес преовладува се повеќе. Заеднички за сите автори е заклучокот дека разводот на бракот на родителите, како долготраен процес предизвикува тешки нарушувања во детската психа.

Во стручната литература најчесто се набројуваат следните можни причини за трауматски доживувања на децата: неопходност од прилагодување на подготовките за развод и самиот развод; злоупотребата на детето од страна на еден родител како оружје против другиот (пред и по разводот); одвојување на детето од едниот родител и промена на односот родител-дете; оптоварување на детето со положбата на разведените родители ( што може да има негативен одраз кај него во однесувањето со врсниците); наопходност од прилагодување на евентуално нов брак на родителот; трајни психички последици кај детето (што доживеало шок) по разводот на родителите[39].

Најчест заеднички одговор на децата на разводот на бракот на родителите во почетокот е: молчење, страв, депресија и чувство на

[39] Landis, J.T.,: The traume of children when parents divorce, Marriage and Family Living, 1960,22.

вина. Некои деца стануваат агресивни и асоцијално се однесуваат[40].

Веќе започнатите конфронтации меѓу родителите обично продолжуваат по разводот и неповолно влијаат врз детето. Децата најчесто се вметнати во овие конфликти и доживуваат т.н. конфликт на приврзаност. Едниот родител тежнее да го придобие детето, омаловажувајќи го другиот родител. Детето е принудено да одлучи на која страна да биде, бидејќи не е во состојба да одлучи доживува расцеп.

Спрема научни докази повеќето деца сакаат да задржат правилни односи со двата родитела. Од опсегот и обликот на родителскиот конфликт зависи како детето ќе го надмине стресот предизвикан со одењето на едниот родител (обично таткото) и како ќе се прилагоди на новите околности[41].

Одвојувањето на детето од родителот му нанесува штета. Спрема теоријата за „врзаност на детето за родителите"[42] се прифаќа дека губењето на родителот, за кого што детето било врзано (со исклучување на случаите на психичка оддалеченост од родителот) предизвикува кај детето загриженост. Тогаш детето уште повеќе се врзува за личноста со која што останува и на тој начин се зголемува можноста за урамнотежување на животот по преживеаниот шок[43]. При бурното раздвојување на родителите (при судско спроведување на разводот) детето доживува состојба, која што во рамките на споменатата теорија е наречена „остар синдром" на вознемирување „раздразливост" или „несигурност". Тоа се манифестира во три фази: во почетокот детето изразува нервоза, која што подоцна доведува до апатија, а често и до депресија, за да на крај престане да покажува интерес за родителот што отишол. Стручњаците што го опишуваат овој синдром не се согласуваат во поглед на должината на неговото траење.

---

[40] Emery, R.E.,: Interparental confliet and the children od discord and divorce, Psychological Bulletin, 1982, 2.; Doouglas J.W.B., Ross, T.M., Hammond W.A., Mulligan D.G., Delinquengcy and social class, British Journal of Criminology, 1966, 6.; Gibson, H.B.,: Early delinquency in relation to broken homes, Journal of Child Psychology and Psychiatry and Allied Disciplines, 1969, 10; Gregory I., Anterospective data following childhood loss of a parent, Archives of General Psychiatry, 1965, 13.; Hetherington, E.M.,: Effectc of father absence on personality development in adolescent daughters, Developmental Psyhology, 1972, 7.

[41] Tessman ,L.H.,: Children of parting parents, Aronson, New York 1978,

[42] Bowlby, J.,: Attachment and loss: Attachment, New York 1969, Vol. 1, Basic.

[43] Bowlby J., Attachment and loss: Separation, New York 1973, Vol. 2, Basic.

Според некои синдромот може да биде временски ограничен[43a], а според други - долготраен, временски неодреден и непредвидлив, што е многу понеповолно за детето[43b].

Кога детето останува да живее само со мајката (во најголемиот број на случаи таткото по разводот го напушта семејството), принудно е ускратено за друг пример во поистоветување со родителот. Недостатокот на таткото во животот на детето истовремено е и недостаток на неопходен пример за негов општествен, афективен, морален и спознаен развој.

Во најраното детство значењето на мајката за воспитување и развој на детето е поголемо во однос на таткото. Мајката ја исполнува улогата на примарен родител, но од втората година на животот на детето расте улогата на таткото во воспитувањето. Ако во овој период се случи отсуството на таткото во семејството, настануваат непожелни последици за децата од двата пола [44]. Последиците од отсуството на таткото се поизразени кај момчињата, одошто кај девојчињата, пред сé, во поглед на усвојување на половите улоги. Во првите години од животот на детето двата пола се поистоветуваат со мајката. Процесот на поистоветување на момчињата со таткото започнува при крајот на првата години, а во полн облик се јавува од четвртата година на животот на детето. Поистоветувањето на децата со таткото е во врска со развојот на чувствата на припадност на сопствениот пол, со усвојување и прифаќање на машката улога и облик на однесување во склад со таа улога.

Како последица од отсуството на таткото од домот во непотполното семејство може да се јави нарушување во однесувањето на децата [45].

---

[43a] Anthony, E.J.,: Children at risk from divorce: A review, u knjizi: The child in his family: Children at psychiatric risk, (e.d.) E.J. Anthony, C. Koupernik, New York 1974, Wiley.; Hetherington E.M., Divorce: A child's perspective. American Psychologist, 1979, 10

[43b] Emery, R.E.,: Interparental conflict and the children od discord and divorce, Psychological Bulletin, 1982, 2

[44] Santrock ,J.W.,: Father absence, perceived maternal behavior and moral development in boys, Child Development, 1975, 46

[45] Wall, W.D.,: Tworcze wychowanie w okresie dziecinstwa, PWN Warszawa 1986,

И во процесот на поистоветување на женските деца таткото завзема средишно место. Таткото за ќерката претставува олицетворение на машки особини. Под влијание на цртите на татковата личност, девојчето формира свој став за машкиот пол во однос на мажот спрема жената, за положбата на жената во семејството и нејзиното место во општеството. При несостаток на татко, почнувајќи од најраното детство и кај девојчето може да дојде до извесни облици на нарушено однесување. Несоодветно однесување на девојчињата во однос со спротивниот пол се изразува особено во периодот на адолесценција[46].

Како што се гледа од изнесеното за потполн развој на личноста неопходно е поистоветување на детето не само со родителот од ист, туку и од спротивен пол.

Прилагодувањето на детето на разводот не зависи исклучиво од веќе наведените надворешни - ситуациски чинители на разводот (конфликти во семејството, вистински распад на семејството, губење на едниот родител). Истражувањето на последиците од разводот на родителите врз детето ги земаат предвид и другите чинители, кои што исто така се важни, а врзани непосредно за самото дете. Психосоцијалните последици од разводот на бракот кај децата се условени во голема мера од возраста (степен на развој), полот на детето, чувствителноста, темпераментот на детето, бројност на деца во семејството и др. чинители, кои се уште не се во потполност испитани емпириски. Најчесто се испитува взаемното дејствување на сите наведени чинители, но се уште не со систематско истражување.

**Возраст на детето** - Независно од јачината на траумата предизвикана со разводот на родителите, прилагодувањето на детето на разводот е во директна зависност од возраста, од развојниот степен на детето и неговите когнитивни и социоемотивни способности. Најјасни - показатели за поврзаноста на возраста на детето и психосоцијалните последици од разводот за детето, добиле американските стручњаци со испитување на однесувањето и ставовите на децата во однос на разводот на бракот на родителите[47]. За тоа сведочат податоците од табела I.

---

[46] Rembowski, J.,: Z badan nad postawami malek wobec dzieci, Kwartalnik Pedagogiczny, Instytut Pedagogiki Uniwersytetu Warszawskiego, 1972, 4 ; Ziemska, M.,: Rozina a osobowošć, Wiedza Powszechna, Warszawa 1977 ; Heherington, E.M.,: Effectc of father absence on personality development in adolescent daughters, Developmental Psychology, 1972, 7; Hetherington, E.M.,: Girls without fathers, Psyhology Today, 1973, 6

[47] Wailerstein, J.S., Kelly J.B.,: The effects of parental divorce: Experiences of the predchool child, later latency, American Journal of Orthoopsychiatry, 1976, 46; Hetherington E.M., 1972, 1973, 1979, 1981; Tessman 1978)

ТАБЕЛА I: Емоционални одговори на детето по разводот (по возраст)

| | 3 - 5 години | 6 - 8 години | 9 - 12 години | 13 - 18 години |
|---|---|---|---|---|
| НОРМАЛНИ ОДГОВОРИ | Изразена привзаност со присуство на родителот, стрепње, регресија, страв дека ќе биде напуштено | Се поголема тага и лутење без непосреден повод, копнеење за родителот што отишол, страв од општа ускратеност агресивност | Силно лутење поради одредени работи, стрампивост, тешкотии во поистоветување со личности, конфликт на лојалност | Разочарување, лутење, тага, попреченост, немир, чувство на неизвесност, иднина, тешкотии со логичности од спротивен пол. |
| ПРЕЧКИ ВО ПРИЛАГОДУВАЊЕТО (САМО АКО СЕ ДОЛГОТРАЈНИ) | Длабока потиштеност (депресија) чувство на вина, мокрење во кревет | Пречки во концентрацијата и длабока потиштеност | Лош успех, осаменост, агресивност, длабока потиштеност, ниско емоционално самовреднување | Незрели сексуални односи, потполно одбивање на сексуалност, невротична врска со еден од родителите |
| ПАТИШТА И НАЧИНИ НА ПРИЛАГОДУВАЊЕ | Фантазирање, сонување, идеализирање | Непослушност и одбивање, насилничко однесување упорно самоза лажување за помирување на родителите | | Повлекување, емотивно одвојување од родителот, забрзано созревање. |

Тие немаат податоци за децата од 0-3 год, зошто овој период од животот на децата бара специфични истражувања. Веројатно резултатите би укажале на дијадистичен кризен модел, (мајка-детесимбиозно единство)

**Децата од 3 до 5 години**, највпечатливо реагираат на одењето на таткото од куќата со страв и израз на несигурност. Оваа возраст ја карактеризира појавата на регресивно однесување, кое може да потрае извесно време. Бидејќи детето е егоцентрично, одењето на таткото од куќата го доживува како сопствено напуштање и отфрлање. Малото дете не е во состојба да ги сфати вистинските причини за раздвојувањето на родителите и смета дека не тој начин неповратно ја губи љубовта од другиот родител. За да се сочува себе си, детето се впушта во светот на фантазијата, сакајќи да го врати изгубениот родител. Фантазирањето со време може да исчезне или поизразено да се засили [(48)]. Исто така и наодите на другите испитувања покажуваат дека младото дете е наклонето (особено при толкувањето на причините за развод) кон самообвинување, искривено запазување на родителските потреби, однесување и чувства, како и самозалажување дека родителите ќе се смират [(49)].

**Од 6 до 8 год**. - Детето од раната училишна возраст е во состојба да го сфати поводот за развод на родителите и поради тоа стравот од раздвојување кај него слабее. Сепак не е во состојба докрај да ги сфати нарушените односи меѓу родителите. Неможе да го прифати разводот како единствено решение, не ги сфаќа во потполност чувствата на родителите и сопствената улога во разводот, па затоа е неспособно само да ги поднесе можните последици од разводот [(50)].

Детето на оваа возраст станува самостоен учесник во семејниот живот. Не е веќе заштитено од конфликтите на родителите и принудено е да ја завземе страната од едниот родител (обично против другиот).

---

[(48)] Wallerstein, J.S., Kelly J.B.,: The effects of parental divorce: Experiences of the preschool shild, Journal of the American Academy of Child psychiotry, 1975, 14; Wallerstein J.S. Kelly J.B. 1974,1975, 1976, The effects of parental divorce: The adolesant experince vo knigata The child in his family: Children at a psychiatric risk, (e.d.) A. Koupernik, New York 1974, Wiley; Wallerstein J.S. Kelly J.B. The effects of parental divorce: Experiences of the child in later latency, American Journal of Orthopsyhiatry 1976, 46)

[(49)] Tessman L.H.,; Children of parting parents, Aronson, New York 1978,

[(50)] Hetherington, E.M.,: Divorce: A child's perspective. American Psychologist, 1979, 10

Ова внесува дополнително вознемирување кај детето. Во такви околности детето го доживува порано споменатиот т.н. конфликт на лојалност и поврзаност кон едниот родител.

Децата многу се емотивни. Некои од нив се агресивни опрема другарите, а некои социјално се изолираат. Најчесто машките деца се агресивни, а женските деца тендираат да бидат повлечени, интравертни. Некои од нив „индиректно ја изразуваат лутината спрема родителите и ја преместуваат таа лутина спрема другарите и наставниците[51]

Спрема многу автори, најкритична возраст на детето во однос на разводот на родителите е возраста на децата од 6 до 8 години. На таа возраст децата се најосетливи на тоа како врсниците и возрасните ја толкуваат нивната новонастаната положба и односи во семејството [52].

**Од 9 до 12 год.** - Однесувањето на постарото училишно дете се разликува од однесувањето на децата од предходната група. Тагата и молчењето на помалите деца не е врзана за одредени настани, предмети и појави. Кај постарите училишни деца тагата е подлабока, а чувството на лутење е свесно насочено. Постарите деца во однос на помалите имаат позрел однос спрема разводот. Овие деца уште поцврсто ја завземаат стратегијата на едниот родител и се борат против другиот, со што се отежнува нивното прилагодување на новите околности. Детската „слика за себе" на оваа возраст се врзува за семејството. Поради тоа, нарушувањето на составот на семејството често пречи при одредувањето на сопсвениот идентитет и неговото влијание на воспоставување и постојаност на системот на вредности (ова најчесто се одразува на лошо однесување и неуспех во училиштето).

**Од 13 до 18 год.** - Во овој период на созревање разводот на бракот на родителите на децата им донесува исто онолку опасности, колку и во раните години, ако не и повеќе. Повеќето млади на оваа возраст кога ќе ја надминат почетната траума и доживеаниот бол при родителското раздвојување, се во состојба да проценат кој е одговорен за разводот и да го решат прашањето за приврзаност кон едниот родител. При оваа околност, децата се способни да се борат покрај

---

[51] Ayolon, O., and Flasher, A.,: Chain reaction-children and divorce, jessica king sley, publishers, London-Bristol, Pennsylvania, 1993, str. 26)

[52] Bochenska, H.,: Gdy rodzice rozwodza sie, Problemy Rodziny, 1980, 4

својот родител, со економските и другите практични тешкотии на живеење [53].

На оваа возраст разводот на родителите може да предизвика пречки во брзината на созревање. Детето, кое што ја загубило сигурноста во семејството често неизменично ги извршува улогите на возрасен и дете, заостанува во развојот, не започнува или доцни со емоционалното одвојување од родителот или остро раскинува со улогата на дете, симболички или вистински го напушта своето семејство и изразува зголемена насоченост кон иднината и сл.. Последното секако сведочи за нивното порано созревање и осамостојување во однос на врсниците од потполните семејства (забрзана социјализација)[54].

Заедничкото чувство на сите деца од сите возрасти е чувството на сопствена вина за разводот на родителите. Ова има негативно влијание на психичкиот развој, менталното здравје и општественото однесување на децата. Ублажувањето на детското чувство на вина е основна задача на родителот што останува со детето.

Како што веќе нагласивме последиците од разводот на родителите за детето значајно зависат од неговиот пол.

**Пол на детето**. Меѓу познавачите на оваа област владее општоприфатен став дека помеѓу девојчињата и момчињата кои го доживеале разводот на родителите постојат видливи разлики во реагирањето на разделбата на родителите. Бројни хипотези, често премногу смели, се обидуваат да објаснат поради што конфликтите помеѓу родителите и самиот развод посилно влијаат на момчињата, одошто на девојчињата[55].

Спрема емпириските наоди на споменатите автори произлегува дека за разлика од девојчињата, момчињата, пред сé: станувaат повеќе изложени на конфликтите на родителите уште пред разводот на бракот

---

[53] Wallerstein, J.S., i Kelly J.B.,: 1974, 1975, 1976

[54] Piorkowska- Petrović K., Dete u nepotpunoj porodici, Filozofski fakultet, Beograd 1990 str. 50

[55] Hetherington, E.M., Cox M. Cox R., Divorced fathers, The Family Coordinator, 1976, 25; Heherington E.M., Effectc of father absence on personality development in adolescent daughters, Developmental Psychology, 1972, 7; Hetherington, E.M.,: Girls without fathers, Psyhology Today, 1973, 6; Hetherington, E.M.,: Children and divorce, vo knigata: Parent - child interaction. Theory, research and prospects, (ed.) R. Henderson, Academic Press, New York 1981, ; Wallestein, Kelly 1974, 1975 (citirani dela) Lamb M.,: The role of the father: An overview, vo knigata: The role of the father in child devlopment, (ed.) M.E. Lamb, 2nd ed., Wiley, New York 1981, ; Block, J.H., Block, J., Morrison, A., Parental agreement - disagrement on child rearing orientations and gender - related personality correlates in children, Child Development, 1981, 52; Emery R.E.,: Interparental conflict and the children od discord and divorce, Psychological Bulletin, 1982, 2

на родителите; по разводот на бракот на родителите имаат многу потешки услови за нормален развој на личноста; изразуваат поголем степен на нарушување во интерперсоналните односи во домот (особено ако живеат со мајка), во училиште (со наставниците) и со врсниците, во почетокот само привидно ги надминуваат последиците од разводот, зошто тие во суштина кој повеќето момчиња се протегаат и следните години.

Меѓутоа не смее да се изгуби од вид дека нарушувањето на семејниот живот ги погодува и девојчињата. Тие ги изразуваат своите чувства во согласност со полот што го застапуваат: стануваат повознемирени, психички се оддалечуваат од семејниот живот или можно е да се однесуваат сосема правилно. Со други зборови влијанието на разводот и брачните несогласувања на родителите, кај девојчињата е многу поблаго, но истовремено деликатно и сложено. По мислење на некои стручњаци, последиците од таквата ситуација може да се изразат во подоцнежните години кога девојчињата го започнуваат својот личен емотивен живот[56].

**Темпераментот на детето** - Често во продолжение се нагласува дека индивидуалните разлики во прилагодувањето на детето на разводот на бракот на родителите зависат од неговиот темперамент. Некои испитувања посветени на прашањата на „тежок" и „лесен" темперамент покажуваат дека децата со „тежок" темперамент потешко се прилагодуваат на новонастанатите околности по разводот и дека се поосетливи на неволјите предизвикани од живеењето со еден родител, во однос на децата со „лесен" темперамент. Детето со „потежок" темперамент го предизвикува лошото однесување на родителите и станува цел на таквото однесување. Наспроти тоа, детето со полесен темперамент, бидејќи не е предмет на родителска критика, напад и лутење, поуспешно се бори со сè што се случува при разводот на родителите. Децата кои што пред разводот на родителите имале тешкотии во прилагодувањето повеќе се наклонети на долготрајни нарушувања по разводот[57]

---

[56] Emery R.E.,: Interparental conflict and the children od discord and divorce, Psychological Bulletin, 1982, 2

[57] Hetherington, E.M., Divorce: A child's perspective. American Psychologist, 1979, 10; Hetherington 1981 cit. delo)

**Чувствителност на детето** - Многу често прилагодувањето на детето на развод се поврзува со чувствителност на детето. Од нив зависи длабочината и јачината на трауматското искуство предизвикано со разводот на бракот на родителите т.е. нивното влијание на понатамошниот развој на детето. Родителите не би смееле да ги преценуваат можностите на детето (често се случува). Не е оправдано да се очекува од детето дека со созревањето на мирен начин и без поголеми последици ќе го поднесе разводот на бракот на родителите. Детето, кое што надворешно набљудувано остава впечаток на мирно и прибрано дете може исто така да доживее длабок шток[58].

**Бројност на деца во семејството** - За децата од непотполни семејства настанати со развод, бројноста на деца во семејството претставува исто така чинител за прилагодување во новонастанатите околности. Поголемиот број на деца во семејството, по мислење на некои автори, може поволно да влијае на секое дете во поглед на опсегот и силата на доживувањето на стресот. Детето може на друго дете да претставува важна потпора во тешките и кризни моменти и најчесто придонесува за зачувување на сигурноста[59].

На крајот при разгледувањето на влијанието на разводот на бракот на родителите и прилагодувањето на детето на истиот, не смеат да се заборават и другите т.н. ситуациски чинители, за некои од нив веќе зборувавме: детскиот начин на запазување на семејната состојба пред разводот, степен на подготвеност на детето за промените што следуваат, тек на доживувањата (кофликти, борба за детето, издршка на детето и сл.). Квалитетот и зачестеност на односот на детето со родителот, кој што ја напушта куќата, квалитет и зачестеност на комуникацијата помеѓу разведените родители, опфатот на промените во животот на детето (одење во друг град, промена на станот, промена на училиштето и друштвото на врсниците) итн. Исто така неопходни за нормален раст, развој и постигнување на психичка рамнотежа кај детето се атмосферата и воспитните услови во непотполното семејство.

---

[58] Rutter, M.,: Parent -child separatione: psychological effects on the children, Jornal of Child Psychology and Psychiatry, 1971, 12)

[59] Dobkowska, D., Wiezi uczuciowe w rodzinie zrekonstruowanej, Materialy do nauczania psychologii, seria II, t. 11, PWN, Warszawa 1984,

## 2.2. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА МАЈКАТА НА РАЗВОДОТ НА БРАКОТ

Разводот на бракот предизвикува нерамнотежа и нарушување во семејниот живот. Во таа ситуација се вмешани сите членови на семејството (мајката, таткото, децата). Поради тоа брачната криза за секој од нив е големо оптоварување. Членовите од семејството различно се прилагодуваат на новонастанатите околности и во различен степен ги доживуваат стресовите и последиците предизвикани од разводот.

Гуд (Goode) кој што ги испитувал мајките по разводот утврдил дека кај нив има најголем степен на трауматски доживувања кога: иницијативата за развод потекнува од мажот, постои краток рок за донесување на одлука за развод, следувава ненадеен предлог за развод на брак, постои и понатаму емотивна врска со поранешниот сопруг, постои амбивалентен став спрема разводот, кај жената постои личен негативен однос и презир спрема разводот и ниско вреднување на разведената жена во поширокото општество[60].

Покрај ова разведените жени, кои самите си ги исполнуваат сите обврски во семејството ги следат:

1. тешкотии од материјална природа;
2. осаменост;
3. бројни проблеми врзани за детето;

**1. Материјални услови** - Истражувањата покажуваат дека за непотполните семејство е карактериснично влошување на материјалната положба на семејството. Приходите се помали, многу помали од порано, зошто работи само еден родител или пак и тој не работи. На неповолната положба на мајката и децата влијае и нерегулираниот придонес на таткото во вид на изршка. Некои татковци воопшто не плаќаат издршка или пак таа е многу ниска и недоволна. Многу жени, кои што пред разводот не работеле, по разводот бараат вработување набрзина и прифаќаат секаква работа.

---

[60] Goode, W.J.,; Women in divorce, Free Press, New York 1956

Положбата на разведената жена не е ни малку лесна во економска смисла. Излезот од таквата криза за сите жени е воглавно ист. Тие се потпираат на приходот од вработувањето, кој е единствен начин за постигнување на економската независност и лична сигурност. Професионалната работа на жените не е само слободен пат кон општествена и работна еманципација на жената, туку и животна принуда, неопходна за постигнување и одлучување на материјалната и животната сигурност во смејството. Индивидуалноста и самостојноста на современата жена може да ѝ помогнат во сложените услови што настануваат по разводот. Самиот развод не е секогаш материјална катастрофа, бидејќи голем број од жените се рамноправни во издржувањето на семејството. Истовремено работата на жената, особено додатната има свои лоши страни. Пред сè, бара поголем напор, замор и одзема време, кое што мајката би можела да му го посвети на детето. Тоа влијае на влошувањето на условите за грижа на детето.

**2. Осаменост на жената** - Разводот и неговите последици имаат лошо дејство на психолошката рамнотежа на жената. Според емпириските наоди, во првата и најтешка година по разводот, жените изразуваат повеќе трпение, лутење, одбивност и неспособност за самостојно живеење. Во следните години некои од жените стануваат поосамени, а со тоа депресивни, беспомошни. Нервозата, нетрпеливоста и нетолератноста на мајката при претеран замор и осаменост, штетно влијаат на семејната атмосфера и го нарушуваат односот помеѓу мајката и детето. Кај разведените жени може да дојде до општо влошување на здравјето, нарушување на сонот и помнењето, намалена ефикасност при работата и сл. Во некои случаи ова може да разултира со употреба на алкохол, тутун и наркотици.

Во стручната литература често се зборува дека кај осамените родители се забележува повлекување од друштвото т.е. престануваат нивните дотогашни врски или пак значајно се ограничуваат. Особено кај жените постепено исчезнуваат старите пријателства. Разведената жена ги проретчува средбите со возрасните личности и се движи воглавно го детскиот свет. Според забелешките на американските автори, разведената жена во подоцнежниот период почнува да зависи од средината во која што живее и работи (роднини, пријатели, работни

партнери), за разлика од сигурната, неразведена жена, која е упатена на себе си и на сопствениот маж[61].

Причината за тешкотиите во општесвениот живот и воспоставувањето на блиски односи со другите, мајките најчесто ја гледаат во тоа што претставниците од пошироката средина неповолно ги проценуваат.

Податоците од истражувањата покажуваат дека последиците од разводот подолго траат кај жените, одошто кај мажите, кои најчесто одат од домот. Дополнително оптоварување им донесуваат тешкотиите од материјална природа и потешките услови за живот. Сите тешкотии што ги доживува разведената жена ги дели и нејзиното дете.

**3. Проблеми врзани со детето** - Во семејниот систем на мајка со дете, посуптилни опасности произлегуваат од симболичните вредности, што мајката му ги придава на детето. Детето може да го симболизира неуспешниот брак или пак да биде потсетник на партнерот што заминал. Понекогаш некоја мајка, може на детето да гледа како на економска тешкотија или пак пречка за нејзината новоизградена врска со друга личност. Како резултат на ова кај неа може да се развие одбивност спрема детето.

Новото семејно јадро, формирано по разводот, се разликува од поранешната семејна структура, бидејќи поранешната взаемност и соработка на членовите во семејството со два родитела се заменува со еднократната одговорност на родителот што живее со детето. Во повеќе случаи мајката очекува од детето да ја преземе улогата на таткото и да преземе обврски што не одговараат на неговата возраст.

„Неспособноста на мајката да ја разликува родителската од детската улога, може да донесе незгода и кај неа и кај детето. Кај детето се намалува просторот за развој, а пак кај мајката се запира нејзината способност за рехабилитација во социјалниот живот. Така мајката ризикува да ги загуби нејзините права како возразна во домот, а пак детето губи возрасен авторитет, кој што му е неопходен. Возрасниот авторитет (авторитетот на мајката) му е потребен на детето,

---

[61] Hetherington, E.M.,: Divorce: A child's perspective. American Psychologist, 1979, 10; Hetherington E.M.,: Children and divorce vo knigata: Parent-child interaction, Theory, research and prospect (ed.) R. Henderson,: Academic Press, New York 1981.; Hetherington, E.M., Cox M. Cox R.,: Divorced fathers, The Family Coordinator, 1976, 25;

за да му даде поддршка во животот и да му постави добри темели за сигурност и јасни и концизни граници[62].

Мајката треба да се соочи со реалноста и да ја прифати таква, каква што е, со сите обврски. Да не го оптоварува детето со сопствените проблеми и да ги диференцира сопствените потреби од потребите на детето.

## 2.3. ОДНОСИ МАЈКА - ДЕТЕ ПО РАЗВОДОТ

Потребна е умешност од страна на мајката за живеење во непотполно семејство по разводот. Секогаш да прави рамнотежа помеѓу домашните и родителските обрски. Да најде време да поигра со детето и да му помогне да го организира слободното време. Треба да биде стрплива, смирена и толерантна. Отворено и искрено да комуницира со детето. Да го прифати детето онакво, какво што е, со сите негови доблести и недостатоци. Взаемните односи да им бидат исполнети со љубов, топлина и разбирање. Ова е неопходно, за да има доверба детето во мајката и таа да биде за него воспитен авторитет. Да најде добар збор за детето, да го теши, охрабрува, да го мотивира за нови активности. Со својот личен пример и оптимизам да го води низ животот. Секогаш да наоѓа сили правилно да ја реализира воспитната улога и да му обезбеди на детето добри услови за развој . Да му овозможи на детето да почувствува дека е сакано, зошто само љубовта може на детето да му внесе самодоверба и сигурност.

Да го почитува детето и да ја задоволи неговата потреба за самопочитување. Да соработува со детето и да му дозволува одредена слобода. Само така детето ќе биде сигурно во себе, отворено и прилагодливо на ралични општествени околности и појави. Ќе може да изразува волја и способност за совладување на различни тешкотии, истрајност, доследност во започнатите работи и способност за прифаќање на потешки задачи.

---

[62] Ayolon, O., and Flasher, A.,: Chain reaction-children and divorce, jessica king sley, publishers, London-Bristol, Pennsylvania, 1993, str. 11

Значи односот на мајката спрема детето треба да биде и со позитивна конотација и мајчински, во вистинска смисла на зборот.

Според Кочишек, немајчинскиот однос спрема детето има три основни обележја;

„-занемарување на детето, негрижа за него, која што оди до потполно отфрлање на детето;

- крутост спрема детето, агресивност спрема него до злоупотребување;

- разгалување, врзување на детето околу себе и систематско кочење на неговото осамостојување"[63].

Обично ниеден од овие начини на погрешно воспитување не се појавува во ист облик. Многу почесто два од нив или сите три взаемно се преплетуваат, па еднаш преовладува еден, а друг пат друг облик на оштетување на психичкиот развој на детето.

„Ако мајката го отфрлува детето по разводот, може да предизвика агресивност, непослушност кај детето, престапничко однесување и застој во развојот на повисоките емоции (на пр. сочувство, другељубивост, несебичност, пожртвуваност и сл.). Кога мајката го избегнува детето тоа станува неспособно за воспоставување на трајни емотивни врски. Има непостојани емоции и непријателски е насочено кон пошироката околина. Не е истрајно во своите постапки, желби и навики. Недоверливо е, плашливо е и лесно доаѓа во конфликт со домашните членови. Кај таквите деца почести се лесни облици на воспитна запуштеност"[64]

„Понекогаш агресивната мајка на сопственото дете ги осветува сите понижувања и злоупотребувања што ги претрпела додека самата била дете. Со грубите постапки кон детето, понекогаш се казнува самата себе си за своите неразумни потези и грешки во животот. Често нејзината агресивност во воспитувањето, во суштина е проектирање на агресивност спрема самата себе, на друга личност.

Во настојувањето да го спречи развојот на своето дете во независна личност, авторитативната мајка строго го надгледува секој чин на своето дете. Таа му го ограничува дружењето со врсниците, го

---

[63] Kočišek, M.,: Anti-roditelji, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1990, str. 42

[64] Piorkowska- Petrović K., Dete u nepotpunoj porodici, Filozofski fakultet, Beograd 1990 str. 75

спречува во дејностите, не му дозволува слободни одлуки, не ги зема предвид ниту интелектуалните, ниту емотивните потреби на своето дете[65].

Некои мајки „по разводот одлучуваат потполно да му се „посветат на детето". „Потполно да им се посвети на децата" значи воедно да им биде непрестано „зад петици", премногу да ги „воспитува" т.е. да им стане неподнослива со своите постојани забелешки, барања, забрани, исправки и приговори. Тоа значи да не им се допушти на децата никаква самостојност, сé да чини наместо нив, да ги услужува, а тоа е една од најштетните воспитни постапки[66].

„Со претераното заштитување на детето по разводот мајката може да го успори неговото психо-социјално созревање. Да развие зависност на детето од мајката и да предизвика неуредност, немарност и недостаток на иницијативност".[67]

Мајката по разводот може да се најде во тешка воспитна ситуација. Од една страна мора да му го надомести на детето другиот родител, а од друга страна тој е присутен со своите постапки и одлуки. Многу често мајката сака да го оттуѓи детето од другиот родител и го направи детето „средство за осветување". „Одамна е познато дека ускратувањето на родителската љубов е еден од најтешките удари, кои што може да му се зададат на детето во првите години од неговиот развој, со што се нарушува неговиот развој[68].

„Не е од мало значење, особено кога таткото не го гледа често своето дете, мајката при разговор да му го споменува таткото на детето и негува кај детето позитивна слика за таткото. Правилно водените разговори, може да имаат воспитен карактер и да ја пополнат празнината кај децата помеѓу едната и другата средба"[69].

---

[65] Kočišek, M.,: Anti-roditelji, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1990, str. 47

[66] Isto str. 38

[67] Piorkowska- Petrović K., Dete u nepotpunoj porodici, Filozofski fakultet, Beograd 1990 str. 76

[68] Kočišek, M.,: Anti-roditelji, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1990, str. 179

[69] Piorkowska- Petrović K., Dete u nepotpunoj porodici, Filozofski fakultet, Beograd 1990 str. 117

## 2.4. ОДНОСИ ТАТКО - ДЕТЕ ПО РАЗВОДОТ

„Пред да зборуваме за значењето на воспоставување на лични односи помеѓу детето (децата) и отсутниот родител, по разводот на родителите, ќе споменеме еден „банален" факт дека ниедно дете не е производ само на еден родител. Но, ова само по себе, не би значело ништо, кога не би постоел друг факт дека на детето му се потребни два родитела. Потребни му се, не само поради грижа и можност за идентификација со нив, туку и за да биде сигурно дека е сакано од двајцата"[70]

Одржувајќи континуирана врска со детето, таткото му помага на него и на мајката. Детето чувствува дека е сакано, а пак мајката е растоварена при извршувањето на родителската улога.

„Докажано е дека ако таткото поминува со детето повеќе време, тогаш детското прилагодување на разводот од родителите е подобро"[71]. Таткото треба да се труди да го исполни со вредни содржини времето што го поминува со детето. Секогаш да биде подготвен своите барања за начинот, траењето и зачестеноста на средбите со децата, да ги усогласува со нивната желба и волја.

„Некои татковци се обидуваат да ја купат љубовта на детето со подароци или прошетки на ексклузивни места. Како резултат на ова може да се развие нереална врска, која што го претставува таткото како ангел, а пак мајката со која што детето живее постојано, како демон"[72]. За да се избегне ова таткото „не треба да се наметнува и да тежнее да ја купи љубовта на децата. Да не се обидува да ги оттуѓи децата од мајката или пак пред нив да се спротивставува на нејзините постапки. Ако не се согласува со начинот на кој таа ги воспитува децата, не треба да се расправа со неа пред децата, туку насамо „во четири очи" или пак во присуство на стручно лице. Но, без поткопување на темелите на воспитно влијание на родителот со кого што живеат децата"[73].

---

[70] Alinčić ,M., Brajša, P., Gajer, Đ.,: Što je dobro znati o razvodu braka, Varteks RO Tiskara, Varaždin 1981, str. 115)

[71] Goldstein, Frend and Solnit vo knigata na Ayalon O., Flasher A. Chain Reaction and Children Divorce, Jessica Kingsley Publishers, London and Bristol Pennsylvania 1993 str. 10

[72] Isto str. 13

[73] Kočišek, M.,: Anti-roditelji, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1990, str. 176

Средбите помеѓу таткото и децата треба да бидат почести и да се одржуваат според потребите и слободното време на децата. Средбите може да траат од неколку часа до неколку дена. Важно е времето што го поминуваат децата со таткото да биде исполнето со обострана љубов и топлина. Доколку таткото е спречен да има лична комуникација со децата, тогаш е потребно барем телефонски да комуницита со нив. Исто така и децата треба да се научат да употребат телефон и да комуницираат со таткото.

Детето лесно може да го посети таткото, доколку тој живее во близина. Тоа повеќе сака да оди, и да „налета" во домот на таткото, кога има сопствена желба, но, не по одлука на некој друг. „Иако е корисно детето да го посети таткото без претходен план, сепак тоа не сака неочекувани посети од него. Ова не го сака, зошто му е тешка непредвидливоста со која што треба да се соочи. Неочекуваноста го вознемирува неговиот живот и дневни планови (домашни задачи, игри и детето потешко ги надминува овие незгоди)[74].

Детето чувствува напнатост и немир ако средбите со отсутниот родител се испреплетени со конфликти. Конфликтот може да постои ако мајката не му дозволува на детето да се гледа со таткото. Некои мајки не го дозволуваат тоа, зошто се плашат детето да не се поврзе премногу со таткото и да одлучи да живее со него.

Понекогаш мајката му препушта на детето само да одлучи дали ќе комуницира со таткото. Со тоа детето непотребно се оптоварува. „Доколку детето од различни причини одлучи да не го посетува таткото, подоцна може да чувствува вина, анкисиозност, па дури и депресија"[75].

„Има татковци-нетатковци, кои по разводот, не само што засекогаш го напуштаат детето и веќе не прашуваат за него, туку на сите можни начини избегнуваат да плаќаат алиментација за детето[76]. Кога таткото не појавува иницијатива да се сретне со детето, „детето се чувствува запоставено, несакано и отфрлено. Тоа во младата личност внесува извесна несигурност, чувство на помала вредност и дефицит во психичката цврстина[77].

---

[74] Ayolon, O., and Flasher, A.,: Chain reaction-children and divorce, jessica king sley, publishers, London-Bristol, Pennsylvania, 1993, str. 13

[75] Cox M.K., Desforges M., Divorce and the school, Methuen, London and New York 1987, str. 45

[76] Kočišek, M.,: Anti-roditelji, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1990, str. 178

[77] isto str. 193

„Ако детето не го познава отсутниот родител или ако не го видело долго време, тоа го замислува него. Ја замислува помошта и разбирањето што тој родител би му ја дал кога му е тешко. Детето фантазира, кога е разочарано од односот на присутниот родител или кога воспитните мерки ги доживува како непријатни"[(78)].

Некои сметаат дека се избегнуваат напнатостите и дилемите ако детето не комуницира со таткото по разводот на родителите. Меѓутоа, детето на може да го прифати тоа како траен факт.

Многу често мајката зборува дека детето не го споменува таткото по разводот на родителите. Тоа не значи дека детето го заборавило него, туку сфатило дека мајката не сака да ѝ се поставуваат прашања. Детето може да ги избегнува таквите прашања, зошто знае дека може да слушне нешто лошо за таткото (дека тој не го сака и сл.) „Таквите информации предизвикуваат кај детето несигурност и страв од повторно напуштање, зошто детето може да заклучи дека под одредени околности и присутниот родител може да го напушти и заборави. Поради ова, во вакви ситуации детето не прашува и се обидува да го „осигура" присутниот родител"[(79)].

„Разводот на бракот за секој татко е испит; некои го положуваат со поголем успех, некои со помал, со одличен, но многумина паѓаат на тој испит"[(80)].

„Сè почесто станува воочлив проблемот за потполно учество на таткото во процесот на подигање и воспитување на децата, по разводот. Очигледно дека во нашата култура треба да се поттикнуваат и очекуваат најпрво промени во сфаќањата на родителите за нивно заедничко учество во понатамошното воспитување на детето, без оглед на развод"[(81)]

Какви ќе бидат односите на родителите со децата зависи од нивната емоционална зрелост. „Односот родители-деца е сложен, пред сè, поради тоа што улогата на родителите бара да се комбинира

---

[(78)] Alinčić, M., Brajša, P., Gajer, Đ.: Što je dobro znati o razvodu braka, Varteks RO Tiskara, Varaždin 1981, str. 116)

[(79)] isto str. 117

[(80)] Kočišek, M.,: Anti-roditelji, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1990, str. 173

[(81)] Piorkowska- Petrović K., Dete u nepotpunoj porodici, Filozofski fakultet, Beograd 1990 str. 120

авторитет и интимност, што успешно можат да го совладаат само оние родители, кои се формирани како личности, кои се емотивно постабилни и кои во взаемните односи успеваат да воспостават усогласеност помеѓу обврските и чувствата, па не доаѓаат во потешки конфликтни ситуации[82].

## 2.5. СОРАБОТКА НА РАЗВЕДЕНИТЕ БРАЧНИ ДРУГАРИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА

„Взаемните односи на разведените брачни другари се важни за исполнување на воспитно-социјализаторската функција на напотполното семејство. Добрите односи на родителите на детето влијаат на севкупниот однос мајка-дете и татко-дете и отвораат повеќе можности за учество на отсутниот родител во процесот на воспитувањето на детето (децата). Запазено е дека зачестеноста и содржината на односот на мајката со поранешниот брачен другар, влијае на квалитетот на односот на детето со таткото, а со тоа и на целокупниот однос на детето со мајката. Исто така емотивните односи помеѓу поранешните сопрузи битно влијаат на психичката рамнотежа на детето“[83].

За да постигнат правилен взаемен однос по разводот родителите треба да ги почитуваат следните правила:

1 - „Важно е да имаат контрола над чувствата. Да не ги мешаат чувствата со секојдневните работи, дури и тогаш кога ладните врски не се соодветни меѓу луѓе, кои некогаш биле блиски. Ова е услов за спогодба околу децата;

2 - За да се обезбеди мир, регулиран и реален начин на живеење со цврсти планови, одлуките треба да бидат писмени. Мирно да

[82] Golubović, Z.,: Porodica kako ljudska zajednica, ITRO Naprijed, Zagreb 1981, str. 192

[83] Piorkowska- Petrović, K.,: Dete u nepotpunoj porodici, Filozolski fakultet, Beograd 1990 str. 116

дискутираат за сите проблеми. Да ги избегнуваат минатите грешки, за да не направат исти во иднина;

3 - Да го разрешуваат секој проблем јасно и да избегнуваат секакви претпоставки пред да ги проверат. Доколку ги запишуваат важните одлуки, се избегнуваат конфузиите и добро е секој да има копија од запишаното;

4 - Потребна е комуникација со разбирање, зошто ако комуникацијата биде со освета („мило за драго") и со навреди, може да се наруши односот. Ваквиот пристап е опасен и има штетни последици за детето (децата)[(84)]

Со добра комуникација родителите истовремено си помагаат себе си и на децата. „Само така децата нема да го доживеат разводот како губење на едниот родител, туку како нов начин на живеење во услови кога родителите живеат одвоено."[(85)]

Некои родители го поставуваат детето во фокусот на своите неразрешени конфликти по разводот. Заслепени и обземени со лути и горчливи чувства од минатото, не се свесни за траумите што им ги нанесуваат на децата. „При брачни кризи и конфликти родителите се напреваруваат за љубовта на детето, од него бараат и очекуваат да застане на страна на едниот родител, а да го отфрли другиот. Тие запаѓаат во стапица на задоволство, кога детето ја изразува својата љубов со зборовите „само тебе те сакам мамо" или „само тебе те сакам тато". Со тоа детето станува лек и решение на родителите, односно родителот, се чини дека детето го одгледува родителот, за да биде среќен, а не родителот да се грижи за среќата на своето дете[(86)].

Во семејствата, каде што родителите не комуницираат по разводот и не водат заедничка грижа и договор за детето, отсутниот родител тешко може да оствари адекватно воспитно влијание врз детето, иако одржува средби со него[(87)].

---

[(84)] Ayolon, O., and Flasher, A.,: Chain reaction-children and divorce, jessica king sley, publishers, London-Bristol, Pennsylvania, 1993, str. 21

[(85)] isto str. 22

[(86)] Alinčić, M., Brajša, P., Gajer Đ,: Što je dobro znati prije braka, SIZ grada Zagreba, Zagreb 1982, str 97

[(87)] Piorkowska- Petrović, K.,: Dete u nepotpunoj porodici, Filozofski fakultet, Beograd 1990 str. 118

„Особено е потребно отсутниот родител да комуницира со педагошкиот кадар и да биде присутен на сите родителски средби[88]

Многу истражувања го овозможиле спознанието дека децата од разведени родители, кои што не успеале да ги ускладат взаемните односи по разводот, имаат повеќе психички пречки, од децата чии родители по разводот ги усогласиле односите.

Врз основа на сé што изнесовме може да се констатира дека „разводот на родителите не ги оштетува децата, туку нивните постапки и взаемно однесување, кои децата ги доживуваат пред разводот, а понекогаш и по разводот. Разводот на неуспешниот брак на родителите, на детето може само да му користи [89].

---

[88] Cox, M.K., Desforges, M.,: Divorce and the school, Methuen, London and New York 1987, str. 94)

[89] Kočišek, M.,: Anti-roditelji, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1990, str. 182

# 3. МОЖНО ВЛИЈАНИЕ НА РАЗВОДОТ НА БРАКОТ ОД РОДИТЕЛИТЕ ВРЗ ДЕТЕТО

## 3.1. ПОСЛЕДИЦИ ОД РАЗВОДОТ

„Според Good последиците од разводот најтешко ги поднесуваат децата и тоа пред сè, во психичка смисла. Но, Good со право предупредува дека многу бракови кои се нарушени, а поради децата не се разведени, влијаат понегативно на среќата на децата, од некои разведени бракови"(90).

Истражувачите ги поделилe децата во четири групи имајќи ги предвид последиците од разводот. „Во првата група се децата кои имаат мали последици или воопшто немаат последици, во втората се оние кои имаат предности бенефиции од разводот, во третата се оние кои истовремено добиле и изгубиле од разводот и во четвртата се оние што страдаат(91).

Разводот на бракот на родителите децата од училишната возраст различно го доживуваат. „Некои имаат недостиг на концентрација за училиште. Кај девојчињата ова е често како резултат на тенденција за сонување, фантазирање, дека можеби родителите повторно ќе воспостават врска и ќе се смират. Момчињата од друга страна тежнеат да ја прикријат лутината и понекогаш одат до крајност, екстремност. Се караат со училишните авторитети и се тепаат со нивните другари. На други пак училиштето им помага да побегнат од проблематичниот дом. Тие ја инвестираат својата енергија во учење, за да го избегнат размислувањето за она што се случува во нивните семејства. Училишните успеси или постигнување најчесто се маска, камуфлажа за нивното растројство(92)

---

(90) Golubović, Z.: Porodica kao ljudska zajednica, IIRO Naprijed str. 225

(91) Cox M.K., Desforges M.,: Divorce and the school, Methuen, London and New York 1987, str. 52)

(92) Ayolon, O., and Flasher, A.,: Chain reaction-children and divorce, jessica king sley, publishers, London-Bristol, Pennsylvania, 1993, str. 26

Според Chmielnicki [93] родителите со неусогласена и напната атмосфера во куќата и непожелниот однос помеѓу родителите и децата, од аспект на психолошките својства на родителите (неурамнотеженост и патолошки црти на личноста, невротични заболувања и др.), односно нивни несоодветни воспитни вредности (претерана строгост, претерана слобода, недоследност помеѓу родителите во постапките спрема детето), се општествени причини за невротично однесување на децата.

Спрема истражувањето на Кочишек[94] вонбрачните деца психички се развиваат понегативно, од децата родени во брак, како и децата од разведни родители и оние кои имаат очув или маќеа, исто така почесто страдаат од овие тешкотии. Најчести регистрирани нарушувања кај овие деца биле: немарност, несамостојност, повлеченост, растроеност, агресивно однесување, и др.

Невротичните нарушувања кај детето може да бидат различни. Многу современи детски психијатри ги делат на: нарушување на навиките, јадрени неврози, како одраз на структурни нарушувања и нарушување на однесувањето[95] Изнесените невротични реакции кај децата претставуваат повеќе или помалку само функционална дезорганизација од општ карактер и не се врзани за никаква структура. Дури во семејствата со развод се запазува поголем процент на деца со незадоволителен училишен успех, од потполните семејства. Тој процент истовремено е помал во споредба со потполните семејства во кои конфликтите се почести и претставуваат составен дел од секојдневниот однос со родителите.

Испитувањето на Pielkowa[96] укажува дека децата од непотполни семејства, настанати со развод, поради претераните обврски во куќата имаат полош успех во училиште и несредени односи со врсниците.

---

[93] Chmielnicki, N., :Wptye braku osobistych styczności spotesznych w rodzinie na postepy szkolne dziecka, Zagadnienia Wychowawcze w Aspekcie Zdrowia Psychiznego, 1972, 6

[94] Kočišek, M.: "Porodica i poremećaji ponašanja školske djece" vo knigata: Porodica i socijalizacija na pladite, Radnička štampa str. 103-116, Belgrad 1970

[95] Stoiljković ,S., : Psihijatrija sa medicinskom psihologijom, Medicinska knjiga, Beograd-Zagreb 1979)

[96] Pielkowa. J.,: Rodzina samotnej matki jako srodowisko wychowaweze, Uniwersytet Ślaski, Katowice 1983, str. 102

Емпириски е докажано дека и самите наставници ги доживуваат децата од семејствата со еден родител поинаку, од децата од семејствата со ненарушен состав[97]. Кај децата по разводот на родителите е можно да се јават невротични пречки. Повеќе автори кои ги анализирале причините за појава и развој на невротични пречки кај децата го нагласуваат подеднакво влијание на семејната средина и неправилното воспитно - образовно влијание на училиштето[98]. Во најчестите штетни семејни фактори ги вбројуваат, пред сè: непожелниот однос подоцна, со тек на времето, овие нарушувања се врзуваат и фиксираат за еден или повеќе органи, за одредена функција или функција на систем од органи, за облици на однесување, добивајќи така карактер на структурни нарушувања, во чии рамки влегуваат присилни неврози и конверзии.

Нарушувањето на однесувањето кое е својствено за деца од непотполни семејства настанати со развод „опфаќаат облици на навротично реагирање на севкупната детска личност на внатрешните конфликти и надворешни фактори кои трауматизирачки дејствуваат на личноста. Најчесто се бележани: зголемена потреба за контакт со мајка, вербален и моторен немир, грицкање нокти, мокрење во кревет, немирен сон, често плачење, со повлеченост (осетливост), агресивност и пречки во говорот"[99].

- зголемена потреба за контакт со мајка е посебно забележливо кога децата по разводот на родителите продолжуваат да живеат само со мајка. Најчесто децата наместо да спијат сами сакаат да спијат во креветот на мајката. „Доколку овој период е краток може да биде корисен, за мајката и детето, да им носи задоволство и сатисфакција. Но, ако трае подолго време може да предизвика проблеми за мајката, а посебно за детскиот напредок, кој што може да биде стопиран[100].

---

[97] Epstein ,J.L.,: A longitudinal study of school and family effects on student development, vo knigata: Longitudinal research in the U.S., (ed.) S.A. Mendick, H.Harway, K.M. Finello, New York 1984, Praeger.

[98] Spionek, H.: Zaburzenia rozwoju uczniow a niepowodzenia szkolne, PWN, Warszawa 1975 ; Pospiszylk., Psychologia kobiety, Warszawa 1978, PWN; Lobodzinska B, Podzina w Polsce, Warszawa 1974, Interpress)

[99] Piorkowska- Petrović, K.,: Dete u nepotpunoj porodici, Filozofski fakultet, Beograd 1990 str. 101

[100] Cox, M.K.,: Desforges M., Divorce and the school, Methuen, London and New York . 1987, str. 52)

- вербален и моторен немир - хиперкинетичка реакција[101]. Ажирагера во поглавјето за пореметувањe на однесувањето во цитираната книга наведува серија такви однесувања. Оваа реакција се јавува помеѓу 8 и 15 година од животот. Се јавува секогаш по повод на конфликти, а во вид на хиперкинетичко однесување, кое е воедначено и без повод. „Конфликтот, е обично со родителите, но и со училиштето, со авторитативни ликови кои инсистираат на таа авторитативност. Формата на однесувањето е неконтролирана, невклопена, секогаш подготвено да противречи на атмосферата, особено ако се инсиститра на нејзината сериозност и важност. Детето станува немирно и невнимателно во училиште"[102]

**- грицкање нокти, сисање прст, скубење на коса итн.**

Во основа на овие нарушувања на навиките е ослободување на напнатост. Тие во почетокот имаат одредена цел. Меѓутоа детето почнува да ги повторува и така ја губат првичната смисла и стануваат начин за ослободување од внатрешната напнатост. Нарушувањето на навиките е често кај емоционално депривирани деца.[103]

**- мокрење во кревет** - Значењето на чувствените чинители во настанувањето на мокрењето е несомнено. Како израз на несвесен конфликт, мокрењето за детето и неговата околина има различни, индивидуални значења, кои треба да се откријат. Да се мокри во постела е надмоќност на детето и тоа може да биде израз на несвесни регресивни желби и желби за фиксација на состојбата од која може да извелече корист: грижа за мајката, преоблекување и љубов која што ќе му ја пружи по мокрењето.

„Мокрењето може да претставува начин и спротивставување на околината особено на мајката, која што наметнува крупни обрасци за регулирање на мокрење или сите други однесувања[104].

**- немирен сон** - „Пречките во спиењето, како што се површно спиење, често будење, несоница, плачење, моторен немир, со

---

[101] Ajuriagerra, J.,: Manuel de psychiatrie de l'enfont masson, Paris 1970, 1977

[102] Bojanić ,S. i Radulović, K.,: Socijalna psihijatrija razvojnog doba, Naučna knjiga, Beograd 1988, str. 85

[103] Pedagoćka enciklopedija vo redakcija na Potočnjak N. i dr., Beograd 1989 str. 217

[104] Tadić N. Psihijatrija detinstva i mladosti, Naučna knjiga, Beograd 1985, str. 85

зголемена моторна активност на т.н. „немирни деца" произлегуваат од: непријатно искуство (од физичка и психичка природа), со нагласено присилно однесување на личностите од околината, особено најката; страв од одвојување од мајката и од родителската соба; конфликти во пубертетот (со другари, родители, во училиште)"[105].

**- повлеченост** - „Реактивната повлеченост може да се нарече и срамежливост и инхибираност. Се има впечаток дека тие деца никого не сакаат, своите чувства не ги насочуваат кон никого, стојат понастрана од секого, се срамат и се плашат. Во секодневниот говор за таквото дете се зборува дека е „повлечено" дете. Дланките им се почесто влажни, даваат пасивен отпор спрема дружењето и активностите"[106].

„Реактивната хиперанксиозност се јавува како постојана појава на анксиозност на детето, на секоја фрустрирана ситуација во социјална средина. Тоа нема доверба во себе си и се плаши пред секој настап во групата. Кај ваквите деца Ajuriagerra J. запазува анксиозност на мајките, кои што постојано бдеат над нив, очекувајќи секогаш повеќе од она што тие можат да го дадат. Децата тоа очекување го чувствуваат. Тоа ги оптоварува и колку помалку се оптоваруваат, толку повеќе кај нив се продлабочува сомнението во сопствените сили. Сето тоа доведува до пад и конфликти во семејната група"[107]

**- агресивност** - Агресивноста е составен дел на човечкиот афективитет. Се искажува на отворен и прикриен начин. И се препишуваат воглавно две значења: едно негативно спрема кое таа е надворешен израз на непријателство, омраза и бес насочени против надворешниот свет или себе и друго, позитивно спрема кое тоа е позитивна акција, пулзија, приближување кон другите, превземливост, општествена борбеност, тежнеење кон моќ"[108]. Развојот на агресивноста може да се следи преку поединечни фази на детскиот живот. Нејзините први изразувања се во облик на психомоторни растоварувања со хетероагресивни (чукање со нозе, фрлање на предмети, удирање

---

[105] English, O.,: Pearson 1976, Gommon Neuroses of Children and Adults, Norton Company, New York, vo knigata na Tadić N. cit. str. 78

[106] Bojanić, S. i Radulović K., :Socijalna psihijatrija razvojnog doba, Naučna knjiga, Beograd 1988, str. 85

[107] isto str. 85

[108] Adler,: Poznavanje čoveka, Beograd 1963, Kosmos, vo knigata na Tadić N. cit. str. 131

на личности околу себе) и автоагресивни (гризење, штипење, чукање со глава во ѕид) белези. [109].

Спрема истражувањата на повеќе автори[110] момчињата од непотполни семејства настанати со развод почесто се однесуваат агресивно и асоцијално, додека пак момчињата чии што татковци умреле повеќе се склони кон анксиозноси и невротичност.

„Момчињата почесто од девојчињата го усвојуваат и имитираат агресивниот настап на родителите. Особено агресивните татковци стануваат примери на агресивно однесување на своите синови[111]. Исто така влијанието на татковците на синовите е посилно зошто како родител од ист пол таткото е поначаен за имитирање, од родителот од спротивен пол.

## 3.2. КОЛКУ И КАКО НЕПОТПОЛНОТО СЕМЕЈСТВО СЕ ЈАВУВА КАКО ПРИЧИНА ЗА ВОСПИТНА ЗАПУШТЕНОСТ КАЈ ДЕЦАТА

„Некои истражувачи укажуваат на зголемување на деликвентноста кај децата од разведни родители, но процентот е голем и од семејствата, каде што починал еден брачен другар. Затоа Good смета дека тука повеќе се работи за неадекватна социјализација, поради тоа што не се присутни двата родитела, без разлика дали е во прашање развод или смрт на еден родител. Последиците се особено тешки кога разведните родители продолжуваат со нетрпеливост и кавги, борејќи

---

(109) Tadić N. cit. str. 132

(110) Emery, R.E.,: Interparental confliet and the children od discord and divorce, Psychological Bulletin, 1982, 2; Douglas, J.W.B., Ross T.M., Hammond W.A., Mulligan D.G.,: Pelinquency and social class, British Journal of Sriminology 1966,6;Gibson, H.B.: Early delinqyency in relation to broken homes, Journal of Child Psyhologu and Psychiatry and Allied Disciplines, 1969, Gregory I. Anterospective data following chilhood loss of parent, Arehives of General Psychiatry 1965, 13

(111) Emery cit. 1982, Flanders J.P., Areview of research on imitative behavior, Psychological Bulletin 1968, 69; Jacobson N.S., Martin, B.,: Behavioral marriage theapy: Gurrent status, Psychological Bulletin, 1976,83)

се за љубовта на детето и забранувајќи му на детето да го види другиот родител"[112]

Резултатите на многу истражувања, кај нас и во светот укажуваат на поврзаност помеѓу непотполноста на семејството и малолетничкото престапништво. При споредувањето на наодите од мноштвото истражувања постојат тешкотии, затоа што потполноста на семејството и другите семејни варијабили на различни начини се дефинирани и операционализирани и се вршени на примероци од различни популации. Исто така стручњаците доаѓаат до различни заклучоци, кои многу често се спротивставени. Во истражувањата на деликвентните деца од подрачјето на Хрватска се покажало дека повеќето рецидивисти за кражба се од формално непотполно семејство. Исто така е констатирано дека децата во непотполните семејства живеат со мајка а пак таткото воопшто не се грижел за семејството[113] Тодоровиќ и др. [114] констатирале дека во примерокот на деликвнти на возраст од 14 до 18 год. има повеќе малолетници кои живеат со еден родител во однос на споредената група на неделиквенти.

Јашовиќ и др. [115] во истражувањето реализирано во Белград утврдиле дека 30% од испитувањата група на малолетници потекнува од семејства на разведени родители, додека такви во контролната група има само 7%. До слични податоци дошле и други автори[116].

Јарос и Жабинска утврдиле дека постои тесна врска помеѓу недостатокот на татко, и престапништвото на малолетниците. Недостатокот на татко, тешките услови на живеење, како и недостаток на грижа и љубов, со голема веројатност го водат детето кон кршење на правилата и асоцијално однесување[117].

---

[112] Golubović, Z.,: Porodica kao ljudska zajednica, ITRO Naprijed, Zagreb 1981 str. 225

[113] Bajer ,M.,: Glavne karakteristike maloletničkog kriminaliteta u Problemi maloletničkog kriminaliteta, Republički zavod za statistiku SRH, Zagreb 1969, str. 192-239

[114] Todorović, A.,: Prestupništvo maloletnika u Beogradu, Filozofski fakultet, Beograd 1970)

[115] Jašović, Ž.: i dr., Kriminogeni uticaj porodice, u studiju "Prestupništvo maloletnika u Beogradu", Naučna knjiga Beograd 1970, str.98 -140

[116] Bročić, M.,: Društveni uzroci vospitne zapuŠtenosti i prestupništva kod omladine, Gledišta Beograd 1962, 2-3; Popović ,V.,: Neki mehanizmi odbrane kod vaspitno - zapuštene dece i omladine, Socijalna politika 1962; Skaberne, B.,: "Porodični odnosi i omladinska delikvencija", vo knigata; Milosavljević ,M.,: Porodica i vaspitna zapuštenost dece, Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja Beograd 1982

[117] Jarosz, M.: Problemy dezorganizacije rodziny, PWN, Warszawa 1979; Zabczynska E. Prrestepczość dzieci a szkola i dom, WSIP, Wąrszawa 1974

Посебно сакаме да нагласиме дека во наведените истражувања, истражувачите од популацијата на малолетните престапници изведувале примерок за истражување и го анализирале семејството на престапникот. Притоа добиените податоци ги споредувале со семејствата во кои нема малолетни престапници.

Иако понекаде можеме да наидеме на обиди на воспоставување на линеарни и парцијални врски помеѓу непотполното семејство и деликвентното однесување сепак, воопштено преовладува подиференциран пристап кон тој проблем и постојат истражувања кои се обидуваат да го докажат спротивното.

Така на пр. во едно друго истражување Тодоровиќ и др.[(118)] не нашле значајна разлика помеѓу мултирецедивистите и еднократните малолетни деликвенти со формалната потполност на нивните семејства. Рутер и Гилер[(119)] наведуваат многу истражувања кои покажуваат како конфликтите во бракот и раскинувањето на бракот претставуваат ризичен фактор за појава на деликвенцијата и за појава на нарушување во воспитувањето воопшто. Тие предупредуваат дека поголем е ризикот за деликвентно однесување кај децата од формални потполни, но незаинтересирани семејства во кои постојат конфликти, од формално непотполните семејства.

В. Стаменкова-Трајкова ги испитувала малолетните престапници на територијата на нашата држава. Целта на нејзиното истражување[(120)] била да се утврдат факторите кои доведуваат до воспитна загрозеност на семејната средина, односно дали таа почеста кај семејствата со нарушена структура или во оние со нарушени семејни односи и каква е поврзаноста помеѓу воспитната загрозеност не семејната средина и појавата на нарушеното поведение кај децата.

Примерокот на испитуваните деца го сочинуваат 200 семејства, според два критериума - потполност и непотполност (по 100 од секоја група).

Од добиените податоци не ја потврдила хипотезата дека степенот на воспитната загрозеност на семејната средина зависи од

---

[(118)] Todorović, A .,: i dr. Prestupništvo maloletnika u industriskim naseljima, Beograd 1966)

[(119)] Rutter, M.:, Giller, S,: Jouvenile Delinquency: Trends and Perspectives, New York 1983

[(120)] V. Stamenkova - Trajkova, Socijalizacijata na decata vo nepotpolnoto semejstvo, Zbornik na trudovi, Drućtvo za nauka i umetnost, Bitola 1992 str. 35-43

структуралната дезинтегразија на семејството, но ги потврдила хипотенциите дека степенот на воспитна загрозеност на семејните средини зависи од функционалната дезорганизираност на семејството и дека од степенот на воспитната загрозеност на семејството зависи поведението на децата. Овие податоци се во согласност со искуствата од практиката.

Од практиката е познато дека сите деца кои живеат во непотполно семејство нестанато со развод на брак, не стануваат обврзно и воспитно запуштени. Тука сакавме само да напоменеме дека ваквото семејство може да се јави како ризичен фактор за појава на воспитната запуштеност и малолетничко однесување кај децата. Какво ќе биде однесувањето на детето најмногу зависи од квалитетот на разводот, од односите родители-деца и односите мајка - татко по разводот.

ВТОР ДЕЛ

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

# 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на нашето истражување е воспитанието на децата во непотполни семејни средини, настанати со развод на родителите, каде што децата продолжуваат да живеат со мајката.

Во рамките на воспитното влијание на мајката врз детето (децата) по разводот може да се издвојат две групи на чинители со оглед на непосредоста на влијанието:

1. посредно влијание на животните услови на семејството (квалитет на домување, економски услови, доволен простор и сл.)

2. непосредно влијание врз личноста на детето (врз интелектуалната, емотивната и конативната сфера)

Ние посебно ќе се задржиме на некои сегменти од непосредното влијание врз личноста на детето. Ќе се задржиме само на површината, на она што е видливо и реално постои, поради затвореноста на семејството и неможностите да се набљудуваат воспитните постапки на мајките и нивните односи со децата.

Пред да преминеме на испитувањето на воспитанието на децата од непотполни семејни средини, ќе се запознаеме со основните податоци за мајката и за децата. Ќе се запознаеме со местото на живеење на мајката и децата, со основните индивидуални карактеристики на мајката (образование, вработеност) со основните индивидуални карактеристики на нејзините деца (години, пол, одделение), со комуни-

кацијата на мајката со таткото од децата по разводот и со комуникацијата на децата со таткото.

Испитувањето на воспитанието на децата во непотполни семејни средини, настанати со развод, каде што децата продолжуваат да живеат со мајката, опфаќа повеќе категории, но ние ќе се здржиме на следните:

1. Комуникација на родителите по разводот на бракот

Тоа е комплексен проблем, но ние ќе се задржиме на:

- дијагностицирање на видот на комуникацијата на разведените родители (лична, телефонска и сл.)

- дијагностицирање на интензитетот на комуникацијата на разведените родители (редовна, повремена, прекината и сл.)

- дијагностицирање на поврзаноста на образованието на мајката со комуникацијата на разведените родители.

2. Комуникација на децата со таткото по разводот на бракот на родителите.

Во рамките на оваа комплексна категорија ќе се задржиме на:

- дијагностицирање на видот на комуникацијата на децата со таткото, по разводот на бракот на родителите (лична, телефонска и сл.)

- дијагностицирање на интензитетот на комуникацијата на децата со таткото по разводот на бракот на родителите (редовна, повремена, прекината и сл.)

- дијагностицирање на поврзаноста на образованието на мајката со комуникацијата на децата со таткото по разводот на бракот на родителите;

Категориите 1 и 2 само ќе ги допреме, без детално проучување, зашто тоа бара во истражувањето да се вклучат татковците и децата.

Татковците се надвор од нашето истражување, з што во согласност со предметот на нашето истражување се определивме да го истражуваме воспитувањето на децата во непотполно семејство настанато со развод, каде што децата продолжуваат да живеат со мајката.

Децата не ги вклучуваме во истражувањето, за да не ги вознемируваме. Тоа би бил голем товар за нив и постои можност да не бидат

искрени, зашто би внимавале да не ги навредат родителите.

3. Однесувањето на детето (децата), по разводот на бракот на родителите.

Тоа се манифестира на различни начини, но ние ќе се задржиме на:

- односот на детето (децата) кон училишните задачи, односно каков општ успех постигнува;

- емотивното доживување на детето (децата) на разводот од родителите, односно дали манифестира невротични пречки (зголемена потреба на контакт со мајката, вербален и моторен немир, грицкање нокти, мокрење во кревет, повлеченост, агресивност и сл.

- поведението на детето, односно дали манифестира воспитна запуштеност и малолетничка деликвенција (наклонетост кон лажење, конфликти со средината, бегство од домот и училиштетот);

- дијагностицирање на евентуалната поврзаност на воспитната запуштеност и малолетничка деликвенција на детето (децата) со: комуникацијата на разведените родители, комуникацијата на детето (децата) со таткото по разводот на бракот на родителите, вработеноста на мајката и местото на живеење на непотполното семејство.

4. Размерот на грижата на мајката за детето (децата).

Грижата на мајката за детето е тесно поврзана со воспитанието на детето и опфаќа:

- чување, надзор и грижа на мајката за работните обврски и должности на детето (децата);

- запознатост на мајката со начинот на кој што детето (децата) го проведуваат слободното време, односно дали детето го проведува слободното време организирано во различни спортски клубови, музички клубови, различни секции во училиштето, културно-уметнички друштва и сл.

Овие показатели се доказ за ширината на надзорот на мајката над детето, работното ангажирање на детето од страна на мајката и нејзина запознатост со активностите на детето во слободното време.

Движејќи се во рамките на овие четири категории ќе се обидеме да истражиме некои аспекти од воспитанието на децата во непотполни семејни средини настанати во развод.

## 2. ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основната цел на истражувањето е да се открие какво е воспитанието на децата во непотполното семејство настанато со развод, каде што децата продолжуваат да живеат со мајката.

Вака дефинираната цел е конкретизирана во следните задачи на истражувањето:

1. Да се испита видот и интензитетот на комуникацијата помеѓу разведените родители.

2. Да се испита видот и интензитетот на комуникација помеѓу децата и таткото по разводот на бракот на родителите.

3. Да се испита поврзаноста помеѓу степенот на образованието на мајката и степенот на остварената комуникација

4. Да се испита поврзаноста помеѓу степенот на образованието на мајката и степенот на остварената комуникација на децата со таткото по разводот на родителите;

5. Да се испита влијанието на разводот на бракот на родителите врз успехот на децата;

6. Да се испита дали децата манифестираат невротични пречки по разводот на родителите.

7. Да се испитаат можните проблеми на воспитен план кај децата, кои настануваат по разводот на бракот на нивните родители (наклонетост кон лажење, конфликти со средината, бегство од домот и од училиштето).

8. Да се испита поврзаноста помеѓу воспитните проблеми кај децата и комуникацијата на разведените родители

9. Да се испита поврзаноста помеѓу воспитните проблеми кај децата и комуникацијата на децата со таткото по разводот на родителите.

10. Да се испита поврзаноста помеѓу вработеноста на мајката и појавата на воспитни проблеми кај децата, по разводот на родителите.

11. Да се испита поврзаноста помеѓу местото на живеење на непостојаното семејство и појавата на воспитни проблеми кај децата по разводот на родителите.

12. Да се испита дали мајките работно ги ангажираат децата во семејството, по разводот на родителите.

13. Да се испита дали мајките се запознати со начинот на кој

што нивното дете го проведува слободното време, односно дали децата слободното време го поминуваат организирано по разводот на родителите.

## 3. ХИПОТЕЗИ

Од веќе наведените факти и дадени објаснувања во предметот на истражувањето, можно е да се постави следнава општа хипотеза:

Не постојат проблеми во воспитанието кај децата како последица од животот со еден родител.

Посебни хипотези се:

1. Претпоставуваме дека комуникацијата помеѓу родителите и помеѓу децата и таткото по разводот на бракот не задоволува.
2. Претпоставуваме дека не постои статистички значителна разлика помеѓу степенот на образование на мајката и степенот на остварената комуникација помеѓу разведените родители.
3. Претпоставуваме дека не постои статистички значителна разлика помеѓу степенот на образование на мајката и степенот на остварената комуникација помеѓу децата и таткото по разводот на бракот на родителите.
4. Претпоставуваме дека разводот на бракот на родителите нема негативни последици врз општиот успех на децата во училиштето.
5. Претпоставуваме дека кај поголемиот број на деца по разводот на родителите се јавуваат невротични пречки.
6. Претпоставуваме дека кај поголемиот број на деца по разводот на бракот на родителите не се јавува воспитна запуштеност и малолетничка деликвенција.
7. Претпоставуваме дека не постои корелација помеѓу појавата на воспитни проблеми кај децата и комуникацијата на разведените родители.
8. Претпоставуваме дека не постои корелација, помеѓу појавата воспитни проблеми кај децата и комуникацијата на децата со таткото по разводот на бракот на родителите.

9. Претпоставуваме дека не постои статистички значителна разлика помеѓу местото на живеење на непотполното семејство и појавата на воспитни проблеми кај децата по разводот на родителите.

10. Претпоставуваме дека не постои статистички значителна разлика помеѓу вработеноста на мајката и појавата на воспитни проблеми кај децата.

11. Претпоставуваме дека децата во непотполното семејство работно се ангажирани во согласност со нивната возраст, можностите и способностите.

12. Претпоставуваме дека поголемиот број на децата слободното време го поминуваат неорганизирано.

## 4. ВАРИЈАБЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во нашето истражување се присутни поголем број на варијабли со различен интензитет и квалитет.

Како независни варијабли се јавуваат: степенот на образование на мајката, вработеноста на мајката, местото на живеење на непотполното семејство, децата со своите индивидуални карактеристики (години, пол), распоред и број на децата во непотполното семејство, комуникацијата помеѓу разведените родители и помеѓу децата и таткото по разводот на родителите.

Зависни варијабли ќе бидат: успехот на децата во училиште, невротичните пречки кај децата, поведението на децата и активностите на децата.

Секоја од споменатите варијабли е одредена како независна или зависна само начелно. Секоја од нив во конкретните услови на испитувањето ќе содржи поголем број на варијабли, кои взаемно ќе се условуваат на различни начини.

## 5. ПРИМЕРОК НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

За истражување на нашиот проблем, потребни се два вида на примероци: примерок на мајки што се развеле и примерок на деца, чии родители се развеле;

Примерокот на мајки што се разделе ќе има карактеристики на намерен, што значи од основниот збир (популација) на мајки што се разделе во периодот од 1991 до 1995 година во општина Тетово, ќе се определат оние мајки што се грижат за деца од училишна возраст од 7 до 18 години (барем едно од нивните деца е на училишна возраст) и не склучиле друг брак по разводот.

Примерокот на деца од разведени родители е поврзан со примерокот на мајки, односно ќе го сочинуваат децата од анкетираните мајки. До податоци за децата ќе дојдеме преку анкетирање на мајките.

Во табелата 1 е прикажана основната структура на примерокот на мајки што се разделе во период од 1991-1995 и кои се евидентирани во табела 1.

Табела 1: Основна структура на примерокот на мајки што се разделе

| ЕВИДЕНЦИЈА ВО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ТЕТОВО | град | | село | | Вкупно мајки | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Евиденција во 1991 | 18 | 16.98 | 2 | 8.7 | 20 | 15.5 |
| Евиденција во 1992 | 25 | 23.58 | 2 | 8.7 | 27 | 20.93 |
| Евиденција во 1993 | 14 | 13.21 | 8 | 34.78 | 22 | 17.05 |
| Евиденција во 1994 | 28 | 16.42 | 6 | 26.09 | 34 | 26.36 |
| Евиденција во 1995 | 21 | 19.81 | 5 | 21.73 | 26 | 20.16 |
| Вкупно | 106 | 100 | 23 | 100 | 129 | 100.00 |

Анкетирани се 129 мајки од кои 82.17% живеат со своите деца во град, а пак 17.83% живеат во село. 15.50% од мајките се разведени во текот на 1991 г., во 1992 се разведени 20.93%, во 1993 г. се разведени 17.05%, а во 1994 г. се разведени 26.36% и 20.16% од мајките се

разведени во 1995 г.

Во табела 2 е прикажана структурата на примерокот во однос на степенот на образование на мајките што се разведе.

Табела 2: Структура на примерокот во однос на степенот на образованието на мајките што се разведе

| СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ НА МАЈКАТА | град | | село | | вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Високо | 15 | 14.15 | / | 0 | 15 | 11.63 |
| Вишо | 8 | 7.55 | 1 | 4.35 | 9 | 6.98 |
| Средно | 49 | 46.23 | 9 | 39.13 | 58 | 44.96 |
| Основно | 25 | 23.58 | 9 | 39.13 | 34 | 26.35 |
| Недоформено | 9 | 8.49 | 4 | 17.39 | 13 | 10.08 |
| Вкупно | 106 | 100 | 23 | 100 | 129 | 100 |

Од податоците се гледа дека 11.63% од анкетираните мајки се со високо образование, 6.98% се со вишо образование, 44.96% се со средно образование, со основно образование се 26.35% од мајките, а со недооформено основно образование се 10.08%.

Во табелата 3 е претставена структурата на примерокот во однос на вработеноста на мајките што се развеле.

Табела 3

| ВРАБОТЕНОСТ НА МАЈКАТА | град | | село | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Мајката работи | 63 | 59.43 | 8 | 34.78 | 71 | 55.04 |
| Мајката не работи | 43 | 40.57 | 15 | 65.22 | 58 | 44.96 |
| Вкупно | 106 | 100 | 23 | 100 | 129 | 100.00 |

Податоците покажуваат дека 55.04% од мајките се вработени, а пак 44.96 не се вработени.

Од анкетираните мајки од 129 непотполни семејства се добиени податоци за нивните деца.

Во табела 4 е прикажана основната структура на примерокот на деца од непотполни семејства, чии мајки се анкетирани.

Види табела 4

Од табелата се гледа дека примерокот го сочинуваат 233 деца од кои 9.87% се деца од предучилишна возраст (52.17% машки, 47.83 женски), 12.45% се деца на возраст од 7 години (48.28% машки, 51.72% женски) 8.58% од децата имаат 8 години (45% машки, 55% женски), 8.15% од децата имаат 9 години (47.37% машки, 52.63 женски), 6% од децата имаат 10 години г. (35.71% машки, 64.29% женски), 7.30% од децата имаат 11 години (47.06% машки, 52.94% женски), 8.15% од

децата имаат 12 години (52.63% машки, 47.36 женски), 9.01% од децата имаат 13 години (52.38 машки, 47.61 женски) 9.44 од децата имаат 14 години (36.36% машки, 63.63 женски) 6% од децата имаат 15 години (28.57% машки, 71.43% женски), 7.30% од децата имаат 16 години (58.82% машки, 41.18% женски), 3% од децата имаат 17 години (57.14% машки, 42.86% женски) исто така 3% од децата имаат 18 години (71.43% машки, 28.57% женски), на возраст над 18 години се 1.72% од децата (75% машки, 25% женски)

Децата од предучилишна возраст и над 18 години возраст се опфатени при анализита на сите податоци, со исклучок на податоците во врска со училишниот успех, зошто тие не одат во училиште. Се определивме да ги опфатиме и нив зошто и тие се членови на непотполното семејство и се прилагодуваат на разводот од родителите.

Во табела 5 е прикажана структурата на примерокот на деца од разведени родители, чии мајки се анкетирани, во однос на одделението, кое што го посетуваат децата во текот на оваа учебна година 1996/1997

Види табела 5

Од табелата се гледа дека примерокот го сочинуваат 199 деца, кои одат на училиште.

Во прво одделение се вклучени 14.57% од децата, (44.83% машки и 55.17% женски), второ одделение се 9.55% од децата (52.63% машки и 47.37 женски), во трето одделение 9.05% (50% машки и 50% женски), во четврто одделение 11.06% од децата (36.36% се машки и 63.63 се женски), во петто одделение се 9.55% од децата (42.11% машки, 57.89 женски), во шесто одделение се 9.55% од децата (63.16% машки, 36.84% женски), во седмо одделение се 9.05% од децата (44.44% машки и 55.55% женски), во осмо одделение се 8.54% од децата (29.41% машки, 70.59% женски). Во прва година средно училиште се вклучени 7.04% од децата (42.86% машки, 57.14% женски), 6.03% се во втора година (25% машки, 75% женски) во трета година 4.02% (50% машки, 50% женски) во четврта година 2.01% (75% машки, 25% женски)

Табела 4: Основна структура на примерокот на деца од непотполни семејства од разведени родители, чии мајки се анкетирани

| ГОДИНИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| распоред на деца и пол | | предучил | | 7 год. | | 8 год. | | 9 год. | | 10 год. | | 11 год. | | 12 год. | | 13 год. | | 14 год. | | 15 год. | | 16 год. | | 17 год. | | 18 год. | | над 18 | | вкупно | |
| | | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| првото | М | / | 0 | 9 | 31.03 | 3 | 15 | 3 | 15.79 | 2 | 14.29 | 7 | 41.18 | 7 | 36.84 | 5 | 23.81 | 6 | 27.27 | 3 | 21.43 | 7 | 41.17 | 3 | 42.86 | 3 | 42.86 | 3 | 75 | 61 | 26.18 |
| | Ж | / | 0 | 14 | 48.28 | 6 | 30 | 6 | 31.58 | 3 | 21.43 | 6 | 35.29 | 5 | 26.32 | 6 | 28.57 | 6 | 27.27 | 6 | 42.86 | 5 | 29.41 | 3 | 42.86 | 2 | 28.57 | 1 | 25 | 69 | 29.61 |
| второто | М | 7 | 30.43 | 3 | 10.34 | 5 | 25 | 6 | 31.58 | 1 | 7.14 | / | 0 | 3 | 15.79 | 4 | 19.05 | 2 | 9.09 | 1 | 7.14 | 2 | 11.77 | 1 | 14.28 | 2 | 28.57 | / | 0 | 37 | 15.88 |
| | Ж | 7 | 30.43 | | 0 | 3 | 15 | 4 | 21.05 | 3 | 21.43 | 3 | 17.65 | 3 | 15.79 | 4 | 19.05 | 6 | 27.27 | 3 | 21.43 | 2 | 11.77 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 38 | 16.31 |
| третото | М | 4 | 17.39 | 2 | 6.9 | 1 | 5 | / | 0 | 1 | 7.14 | 1 | 5.88 | / | 0 | 1 | 4.76 | / | 0 | / | 0 | 1 | 5.88 | / | 0 | / | 0 | | 0 | 11 | 4.72 |
| | Ж | 3 | 13.05 | 1 | 3.45 | 1 | 5 | / | 0 | 2 | 14.29 | / | 0 | 1 | 5.26 | / | 0 | 2 | 9.09 | 1 | 7.14 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 11 | 4.72 |
| четврто | М | 1 | 4.35 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 1 | 7.14 | / | 0 | / | 0 | 1 | 4.76 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 3 | 1.29 |
| | Ж | 1 | 4.35 | | 0 | 1 | 5 | / | 0 | 1 | 7.14 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 3 | 1.29 |
| вкупно | | 23 | 100 | 29 | 100 | 20 | 100 | 19 | 100 | 14 | 100 | 17 | 100 | 19 | 100 | 21 | 100 | 22 | 99.99 | 14 | 100 | 17 | 100 | 7 | 100 | 7 | 100 | 4 | 100 | 233 | 100 |

Табела 5: Структура на примерокот деца од разведени родители, чии мајки се анкетирани во однос на одделението што го посетуваат во училиште

| распоред на деца и пол | | ОДДЕЛЕНИЕ НА ДЕЦАТА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 одд. | | 2 одд. | | 3 одд. | | 4 одд. | | 5 одд. | | 6 одд. | | 7 одд. | | 8 одд. | | 1 клас | | 2 клас | | 3 клас | | 4 клас | | вкупно | |
| | | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| првото | М | 8 | 27.59 | 4 | 21.06 | 1 | 5.55 | 5 | 22.72 | 5 | 26.32 | 8 | 42.11 | 7 | 38.89 | 3 | 17.65 | 4 | 28.57 | 2 | 16.67 | 4 | 50 | 1 | 25 | 52 | 26.13 |
| | Ж | 14 | 48.27 | 5 | 26.31 | 4 | 22.22 | 7 | 31.81 | 8 | 42.1 | 5 | 26.32 | 6 | 33.33 | 5 | 29.41 | 4 | 28.57 | 7 | 58.33 | 4 | 50 | 1 | 25 | 70 | 35.18 |
| второто | М | 2 | 5.9 | 6 | 31 58 | 7 | 38 89 | 1 | 4.55 | 2 | 10.53 | 3 | 15.79 | 1 | 5.55 | 2 | 11.77 | 1 | 7.14 | 1 | 8.33 | | 0 | 2 | 50 | 28 | 14 07 |
| | Ж | | 0 | 3 | 15.79 | 4 | 22.22 | 4 | 18.18 | 3 | 15.79 | 1 | 5.26 | 3 | 16.67 | 6 | 25.29 | 3 | 21.43 | 2 | 16.67 | | 0 | | 0 | 29 | 14.57 |
| третото | М | 3 | 10.34 | | 0 | 1 | 5.55 | 1 | 4.55 | 1 | 5.26 | | 0 | | 0 | / | 0 | 1 | 7.14 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 7 | 3.51 |
| | Ж | 1 | 3.45 | | 0 | 1 | 5.55 | 2 | 9.09 | / | 0 | 1 | 5.26 | 1 | 5.55 | 1 | 5.88 | 1 | 7.14 | | 0 | | 0 | | 0 | 8 | 4.02 |
| четврто | М | | 0 | | 0 | / | 0 | 1 | 4 55 | / | 0 | 1 | 5.26 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 2 | 1.01 |
| | Ж | 1 | 3.45 | 1 | 5.26 | | 0 | 1 | 4 55 | / | 0 | / | 0 | | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 3 | 1.51 |
| вкупно | | 29 | 100 | 19 | 100 | 18 | 99.99 | 22 | 100 | 19 | 100 | 19 | 100 | 18 | 99.99 | 17 | 100 | 14 | 99.99 | 12 | 100 | 8 | 100 | 4 | 100 | 199 | 100 |

## 6. МЕТОД НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Во нашето истражување го применивме дестриптивниот метод, бидејќи тој одговара на карактерот на предметот на истражувањето, поставената цел, задачи и хипотези на ова истражување. Ова собирање на податоци е вршено со цел мајките да ја наведат фактичката ситуација на воспитанието на децата во непотполното семејство.

## 7. ИСТРАЖУВАЧКИ ТЕХНИКИ (ПОСТАПКИ)

Во нашето исражување ќе ги примениме следните истражувачки техники:

1. - Анализа на пегашката документација,
2. - Анкетирање

## 8. ИНСТРУМЕНТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

При истражувањето ќе примениме анкетен лист, кој што е наменет за мајките што се развеле.

## 9. ОПИС НА ИНСТРУМЕНТОТ

Се определивме за анкетен лист за целиот примерок на разведени мајки, сметајќи дека тоа е најпогоден начин да се добие увид во еден дел од широкото поле на воспитанието на децата во непотполни семејни средини.

Во повеќето од досегашните испитувања на проблемот на воспитанието на децата се користеле анкетни листови наменети за мајките од децата со прашања од отворен тип. Иако таквиот анкетен лист е пологичен, сметаме дека тој повеќе одговара за испитување на мајките со повисоко образовно ниво и повисока интелегенција. Ние се

определивме за анкетен лист со прашања од затворен, отворен и комбиниран тип поаѓајќи од фактот дека тој е попрецизен од повеќе причини:

- Таквиот анкетен лист попрецизно насочува и помага при бележењето на податоците, зошто е предвидено местото за бележење. Истовремено на мајката ѝ се остава можност да даде и дополнително објаснување доколку чувствува потреба.

- Основна предност на ваквиот анкетен лист пред анкетниот лист со прашања од отворен тип е тоа што обработката на податоците е поедноставна и попрецизна.

Анкетниот лист е изработен за оваа намена. Заради неговото проверување извршено е претходно истражување на група од разведени мајки.

Анкетниот лист се состои од два дела (види прилог). Во првиот дел има 7 прашања од затворен или комбиниран тип. Првите три прашања се однесуваат на (местото на живеење, образование и вработеност). Четвртото и петтото прашање треба да ни дадат општи податоци за децата (возраст, пол, одделение). Последните две прашања од првиот дел се однесуваат на видот и интензитетот на комуникацијата на разведените родители и комуникацијата на децата со таткото по разводот.

Во вториот дел, исто така има 7 прашања од затворен, отворен и комбиниран тип. Прашањата се однесуваат на децата од мајките. Преку нив треба да добиеме податоци за успехот на децата по разводот на родителите, за присуството или отсуството на невротичните пречки и воспитните проблеми кај децата по разводот на родителите. Дали истите се поврзани со разводот или пак не. Дали мајките работно ги ангажираат децата и дали се запознати со нивната активност во слободно време.

## 10. ДИНАМИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето за воспитанието на децата од непотполни семејни средини го вршевме во текот на јануари и февруари 1997 год. По изработката на инструментот за собирање на податоците и изборот на примерокот на истражување, најпрво обезбедивме контакт со

мајките. Мајките беа поканети во Центарот за социјална работа во Тетово. Им ја објаснивме целта на анкетирањето и потребата од искреност при бележењето на податоците.

Секоја мајка беше информирана за денот и часот на анкетирањето. Обезбедено е присуство на истражувачот при пополнувањето на анкетниот лист, за да се избегнат евентуалните недоразбирања, а со тоа бројот на неважните инструменти да се сведе на нула.

## 11. СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Целокупната методолошка поставеност на истражувањето (дефинираниот проблем, инструментот за прибирање на податоците) наведува на потребата од поконкретен и подлабок статистички пристап во обработката на собраните податоци.

За таа цел изработивме поголем број табеларни прегледи, каде што податоците ги групиравме по фрекфенција и определивме процент. Покарактеристичните податоци ги претставивме со графикони. Значајноста на разликите помеѓу добиените дистрибуции на фрекфенциите и дистрибуцијата на нормална распределба, која ја очекувавме врз основа на поставените хипотези ја сметавме со помош на $x^2$ - тестот за две дистрибуции.

$x^2$ - тестот го сметаме по образецот

$$x^2 = \frac{(f_c-f_t)^2}{f_t}$$

каде што е:

fe- емпириска или добиена фреквенција

ft - очекувана или теориска фрекфенција

Тестирањето на хипотезите го извршивме со хи-квадрат како непараметриска проценка на ниво на значајност од 0.05 и 0.01.

Бидејќи величината $x^2$ укажува како на постоење или

непостоење на поврзаност помеѓу испитуваните варијабли, а не и на степенот на оваа поврзаност, при испитувањето на корелацијата го користевме с - коефициентот на контигенција, кој е најпогоден за атрибутивните варијабли со повеќе категории.

С - Коефициентот на контигенција го сметавме по образецот:

$$c = \sqrt{\frac{x^2}{N + x^2}}$$

каде што е:

$x^2$ = хи квадратот

N = вкупен број на анкетирани мајки

фи коефициентот на корелација (φ) го употребивме за вариблите со дихотомни атрибутивни белези.

φ - коефициентот на корелација го сметавме по образецот:

$$\varphi = \frac{ad - bc}{\sqrt{(a+6)\ (a+c)\ (b+d)\ (c+d)}}$$

каде што е:

a, b, c, d - се полиња во 2 x 2 табелите

# АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТИРАЊЕТО НА МАЈКИТЕ ПО РАЗВОДОТ

Анализата на резултатите ја започнавме со податоците што се однесуваа на остварената комуникација на разведените родители:

Табела 1: Остварена комуникација помеѓу разведените родители

| КОМУНИКАЦИЈА ПОМЕЃУ РАЗВЕДЕНИТЕ РОДИТЕЛИ | f | % |
|---|---|---|
| Лична комуникација | 28 | 21.7 |
| Телефонска комуникација | 16 | 12.4 |
| Нема комуникација | 85 | 65.9 |
| Вкупно | 125 | 100 |

Добиените податоци одат во прилог на хипотезата дека комуникацијата помеѓу разведените родители не задоволува. Меѓу анкетираните мајки 21.7% имаат лична комуникација, а пак 12.4% од мајките имаат телефонска комуникација со поранешниот сопруг по разводот. Овие мајки ги надминале конфликтите по разводот и сфатиле дека родителската комуникација по разводот е во интерес на нивните деца.

Загрижувачки е податокот дека 65.9% од мајките воопшто не комуницираат со таткото од децата по разводот. Во рамките на ова прашање мајките имаа можност, доколку сакаат, да објаснат зошто не комуницираат со таткото, 11% од мајките навеле дека се свесни за неопходноста на комуникацијата на разведените родители, но неможат

да го надминат својот критичен однос и непријателско расположение спрема поранешниот сопруг. 25% од мајките изразиле револт поради отсуството на интерес за комуникација од страна на таткото. Комуникацијата била извор на нови конфликти кај 12% од мајките. Повторните средби кај 8% од мајките предизвикале непријатно чувство и вознемиреност,13% од мајките сметаат дека со прекин на взаемна комуникација ќе ги заштитат децата од лошото влијание на таткото. Останатите мајки не дале дополнително објаснување (31%)

Следното прашање се однесува на остварената комуникација помеѓу децата и таткото по разводот на бракот на родителите. Податоците во табела 2 покажуваат дека е еднаков процентот на децата што комуницираат со таткото еден ден во неделата и два викенда во месецот (11.63%). Сличен е процентот на децата што комуницираат со таткото телефонски, бидејќи тој живее во странство или надвор од местото на живеење на непотполното семејство (12.4%). Меѓутоа овие деца имаат и средби со таткото еднаш или два пати во годината. Децата од 13, 18 непотполни семејства комуницираат со таткото секогаш кога имаат потреба и волја.

При споредувањето на податоците од табела 1 и табела 2 се забележува дека е поголем процентот (48.84%) на децата од непотполни семејства, што одржуваат врска со својот татко, од процентот на мајките што успеале да остварат пожелна комуникација со поранешниот сопруг (35%).

Податоците ја потврдуваат хипотезата дека комуникацијата помеѓу родителите и помеѓу децата и таткото по разводот на бракот не задоволува, бидејќи 65.9% од родителите взаемно не комуницираат, а пак 51.16% од децата воопшто не комуницираат со таткото по разводот.

Табела 2: Остварена комуникација помеѓу таткото и децата по разводот на бракот на родителите

| КОМУНИКАЦИЈА ПОМЕЃУ ТАТКОТО И ДЕЦАТА ПО РАЗВОДОТ НА БРАКОТ НА РОДИТЕЛИТЕ | f | % |
|---|---|---|
| Комуницираат еден ден во неделата | 15 | 11.63 |
| Комуницираат два викенда во месецот | 15 | 11.63 |
| Комуницираат телефонски | 16 | 12.4 |
| Комуницираат секогаш кога имаат потреба и волја | 17 | 13.18 |
| Не комуницираат | 66 | 51.16 |
| Вкупно | 129 | 100 |

Во табела 3: е прикажана поврзаноста помеѓу остварената комуникација на разведените родители и степенот на образование на мајката:

Табела 3: Комуникацијата на разведените родители и степенот на образование на мајката.

| КОМУНИКАЦИЈА НА РАЗВЕДЕНИТЕ РОДИТЕЛИ | СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВИСОКО | | ВИШЕ | | СРЕДНО | | ОСНОВНО | | НЕДОВРШЕНО | | ВКУПНО | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ИМА КОМУНИКАЦИЈА | 6 | 40 | 3 | 33.33 | 27 | 46.55 | 5 | 14.71 | 3 | 23.08 | 44 | 34.11 |
| НЕМА КОМУНИКАЦИЈА | 9 | 60 | 6 | 66.66 | 31 | 53.45 | 29 | 85.29 | 10 | 76.92 | 85 | 65.89 |
| Вкупно | 15 | 100 | 9 | 99.99 | 58 | 100 | 34 | 100 | 13 | 100 | 129 | 100 |

$x^2=10.6$ $x^2$ 0,05 (м=4)=9.49

Од податоците во табела 3 може да се заклучи дека мајките со повисок степен на образование имаат поголем процент на остварена комуникација. Разликите кај мајките со различен степен на образование во однос на остварената комуникација може подобро да се воочат на графичкиот приказ на резултатите:

Графикон 1:




Според податоците прикажани на графиконот во првата категорија која ги опфаќа мајките со високо образование повеќе од една третина испитанички (40%) имаат остварена комуникација со поранешниот брачен другар, а помалку од две третини (60%) немаат остварена комуникација. Овој однос е сличен кај категоријата на мајки со више образование, една третина или 33.33% од овие мајки имаат комуникација со таткото од децата, а пак две третини или 66.66% од мајките немаат. Кај мајките со средно образование овој однос е уште поизразен. Нешто помалку од една половина од испитаничките (46.55%) имаат комуникација, а пак повеќе од една половина (53.45%) немаат

остварена комуникација со поранешниот брачен другар. Овој процес е обратен кај мајките со основно и недоофомено образование, односно 14.71% од мајките со основното образование имаат комуникација со поранешниот брачен другар, а пак 85.29% од мајките немаат. Исто така помалку од една четвртина или 23.08% мајките со недооформено образование имаат комуникација, а пак повеќе од три четвртини или 76.92% немаат остварена комуникација со таткото од децата.

Пресметаниот хи - квадрат покажува дека утврдената разлика е статистички значајна на ниво од 0.05%. Тоа значи дека веројатноста да не постои поврзаност помеѓу степенот на образование на мајката и степенот на остварената комуникација помеѓу разведените родители е помала од 5%. Добиената вредност на коефициентот на контингенција е 0.26 C = 0.26.

Со тоа не ја потврдивме хипотезата дека не постои статистички значителна разлика помеѓу степенот на образованието на мајката и комуникацијата на разведените родители. Туку ја потврдивме алтернативната хипотеза дека постои статистички значителна разлика помеѓу степенот на образованието на мајката и комуникацијата на разведените родители меѓу варијаблите. Тоа го потврдува и величината на коефициентот на контигенција (C=0.26) што значи дека поврзноста е позитивна, постои но не е особено истакната. Сепак овој коефициент е значаен иако е мал, бидејќи е пресметан со хи квадратот, кој исто така е значаен, па од неговата значајност се заклучува за значењето на коефициентот на корелација.

Во табелата 4 се прикажани податоците за поврзаност на комуникацијата на децата со таткото и степенот на образование на мајката.

Табела 4: Поврзаност на комуникацијата на децата со таткото и степенот на образование на мајката.

| КОМУНИКАЦИЈА НА ДЕЦАТА СО ТАТКОТО | СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВИСОКО | | ВИШЕ | | СРЕДНО | | ОСНОВНО | | НЕДООФОМЕНО | | ВКУПНО | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ИМА КОМУНИКАЦИЈА | 7 | 46.66 | 5 | 55.55 | 28 | 48.28 | 18 | 52.94 | 5 | 38.46 | 63 | 48.84 |
| НЕМА КОМУНИКАЦИЈА | 8 | 53.33 | 4 | 44.44 | 30 | 51.72 | 16 | 47.06 | 8 | 61.54 | 66 | 51.16 |
| Вкупно | 15 | 99.99 | 9 | 99.99 | 58 | 100 | 34 | 100 | 13 | 100 | 129 | 100 |

$x^2$=0.28 $x^2$ 0.05 (и=4)=9.49

Од податоците се забележува дека децата од 46.66% непотполни семејства чии мајке се со високо образование комуницираат со таткото, а пак децата од 53.33% непотполни семејства не комуницираат со таткото. Овој однос е обратен кај децата чии мајки се со више образование, односно повеќе од половината деца од 55.55% непотполни семејства имаат комуникација со таткото а пак помалку од половината деца немаат комуникација. Децата од 48.28% непотполни семејства чии мајки се со средно образование имаат комуникација со таткото, а пак децата од 51.72% непотполни семејства немаат комуникација.

Односот е обратен кај децата со мајки со основно образование. Повеќе од половината деца од 52.94% непотполни семејства комуницираат со таткото, а пак помалку од половина деца од 47.06% непотполни семејства на комуницираат. Најмал е процентот на остварената комуникација кај децата со мајки со недооформено образование, односно децата од 38.46% непотполни семејства имаат комуникација, а пак децата од 61.54% непотполни семејства немаат комуникација со таткото по разводот на бракот на родителите.

Пресметаниот хи-квадрат укажува дека утврдените разлики не се статистички значајни.

Со тоа ја потврдивме хипотезата дека не постои статистички значителна разлика помеѓу степенот на образование на мајката и степенот на остварената комуникација на децата со таткото, по разводот на бракот на родителите.

Посебно не интересираше каков е успехот на децата по разводот на родителите.

Во табелата 5 е претставен успехот на децата по разводот на родителите:

Табела 5: Распоред и пол на децата во непотполното семејство и општиот успех на децата

| ОПШТ УСПЕХ НА ДЕЦАТА | РАСПОРЕД И ПОЛ НА ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНО СЕМЕЈСТВО | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРВО ДЕТЕ | | | | ВТОРО ДЕТЕ | | | | ТРЕТО ДЕТЕ | | | | ЧЕТВРТО ДЕТЕ | | | | ВКУПНО | |
| | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ОДЛИЧЕН | 22 | 42.31 | 43 | 61.43 | 6 | 21.43 | 15 | 51.72 | 2 | 28.57 | 1 | 12.5 | / | 0 | 1 | 33.33 | 90 | 45.23 |
| МНОГУ ДОБАР | 16 | 30.77 | 14 | 20 | 9 | 32.14 | 9 | 31.03 | 2 | 28.57 | 5 | 62.5 | 1 | 50 | 2 | 66.67 | 58 | 29.15 |
| ДОБАР | 8 | 15.38 | 7 | 10 | 10 | 35.71 | 4 | 13.79 | 2 | 28.57 | 1 | 12.5 | / | 0 | / | 0 | 32 | 16.08 |
| ДОВОЛЕН | 4 | 7.69 | 4 | 5.71 | 2 | 7.14 | 1 | 3.45 | / | 0 | 1 | 12.5 | 1 | 50 | / | 0 | 13 | 6.53 |
| НЕДОВОЛЕН | 2 | 3.85 | 2 | 2.86 | 1 | 3.57 | / | 0 | 1 | 14.29 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 6 | 3.01 |
| Вкупно | 52 | 100 | 70 | 100 | 28 | 99.99 | 29 | 99.99 | 7 | 100 | 8 | 100 | 2 | 100 | 3 | 100 | 199 | 100 |

Податоците од табелата 5 покажуваат дека успехот на децата по разводот на родителите е добар. 45.23% од децата (33.33% машки, 66.67 женски) имаат одличен успех. Многудобар успех имаат 29.15% од децата (62.25% машки, 51.72% женски). Со добар успех се 16.08% од децата (62.25% машки и 37.75% женски). Многу е мал процентот на деца со доволен и недоволен успех, односно 6.53% од децата имаат доволен успех, а пак 3.01% од децата имаат недоволен успех. Најчесто тоа се децата што имаат воспитни проблеми и што бегаат од домот и од училиштето (сите деца што бегаат од училиште имаат недоволен успех).

Овие податоци се во согласност со теориските и емпириските сознанија дека разводот на бракот на родителите не носи негативни промени во успехот кај децата.

Податокот дека 84.38% од децата имаат одличен и многудобар успех во училиште, ја потврдува хипотезата дека разводот на бракот на родителите нема негативни последици врз општиот успех на децата во училиштето.

Сакавме да откриеме дали кај децата по разводот на родителите постојат невротични пречки.

Во табелата 6 се претставени податоците за невротичните пречки кај децата по разводот на родителите:

Од емпириските податоци добиени со ова истражување сознаваме дека 53.22% од децата (50.81% машки, 49.19% женски) имаат невротични пречки, а пак 46.78% од децата (44.95% машки и 55.05% женски) немаат невротични пречки по разводот на родителите.

Истите податоци графички ги претставивме во графиконот 2.

Со подетална анализа на видот на невротичните пречки кај децата (Табела 7) се забележува дека најчеста невротична пречка кај децата е повлеченоста 36.29%, а потоа следуваат следните невротични пречки кај децата: вербален и моторен немир 13.71% (37,78% машки, 62.22 женски); аграсивност 12.1% (80% машки, 20% женски); немирен сон 11.29% (64.29% машки, 35.71 женски); грицкање нокти 10.48% (30.77 машки, 69.23 женски) зголемена потреба за контакт со мајка 8.87% (36.36 машки, 63.64 женски) и мокрење во кревет 7.26% (55.55 машки, 45.55 женски)

Табела 6: Распоредот и полот на децата во непотполните семејства и присуството на невротични пречки.

| ПРИСУСТВО НА НЕВРОТИЧНИ ПРЕЧКИ | РАСПОРЕД И ПОЛ НА ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНО СЕМЕЈСТВО | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРВО ДЕТЕ | | | | ВТОРО ДЕТЕ | | | | ТРЕТО ДЕТЕ | | | | ЧЕТВРТО ДЕТЕ | | | | ВКУПНО | |
| | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ИМА ПРИСУСТВО | 37 | 60.66 | 39 | 56.52 | 20 | 54.05 | 17 | 44.74 | 4 | 36.36 | 5 | 45.45 | 2 | 66.67 | / | 0 | 124 | 53.22 |
| НЕМА ПРИСУСТВО | 24 | 39.34 | 30 | 43.48 | 17 | 45.95 | 21 | 55.26 | 7 | 63.64 | 6 | 54.55 | 1 | 33.33 | 3 | 100 | 109 | 46.78 |
| Вкупно: | 61 | 100 | 69 | 100 | 37 | 100 | 38 | 100 | 11 | 100 | 11 | 100 | 3 | 100 | 3 | 100 | 233 | 100 |

Табела 7: Распоред и пол на децата во непотполното семејство и видот на невротичните пречки

| ВИД НА НЕВРОТИЧНИ ПРЕЧКИ | РАСПОРЕД И ПОЛ НА ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНО СЕМЕЈСТВО | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРВО ДЕТЕ | | | | ВТОРО ДЕТЕ | | | | ТРЕТО ДЕТЕ | | | | ЧЕТВРТО ДЕТЕ | | | | ВКУПНО | |
| | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Зголемена потреба за мајка | 3 | 8.11 | 5 | 12.82 | 1 | 5 | 1 | 5.88 | / | 0 | 1 | 20 | / | 0 | / | 0 | 11 | 8.87 |
| Вербален и моторен немир | 8 | 21.62 | 4 | 10.26 | 3 | 15 | / | 0 | 1 | 25 | 1 | 20 | / | 0 | / | 0 | 17 | 13.71 |
| Грицкање нокти | 4 | 10.81 | 7 | 17.94 | / | 0 | 2 | 11.76 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 13 | 10.48 |
| Немирен сон | 3 | 8.11 | 3 | 7.69 | 6 | 30 | 1 | 5.88 | / | 0 | 1 | 20 | / | 0 | / | 0 | 14 | 11.29 |
| Мокрење во кревет | 3 | 8.11 | 2 | 5.13 | 2 | 10 | 1 | 5.88 | / | 0 | 1 | 20 | / | 0 | / | 0 | 9 | 7.26 |
| Повлеченост (осетливост) | 10 | 27.02 | 16 | 41.03 | 4 | 20 | 11 | 64.71 | 2 | 50 | 1 | 20 | 1 | 50 | / | 0 | 45 | 36.29 |
| Агресивост | 6 | 16.22 | 2 | 5.13 | 4 | 20 | 1 | 5.88 | 1 | 25 | / | 0 | 1 | 50 | / | 0 | 15 | 12.1 |
| Вкупно: | 37 | 100 | 39 | 100 | 20 | 100 | 17 | 99.99 | 4 | 100 | 5 | 100 | 2 | 100 | / | 0 | 124 | 100 |

ГРАФИКОН 2




Кај децата од 35.9% непотполни семејства се појавиле невротични пречки пред и продолжиле по разводот на родителите, а пак кај децата од 64.1% непотполни семејства истите се појавиле по разводот на родителите. Податоците се прикажани во табела 8:

Табела 8: Кога се појавиле невротични пречки кај децата од непотполните семејства.

| ПОЈАВА НА НЕВРОТИЧНИ ПРЕЧКИ КАЈ ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА | f | % |
|---|---|---|
| Пред разводот на родителите | 28 | 35.9 |
| По развојот на родителите | 50 | 64.10 |
| Вкупно | 78 | 100 |

Податоците одат во прилог на теориските и емпириските сознанија дека кај децата по разводот на бракот на родителите многу често е пристуството на невротични пречки.

Наведените податоци ја потврдуваат хипотезата дека кај поголемиот број на деца по разводот на родителите се јавуваат невротични пречки, но не во целост. Имено 54% од децата од непотполните семејства имаат невротични пречки, но не се за занемарување останатите 46% од децата. Карактеристично е што невротичните пречки се поприсутни кај децата кои не комуницираат со таткото по разводот на бракот на родителите.

Какво е поведението на децата по разводот на родителите, односно дали се присутни кај нив воспитни проблеми, се обидовме да откриеме низ следниве податоци:

Графикон 3




Од податоците прикажани во табела 9 може да се заклучи дека кај 91.42% од децата (46.48% машки, 53.52% женски) по разводот на родителите не се јавуваат воспитни проблеми, а пак кај 8.58 од децата (65% машки, 35% женски) се јавуваат.

Во табела 10 е направен преглед на децата од непотполните семејства, каде што кај некои од нив се јавиле воспитни проблеми.

(види стр. 97)

Кај 54.05% од децата во овие семејства се појавени воспитни проблеми, а пак кај 45.95 деца од истите семејства не се појавени воспитни проблеми. Што значи дека разводот на родителите кај децата од исто семејство има различно влијание врз поведението на децата.

Во табела 11 е прикажан видот на воспитни проблеми кај децата.

(види стр. 98)

Табела 9: Распоред и пол на децата во непотполните семејства и присуство на воспитни проблеми

| ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | РАСПОРЕД НА ДЕЦА И ПОЛ НА ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРВО ДЕТЕ | | | | ВТОРО ДЕТЕ | | | | ТРЕТО ДЕТЕ | | | | ЧЕТВРТО ДЕТЕ | | | | ВКУПНО | |
| | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ИМА ПРИСУСТВО | 6 | 9.84 | 5 | 7.25 | 5 | 13.51 | 2 | 5.26 | 2 | 18.18 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 20 | 8.58 |
| НЕМА ПРИСУСТВО | 55 | 90.16 | 64 | 92.75 | 32 | 86.49 | 36 | 94.74 | 9 | 81.82 | 11 | 100 | 3 | 100 | 3 | 100 | 213 | 91.42 |
| ВКУПНО | 61 | 100 | 69 | 100 | 37 | 100 | 38 | 100 | 11 | 100 | 11 | 100 | 3 | 100 | 100 | 100 | 233 | 100 |

Табела 10: Преглед на деца од непотполни семејства, каде што кај некои се јавиле воспитни проблеми.

| ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | РАСПОРЕД НА ДЕЦА И ПОЛ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРВО ДЕТЕ | | | | ВТОРО ДЕТЕ | | | | ТРЕТО ДЕТЕ | | | | ЧЕТВРТО ДЕТЕ | | | | ВКУПНО | |
| | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ИМА | 6 | 85.71 | 5 | 55.56 | 5 | 71.43 | 2 | 33.33 | 2 | 66.67 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 20 | 54.05 |
| НЕМА | 1 | 14.29 | 4 | 44.44 | 2 | 28.57 | 4 | 66.67 | 1 | 33.33 | 3 | 100 | / | 0 | 2 | 100 | 17 | 45.95 |
| ВКУПНО | 7 | 100 | 9 | 100 | 7 | 100 | 6 | 100 | 3 | 100 | 3 | 100 | / | 0 | 2 | 100 | 37 | 100 |

Табела 11: Видот на воспитни проблеми кај децата од разведени родители.

| ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ КАЈ ДЕТЕТО | РАСПОРЕД НА ДЕЦА И ПОЛ | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРВО ДЕТЕ | | | | ВТОРО ДЕТЕ | | | | ТРЕТО ДЕТЕ | | | | ЧЕТВРТО ДЕТЕ | | | | ВКУПНО | |
| | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| Детето е наклонето кон лажење и крадење | 1 | 16.67 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 1 | 5 |
| Детето има конфликти со средината | 3 | 50 | 1 | 20 | 2 | 40 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 6 | 30 |
| Детето бега од домот | / | 0 | 3 | 60 | / | 0 | 2 | 100 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 5 | 25 |
| Детето бега од училиште | 2 | 33.38 | 1 | 20 | 3 | 60 | 0 | 0 | 2 | 100 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 8 | 40 |
| ВКУПНО | 6 | 100 | 5 | 100 | 5 | 100 | 2 | 100 | 2 | 100 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 20 | 100 |

Податоците покажуваат дека 5% од децата (сите машки) се наклонети кон лажење и крадење, 30% од децата (33.33% машки, 16.67 женски) имаат конфликт со средината, 25% од децата (сите женски) бегаат од домот, односно без дозвлола и информација на мајката одат со друштво, и не доаѓаат дома 1-2 дена. Ваквото однесување придонесува тие да имаат слаб успех. Слична е состојбата со децата што бегаат од училиште, 40% од овие деца (87.5% машки и 12.5% се женски) имаат слаб успех (доволен и недоволен), а некои од нив повторувале една или повеќе години. Се дружат со друштво, кое што има лошо влијание врз нив. 25% од овие деца се евидентирани во службата за малолетна деликвенција со Центарот за социјална работа во Тетово, како сторители на кривични дела - кражби или учесници во тепачки.

Со квалитативна анализа на анкетниот лист на мајката се забележува дека оние деца кои имаат конфликти со средината истовремено се и агресивни (односно кај нив е присутна агресивноста како невротична пречка.

Податокот дека кај 91.42% од децата од непотполните семејства не се јавува воспитна запуштеност и малолетничка деликвенција ја потврдува поставената хипотеза дека кај поголемиот број на деца по разводот на родителите не се јавува воспитна запуштеност и малолетничка деликвенција.

Каква е поврзаноста на воспитните проблеми кај децата со комуникацијата на нивните родители по разводот се обидовме да откриеме низ следниве податоци:

Табела 12: Воспитни проблеми кај децата и комуникација помеѓу разведените родители.

Од податоците прикажани во табела 12 може да се согледа

| ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ КАЈ ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА | КОМУНИКАЦИЈА НА РАЗВЕДЕНИТЕ РОДИТЕЛИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИМА КОМУНИКАЦИЈ | | НЕМА КОМУНИКАЦИЈ | | ВКУПНО | |
| | f | % | f | % | f | % |
| ИМА ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | 4 | 9.09 | 12 | 14.12 | 16 | 12.4 |
| НЕМА ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | 40 | 90.91 | 73 | 85.88 | 113 | 87.6 |
| ВКУПНО | 44 | 100 | 85 | 100 | 129 | 100 |

дека кај децата од 85.88% непотполни семејства чии родители взаемно не комуницираат немаат воспитни проблеми, а пак децата од 14.12% непотполни семејства имаат воспитни проблеми. Сличен е односот и кај категоријата деца чии родители имаат комуникација. Децата од 90.91% непотполни семејства со комуникација помеѓу разведените родители (лична или телефонска) немаат воспитни проблеми, а пак децата од 9.09% непотполни семејства имаат. Разликите во присуство на воспитните проблеми кај децата и комуникацијата на разведените родители може подобро да се воочат на графичкиот приказ на резултатите:

Графикон 4




Вредноста на пресметаниот φ коефициент на корелација (φ=-0.07) е многу мала и покажува дека не постои корелација помеѓу воспитни проблеми кај децата и комуникацијата на разведените родители.

Со тоа ја потврдивме хипотезата што ја поставивме дека не постои корелација помеѓу појавата на воспитни проблеми кај децата и остварената комуникација на разведените родители.

Имајќи го предвид значењето на комуникацијата на децата со

таткото, за воспитување на децата по разводот на родителите, се заинтересиравме да ја испитаме поврзаноста на воспитните проблеми кај децата со комуникацијата на децата со таткото по разводот преку следниве податоци:

Табела 13: Воспитни проблеми кај децата и комуникацијата на децата со таткото по разводот.

| ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ КАЈ ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА | КОМУНИКАЦИЈА НА ДЕЦАТА СО ТАТКОТО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИМА КОМУНИКАЦИЈ | | НЕМА КОМУНИКАЦИЈ | | ВКУПНО | |
| | Г | % | Г | % | Г | % |
| ИМА ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | 9 | 14.29 | 7 | 10.61 | 16 | 12.4 |
| НЕМА ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | 54 | 85.71 | 59 | 89.39 | 113 | 87.6 |
| ВКУПНО | 63 | 100 | 66 | 100 | 129 | 100 |

Податоците во табелата 13 прикажуваат дека децата од 89.39% непотпотполни семејства кои немаат комуникација со таткото немаат воспитни проблеми, а пак децата од 10.61% непотполни семејства имаат воспитни проблеми. Односот кај категоријата на деца што комуницираат со таткото по разводот е сличен со односот на децата што не комуницираат со таткото. Односно децата од 85.71% непотполни семејства што комуницираат со таткото немаат воспитни проблеми, а пак 14.29% од децата имаат воспитни проблеми.

Податоците се прикажани во графиконот 4 за да подобро се воочат разликите во присуството на воспитните проблеми во однос на комуникацијата на децата со таткото:

Графикон 5




Пресметаниот φ коефициент на корелација (φ=0.07) покажува дека не постои корелација помеѓу воспитните проблеми кај децата и комуникацијта на децата со таткото. Со тоа ја потврдивме хипотезата што ја поставивме дека не постои корелација помеѓу појавата на воспитни проблеми кај децата и остварената комуникација помеѓу децата и таткото по разводот на родителите.

Прашањето од отворен тип во анкетниот лист што се однесуваше на поврзаноста на воспитните проблеми кај децата со разводот на нивните родители, го пополнуваа оние мајки кои имаат воспитни проблеми со децата. Во продолжение ќе наведеме некои од покарактеристичните одговори на мајките чии деца комуницираат со таткото и имаат воспитни проблеми по разводот на родителите. „Мојот поранешен сопруг се уште не може да го прифати разводот. Мисли дека само јас сум виновна за разводот, иако цел живот имаме проблеми. Постојано ме навредува и пред децата ми го срушува угледот. Поради тоа децата не ме слушаат". „Воспитните проблеми кај моите деца се јавија пред разводот, зашто различно постапуваме со децата. Јас бев построга, а тој многу им попушташе. Така е и сега по разводот. Затоа мислам дека воспитните проблеми се поизразени кај децата". „Мојот поранешен сопруг го труе детето против мене. Гледам дека детето е помеѓу нас, постојано е во конфликт и со мене и со таткото, не слуша никого."

„Таткото ги расипува децата, им дава пари и подароци и кога треба и кога не треба. Многу ретко е со нив, мисли дека на децата им

требаат само пари." „Сега гледам колку сум грешела што бев окупирана со моите проблеми. Заборавав на децата. Нивното лошо однесување ме освести сега, ама сега е тешко, зошто татко им не е загрижен за лошото однесување на децата." „Нормално е син ми да пие, кога и татко му пие и уште го нуди со пијалок. Мене не ме слуша воопшто а таткому воопшто не го советува да не пие и да не се тепа со другарите."

Следуваат одговорите на мајките чии деца не комуницираат со таткото. „Јас сѐ работам за децата, се жртвувам за нив, но сама не можам да излезам на крај. Татко им не ми помага, ниту пари ми дава. Децата се незадоволни, шетаат, имаат лошо друштво. Јас не можам да им водам контрола. Таткото треба да го прави тоа, ама на него му е гајле." „Поголемата ќерка ќе се скара со мене и оди од домот, без да знам каде. Цела ноќ скита, доаѓа дома кога сака. Нема татко да ја кара. Татко ѝ само пие, ич не ги гледа децата. Таа е незадоволна, скита и не слуша никого." „На децата им треба ќотек од татко, мене не ме слушаат, а татко им не се интересира за нив" „Децата немаат страв од мене, каков што би имале од таткото кога тој би се грижел за нив. Неможам сама да излезам на крај со нив, но морам да издржам". „Откако се разведовме, се тргна наопаку, немам пари, неможам да ги контролирам децата, нервозна сум. Децата се агресивни, се тепаат во училиште со другари. Не учат, скитаат и имаат многу неоправдани изостаноци во училиште."

Сите мајки во своите одговори го поврзуваат присуството на воспитните проблеми кај децата со разводот на родителите. 29% од мајките сметаат дека разводот на бракот и новонастанатите околности во кои детето живее, влијаат на нарушувањето на однесувањето на детето и неповолно менување на неговиот однос спема околината. Го земаат предвид фактот дека на разводот на бракот на родителите претходел подолг временски период исполнет со конфликти помеѓу родителите. Со исклучок на случаите каде што би можело таткото да биде лош пример за детето при воспитувањето на детето (татко, алкохоличар) 18%, 38% од мајките се свесни за неповолните последици од отсуството на таткото во семејството. 13% од мајките се незадоволни што таткото при комуникацијата со децата го поткупува нивниот родителски авторитет, применувајќи спротивни воспитни постапки или давајќи им преголема слобода, а 8% од мајките се незадоволни што татковците индиферетно се однесуваат спрема воспитните проблеми кај децата. 4% од мајките им забележуваат на татковците што ја купуваат љубовта на децата преку скапи подароци, без да воспоставаат блиска емотивна врска со децата. Изјавите на мајките може да бидат

повод за ново истражување во кое би се проучила воспитната клима и интеперсоналните односи во непотполното семејство во кое што постојат воспитни проблеми кај децата.

Следната табела ја прикажува условеноста на местото на живеење на непотполното семејство и воспитните проблеми кај децата.

Табела 14: Место на живеење на непотполното семејство и воспитни проблеми кај децата

| ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ КАЈ ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА | МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ НА НЕПОТПОЛНОТО СЕМЕЈСТВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ГРАД | | СЕЛО | | ВКУПНО | |
| | f | % | f | % | f | % |
| ИМА ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | 15 | 14.15 | 1 | 4.35 | 16 | 12.4 |
| НЕМА ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | 91 | 85.85 | 22 | 95.65 | 113 | 87.6 |
| ВКУПНО | 106 | 100 | 23 | 100 | 129 | 100 |

$x^2=1.66 \quad x^2\ 0.05\ (м=1) = 3.85$

Податоците од табела 14 покажуваат дека децата од 14.15% непотполни семејства што живеат во град имаат воспитни проблеми, а пак децата од 85.85% непотполни семејства немаат воспитни проблеми. Овој однос е поизразен кај непотполнитее семејства што живеат во село, односно децата од 4.35% семејства имаат воспитни проблеми, а пак од 95.65% семејства немаат воспитни проблеми.

Пресметаниот хи - квадрат покажува дека постојните разлики не се статистички значајни. Со тоа е потврдена хипотезата дека не постои статистички значителна разлика помеѓу местото на живеење на непотполното семејство и појавата на воспитни проблеми кај децата.

Табела 15: Вработеност на мајката и воспитните проблеми кај децата.

| ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ КАЈ ДЕЦАТА ВО НЕПОТПОЛНИТЕ СЕМЕЈСТВА | ВРАБОТЕНОСТ НА МАЈКАТА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | МАЈКАТА РАБОТИ | | МАЈКАТА НЕ РАБОТИ | | ВКУПНО | |
| | f | % | f | % | f | % |
| ИМА ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | 10 | 14.08 | 6 | 10.34 | 16 | 12.4 |
| НЕМА ПРИСУСТВО НА ВОСПИТНИ ПРОБЛЕМИ | 61 | 85.92 | 52 | 89.66 | 113 | 87.6 |
| ВКУПНО | 71 | 100 | 58 | 100 | 129 | 100 |

$x^2=0.39$ $x^2(0.05) = 3.84$

Од податоците во табелата се забележува дека не постојат разлики во присуството на воспитните проблеми кај децата од непотполните семејства, каде што мајката е вработена и каде што не е вработена. Односно во 14.08% непотполни семејства, каде што мајката е вработена постојат воспитни проблеми кај децата, а пак кај 85.92% од семејствата не постојат воспитни проблеми кај децата. Овој однос е сличен и во непотполните семејства, каде што мајката не работи, децата 10.34% од овие семејства имаат воспитни проблеми, а пак децата од 89.66% семејства немаат.

Податоците се во согласност со теориските и емпириските сознанија според кои за воспитување на децата не е важна вработеноста на мајката.

Пресметаниот хи-кавадрат ($x^2=0.39$) покажува дека утврдените разлики не се статистички значајни.

Со тоа се поставува хипотезата дека не постои статистички значајна разлика помеѓу вработеноста на мајката и појавата на воспитни проблеми кај децата.

Табела 16. Работното ангажирање на детето од страна на мајката, односно обрски што таа му ги дава.

| МАЈКАТА МУ ДАВА ОБВРСКА НА ДЕТЕТО (ДЕЦАТА) | f | % |
|---|---|---|
| ДЕТЕТО (ДЕЦАТА) ДОБИВА ВООБИЧАЕНИ ОБВРСКИ | 105 | 81.4 |
| ДЕТЕТО (ДЕЦАТА) ДОБИВА КОМПЛИЦИРАНИ ОБВРСКИ | 14 | 10.85 |
| ДЕТЕТО (ДЕЦАТА) НИКОГАШ НЕ ДОБИВА ОБРСКИ | 10 | 7.75 |
| ВКУПНО | 129 | 100 |

Во рамките на воспитанието, корисната работа на детето во домот е важна за осамостојување на детето. Сакавме да испитаме дали мајките работно ги ангажираат децата.

Во табелата се прикажани податоците за обврските на децата во непотполните семејства (табела 16).

Од податоците може да се согледа дека мајките од 81.40% непотполни семејства на децата им даваат вообичаени обврски како што се: набавка на намирници, водење грижа за училишниот прибор, средување на своето катче во домот и полесни работи во домот (фрлање ѓубре, поставување на маса и сл.). Мајките од 10.85% непотполни семејства на децата им даваат комплицирани обврски, како што се: подготовка на храна, миење на садови, перење, пеглање и сл. Но забележливо е дека тоа се деца на поголема возраст, односно одат во средно училиште и овие секојдневни обврски се во согласност со нивната возраст и подготовка за животот во иднина.

Мал е процентот на мајки 7.75%, кои на децата од непотполни семејства никогаш не им даваат обврски. Тие не се свесни дека со тоа ги онеспособуваат децата, зашто децата без работни навики и можно е да паднат на првите потешки препреки во животот.

Податоците укажуваат дека мајките се трудат да ги осамостојат децата, преку корисна работа во домот. Со тоа е потврдена хипотезата дека децата во непотполните семејства се работно ангажирани во согласност со својата возраст, можности и соработка.

Последното прашање од анкетниот лист се однесуваше на начинот на проведување на слободното време на детето.

Податоците се претставени во табела 17. (види на стр. 107)

Повеќе од две третини или 71.24% од децата (47.59% машки и 52.41% женски) слободното време го поминуваат во друштво со врсниците, а пак помалку од една третина или 28.76% од децата членуваат во: различни спортски клубови (12.87% од децата од кои 73.33% машки и 26.67% женски), културно уметнички друштва (1.29% од децата од кои сите женски) и посетуваат курс по странски јазици (2.58% од децата од кои 50% машки и 50% женски.) Мал е процентот на деца кои најчесто

Табела17: Распоред и пол на децата од непотполните семејства и начин на проведување на нивното слободното време

| НАЧИН НА ПРОВЕДУВАЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ НА ДЕЦАТА | РАСПОРЕД И ПОЛ НА ДЕЦАТА | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПРВО ДЕТЕ | | | | ВТОРО ДЕТЕ | | | | ТРЕТО ДЕТЕ | | | | ЧЕТВРТО ДЕТЕ | | | | ВКУПНО | |
| | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | машко | | женско | | | |
| | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % | f | % |
| ДЕТЕТО СЕ ЗАНИМАВА СО СПОРТ | 14 | 46.67 | 7 | 23.33 | 7 | 23.33 | 1 | 3.33 | / | 0 | / | 0 | 1 | 3.33 | / | 0 | 30 | 12.87 |
| ДЕТЕТО СЕ ЗАНИМАВА СО МУЗИКА | 3 | 14.29 | 10 | 47.62 | 1 | 4.76 | 6 | 28.57 | / | 0 | 1 | 4.76 | / | 0 | / | 0 | 21 | 9.01 |
| ДЕТЕТО УЧЕСТВУВА ВО КУД | / | 0 | 3 | 100 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 3 | 1.29 |
| ДЕТЕТО СЕ ДРУЖИ СО ВРСНИЦИ | 38 | 22.89 | 45 | 27.11 | 29 | 17.47 | 29 | 17.47 | 10 | 6.02 | 10 | 6.02 | 2 | 1.21 | 3 | 1.81 | 166 | 71.24 |
| ДЕТЕТО ОДИ НА КУРС ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК | 2 | 33.33 | 1 | 16.67 | / | 0 | 2 | 33.33 | 1 | 16.67 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 6 | 2.58 |
| ДЕТЕТО ЧИТА. СЛИКА | 2 | 40 | 3 | 60 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 5 | 2.15 |
| ДЕТЕТО РЕТКО СЕ ДРУЖИ | 2 | 10 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | / | 0 | 2 | 0.86 |
| Вкупно | 61 | 26.18 | 69 | 29.61 | 37 | 15.88 | 38 | 16.31 | 11 | 4.72 | 11 | 4.72 | 3 | 1.29 | 3 | 1.29 | 233 | 100 |

се осамени и ретко се дружат (0.86% од кои сите машки), и читаат и сликаат во слободното време (2.15% од кои 40% машки и 60% женски). Тоа се најчесто повлечени деца, кои ја промениле средината по разводот на родителите.

Податоците одат во прилог на теориските и емпириските сознанија дека повеќето деца во слободното време не се вклучени во вонучилишни активности.

Од податоците се потврдува хипотезата дека поголемиот број на деца по разводот на родителите слободното време го поминуваат неограницирано.

## КОМЕНТАР НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Добиените резултати од нашево истражување укажуваат дека пристапот за кој се определивме во истражувањето на проблемот на воспитанието на децата од непотполните семејни средини има свое оправдување токму поради тоа што овој проблем може и треба да се разгледува од повеќе димензии.

Имено комуникацијата на разведените родители е првиот индикатор од кој треба да се појде при разгледувањето на овој проблем. Тоа е значајна алка во процесот на воспоспитувањето на децата, но и неопходен предуслов за стабилен емотивен развој на децата. Имајќи ги предвид овие факти посебно не загрижува податокот дека 65.90% од анкетираните мајки воопшто не комуницираат со таткото на децата, по разводот на бракот. Тоа се родители кои не успеале да остварат лична или телефонска комуникација со поранешниот брачен другар, бидејќи ја сватиле неопходноста од комуникацијата по разводот.

Исто така не е помало значењето на комуникацијата на децата со таткото, при воспитувањето на децата, по разводот на родителите. Тука состојбата е подобра, но сепак не задоволува бидејќи децата од 51.16% непотполни семејства не комуницираат со таткото по разводот на родителите.

Констатирањето на фактот дека не задоволува комуникацијата на разведените родители и на децата со таткото по разводот, не насо-

чува на разгледување на некои од причините кои ја условуваат таквата ситуација.

Во оваа смисла ја разгледуваме поврзаноста на степенот на образование на мајката со степенот на остварената комуникација на разведените родители. Тестирањето на статистичката важност на односите помеѓу овие две варијабли со помош на хи-квадратот тесто го даде следниот резултат: $x^2= 10.06$ $c= 0.26$. Овој податок покажува дека образованието на мајките е еден од факторите кои влијаат на остварената комуникација на разведените родители.

При разгледувањето на поврзаноста на степенот на образование на мајката и остварената комуникација на децата со таткото по разводот, тестирајќи ја статистичката важност на однос помеѓу варијаблите со помош на хи-квадратот утврдивме дека не постои статистички значајна разлика помеѓу степенот на образование на мајката и спетенот на остварена комуникација на децата со таткото по разводот на родителите.

Ние не навлегуваме во подлабоко проучување на причините за неостварената комуникација на разведените родители и децата и таткото по разводот, бидејќи сметаме дека за тоа е потребно во истражувањето да се вклучат децата и татковците, а тие се надвор од предметот на нашето истражување.

Посебно не интересираше да испитаме каков е успехот на децата по разводот на родителите.

Податокот дека 84.38% од децата имаат одличен и многудобар успех ја потврдува хипотезата дека разводот на бракот на родителите нема негативни последици врз општиот успех на децата во училиштето.

Во хипотетичкиот пристап ние претпоставивме дека кај поголемиот број на деца по разводот на родителите се јавуваат невротични пречки. Податоците и резултатите од истражувањето ја потврдија оваа хипотеза, односно кај 53.22% од децата постојат невротични пречки (повлеченост, вербален и моторен немир, агресивност, немирен сон, грицкање нокти, зголемена потреба за контакт со мајка и мокрење во кревет). Нашите резултати се во согласност со резултатите од другите истражувања на емотивниот живот кај децата по разводот на родителите [*].

---

[*] Ayolon O., Flasher A. 1993, Piorkowska Pelković K. 1990, Komidek M. 1970 dr.

Во причините за појавата на невротични пречки кај децата не навлегуваме подлабоко , бидејќи со тоа би излегле од рамките на нашето истражување.

Со цел да ја утврдиме фактичката состојба во воспитанието на децата во непотполни семејни средини, во нашево истражување ја разгледавме појавата на воспитна запуштеност и малолетничка деликвенција (наклонетост кон лаги и кражби, конфликти со средината, бегство од домот и од училиште), кај децата од овие семејства.

Податоците што ги добивме покажаа дека кај децата од 91.42% непотполни семејства нема знаци на воспитна запуштеност и малолетничка деликвенција. Со тоа ја потврдивме хипотезата дека кај поголемиот број деца по раводот на родителите не се јавува воспитна на запуштеност и малолетничка деликвенција.

Резултатите што ги добивме се потврдуваат во практиката, каде што е мал бројот на децата од непотполните семејства што имаат воспитни проблеми. Исто така, постојат истражувања(*) чии резултати се во согласност со нашите резултати.

Посебно се интересиравме дали сите деца од 8.58% непотполни семејства со воспитни проблеми кај децата, имаат проблеми во поведението или пак не. Со цел да го утврдиме ова направивме посебен преглед на непотполните семејства каде што се појавиле воспитни проблеми.

Резултатите што ги добивме покажаа дека 54.05% од децата во овие семејства имаат воспитни проблеми. Значи разводот на бракот на родителите има различно влијание врз поведението на децата во исто семејство.

Во контекст на ова би сакале да нагласиме дека воспитувањето не децата е комплексен проблем и неможе да се набљудува еднострано (црно-бело), односно да се воспоставуваат линеарни врски помеѓу непотполното семејство и појавата на воспитна запуштеност и малолетничка деликвенција кај децата. Непотполното семејство претставува ризичен фактор за појавата на воспитни проблеми кај децата, но тоа е условено од повеќе субјективни и објективни причини, кои би можеле да бидат предмет на друго истражување со различна концепција од нашата.

---

(*) V. Stamenkova-Trajkova 1992, Andry 19... i sl.)

Ние во согласност со нашиот предмет се задржавме на откривање на корелација помеѓу појавата на воспитните проблеми кај децата и остварената комуникација на разведените родители.

Употребивме φ коефициент на корелација бидејќи беше погоден да се утврдува насоката на корелацијата. Добиената вредност на φ коефициентот, на корелација ( $\varphi = - 0.07$) покажа дека корелацијата е со негативен предзнак, но многу мала, што значи дека не постои. Со тоа се потврди хипотезата дека не постои корелација помеѓу појавата на воспитните проблеми кај децата и остварената комуникација на разведените родители.

Од квалитативната анализа на податоците за комуникација на разведените родители во непотполните семејства, каде што веќе се јавиле проблеми кај некои од децата се забележува дека 75% од родителите взаемно не комуницираат. Овој податок е загрижувачки, кога се има предвид дека соработката помеѓу разведените родители е неопходна при воспоситување на децата, особено ако постојат воспитни проблеми кај нив.

Со φ коефициентот на корелација ја испитавме и корелацијата помеѓу појавата на воспитни проблеми кај децата и остварената комуникација помеѓу децата и таткото по разводот. Добиената вредност $\varphi = 0.07$ покажа дека корелацијата е позитивна, но многу мала и не постои. Со тоа ја потврдивме хипотезата дека не постои корелација помеѓу појавата на воспитните проблеми кај децата и остварената комуникација помеѓу децата и таткото по разводот.

Квалитативната анализа на податоците за комуникацијата помеѓу децата и таткото по разводот со семејствата каде што постојат воспитни проблеми кај некои од децата покажа дека 56.25% од децата комуницираат со таткото. Овие податоци укажуваат дека е можно таткото да не оствари адекватно воспитно влијание при комуникацијата со децата. Тоа е можно: ако таткото не успеал да изгради воспитен авторитет кај децата, ако таткото е лош пример за идентификација (алкохолочар, скитник и сл.), ако се однесува индиферентно спрема децата, ако ја купува љубовта од децата со неадекватни подароци без да оствари блиска емотивна врска со децата и сл. До овие сознанија дојдовме базирајќи се врз одговорите на мајките кои имаат воспитни проблеми со своите деца.

Иако се анализирани одговорите само на 12.4% од мајките кои имаат проблеми со поведението на своите деца, сепак тие заслужуваат внимание, бидејќи се израз на искуството и сфаќањето на мајките

кои се соочуваат со воспитни проблеми кај своите деца: Крактеристичен е фактот што сите мајки воспитните проблеми кај децата ги поврзуваат со околностите пред разводот и по разводот на бракот (лоша или прекината родителска соработка при воспитувањето, контрадикторно воспитно дејствување на родителите со обострано нарушување на родителскиот авторитет и сл.)

Во хипотетичкиот пристап ние претпоставувавме дека не постои статистички значителна разлика помеѓу местото на живеење на непотполното семејство и појавата на воспитни проблеми кај децата по

ја потврдуваат поставената хипотеза. Имено со пресметување на хи-квадратот $x^2$=1.66 покажавме дека местото на живеење на непотполното семејство не е значајно за разликите што се јавуваат во воспитните проблеми кај децата.

Слични беа и податоците за условеноста на вработеноста на мајката со појавата на воспитните проблеми кај децата. Односно пресметаниот хи-квадрат ($x^2$=0.39) покажа дека не постои статистички значителна разлика помеѓу вработеноста на мајката и појавата на воспитни проблеми кај децата.

Податоците се во согласност со теоретските и емпириските сознанија дека е важен квалитетот на времето (разговори, совети и сл.) што го проведуваат родителите со детето, а не квантитетот (Б. Ѓорѓевиќ 1985) Затоа, не е важно дали мајката е вработена или пак не.

Сметајќи дека работното ангажирање на децата од страна на мајката е составен дел од нејзиното воспитување на децата, како што работното воспитание е составен дел на воспитанието воопшто, се обидовме да откриеме какви се рабоните обврски на децата во непотполното семејство.

Податоците укажуваат дека 92.25% од мајките работно ги ангажираат своите деца со вообичаени (средување на собата и училишниот прибор, набавка на намирници, фрлање ѓубре и сл.) и комплицирани (подготовка на храна, перење, пеглање и сл.) обврски, прилагодени спрема возраста на децата.

Мајките се свесни за потребата од постепено воведување на децата во организацијата на семејниот живот. Така децата партиципираат во севкупната стратегија на живеење во семејството (финансиски трошоци, негување на естетско чувство за чиста и уредна семејна средина, стекнување на работни и хигиенски навики, негување на чувство на рационално и планско трошење на времето за работа, учење, одмор, забава и сл.)

Слободното време на детето е важен воспитен фактор. Затоа сакавме да утврдиме како децата од непотполните семејства го проведуваат слободното време.

Добиените податоци (71.24%) ја потврдија хипотезата дека поголемиот број на деца по разводот на родителите слободното време го поминуваат неорганизирано.

**Заклучок:**

Потврдувајќи го поголемиот број на помошни хипотези ја потврдивме општата хипотеза дека не постојат проблеми во воспитанието кај децата како последица од животот со еден родител.

Децата што продолжуваат да живеат со мајките по разводот на родителите имаат добар успех, добро поведение (со исклучок на 8.58% од децата кои имаат воспитни проблеми) и учествуваат во работните активности во семејството.

Повеќето од половината мајките самостојно ги реализираат родителските обрвски по разводот на бракот, бидејќи е прекината родителската комуникација и комуникацијата на децата со таткото по разводот на бракот на родителите.

Од изнесеното се повеќе станува воочлив проблемот за потполно учество на таткото во процесот на воспитување на децата по разводот на родителите. Очигледно во нашата култура треба да се поттикнуваат и очекуваат промени во сфаќањето на таткото за неопходност на неговото учество во понатамошното воспитување на детето без оглед на разводот на бракот. Изгледа дека потребата таткото да одржува психичка врска со детето, а на извесен начин и со мајката на детето, се повеќе е таен сон на детето отколку реалност.

Резултатите до кои дојдовме истражувајќи го проблемот на воспитанието на децата од непотполните семејни средини од повеќе аспекти ја покажуваат оправданоста од таквиот пристап и уште повеќе наведуваат на потребата овој проблем да се истражува повеќедимензионално и многу подлабоко, не само од аспект на тоа каква е фактичката состојба на воспитанието на децата во непотполно семејство, настанато со развод, туку и на тоа како оваа состојба се одразува врз нивниот психички и физички развиток, нивната емоционална стабилност, односот кон учењето и работата, мотивираноста за учење, здравствена состојба, културата на живеењето, задоволството и радоста во животот итн.

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Проблемот на животот на децата по разводот на родителите во изминативе години е истражуван од различни позиции. Најголемиот дел од истражувањата ги проучувале психолошките аспекти на разводот од родителите врз децата, при што се дошло до заклучок дека секое дете различно го доживува разводот на родителите.

Од широкото поле на животните услови на детето по разводот, нашиот предмет на истражување се ограничува на педагошкиот аспект и тоа на воспитанието на децата во непотполни семејни средини настанати со развод. Во овие рамки се испитаа дел од значајните претпоставки за воспитание на децата во непотполно семејство.

Заклучоците што ги изведовме се врз основа на севкупната анализа на податоците и се однесуваат на разведените мајки. Секако тие може да имаат и пошироко значење, зошто содржат некои елементи кои можат да се воопштат на воспитната ситуација на сите непотполни семејства.

Поаѓајќи од хипотезата дека не постојат проблеми во воспитанието кај децата како последица од живот со еден родител и со примена на истражуваните постапки дојдовме до следниве констатации:

1. Комуникација помеѓу разведените родители и помеѓу децата и таткото по разводот на бракот не задоволува;

2. Постои поврзаност помеѓу степенот на образование на мајката и степенот на остварената комуникација помеѓу разведените родители.

3. Не постои поврзаност помеѓу степенот на образование на мајката и степенот на остварената комуникација помеѓу разведените родители.

4. Разводот на бракот нема негативни последици врз општиот успех на децата во училиштето.

5. Кај поголемиот број на деца по разводот на бракот на родителите се јавуваат невротични пречки.

6. Не постои корелација помеѓу појавите на воспитните проблеми кај децата и комуникацијата на разведените родители.

7. Не постои корелација помеѓу појавата на воспитни проблеми кај децата и комуникација на децата со таткото по разводот на бракот на родителите.

8. Не постои поврзаност помеѓу местото на живеење на непотполното семејство и појавата на воспитни проблеми кај децата по разводот на родителите.

9. Не постои поврзаност помеѓу вработеноста на мајката и појавата на воспитните проблеми кај децата.

10. Децата во непотполното семејство работно се ангажирани во согласност со нивната возраст, можности и способности.

11. Поголемиот број на деца по разводот на родителите слободното време го поминуваат неорганизирано.

Резултатите од нашево истражување покажа дека во 91% од непотполните семејства воспитанието е позитивно насочено и мајката се труди да го вклучи детето во семејниот живот и пошироката социјална средина.

Подлабокото занимавање со оваа проблематика би ги надминало рамките и концепцијата на нашето истражување. Но, во секој случај нашите резултати укажуваат на потребата од посебна истражувачка работа која на специфичен начин би ги третирала овие деликатни проблеми, сместувајќи ги на селективен начин во денешниот општествен контекст. Кога го зборуваме ова, го имаме предвид фактот дека денес воспитувањето во семејството воопшто се движи помеѓу остатоците од распаднатото патријархално воспитување, пермисивно воспитување и обиди тоа да се заснова на нов облик на партнерство помеѓу децата и возрасните. Затоа, тоа е многу разнообразно во зависност од личноста на родителот и неговите црти како воспитувач - односно од типот и квалитет на интеракцијата која ја развива со детето, по согласно со тоа има најмногу одлики на еден од следните три типа на воспитување:

1. **авторитетен** кој инсистира на послушност и ги негира детските потреби;

2. **попустлив** со тенденција сè да прави во име на „детските потреби", а детските потреби се обично потреби на родителот од сопственото детство или потреби кои ги наметнува колективот на врсниците;

3. **демократски** заснован на автентичните детски потреби и партнерството со возрасните.

Нашево истражување покажа дека секое непотполно семејство не е подеднакво успешно во процесот на воспитување на детето.

Има родители кои имаат потреба да користат стручна помош од стручни лица од центарот за социјална работа, од психо-педагошката служба во училиштето и различните советувалишта за родители и деца. Притоа е потребно родителите да се запознаат со научните сознанија за разводот на детето и условите што треба да му се обезбедат, а пред сé; да се збогати и усоврши нивното практично дејствување во поглед на воспитување на децата. Од ова произлегува неопходноста на соработката помеѓу Центарот за социјална работа, училиштето и семејството.

Наведените организации и институции можат да пружат значајна помош на семејството и неговата воспитно-социјализаторска улога. Во денешните услови секое семејство и потполно и непотполно може да се направи поуспешно и поефикасно во подигањето и воспитувањето на децата, со систематско и планско поопштествување на неговите функции и тоа преку:

1. пренесување на еден дел од семејните функции на општеството;

2. помош на семејството во остварување на оние функции кои ја изразуваат неговата суштинска смисла;

3. општествена интервенција во семејни односи, поради посебна заштита на интересот на децата.

# ПРИЛОГ

# АНКЕТЕН ЛИСТ
(за разведени мајки)

Во последниве години во пораст е разводот на бракот. Се повеќе мајки по разводот самостојно се грижат за своите деца. Посебно внимание привлекува испитувањето на децата во непотполни семејни средини. Во овој контекст од посебен интерес е како мајката го реализира воспитанието во непотполното семејство. Овој проблем во наши услови не е доволно проучен.

Целта на овој анкетен лист е да утврдиме каква е комуникацијата на разведените родители и на децата со таткото по разводот, каков е успехот на децата, дали имаат невротични пречки и воспитни проблеми по разводот на родителите, дали се работно ангажирани и како го проведуваат слободното време.

Затоа Ве молиме да ни одговорите отворено и искрено. Сите добиени податоци ќе ги искористиме исклучително за подобро проучување на овој проблем и нема да бидат достапни на ниедна друга личност.

Ви благодариме на соработката и на дадените одговори!

# НАЈНАПРЕД ВЕ МОЛИМЕ ДА НИ ДАДЕТЕ НЕКОИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ВАС И ЗА ВАШЕТО ДЕТЕ

1. Каде живеете?

    а) град ____________________

    б) село ____________________

2. Каков степен на образование имате? (заокружете)

    а) високо
    б) вишо
    в) средно
    г) основно
    д) недоoформено

3. Дали работите? (заокружете)

    а) да
    б) не

4. Колку години имаат Вашите деца (дете) и од каков пол се тие?
    (заокружете и дополнете)

    а) првото ________ год. м. ж.

    б) второто ________ год. м. ж.

    в) третото ________ год м. ж.

    г) ____________________

5. Во кое одделение одат Вашите деца (заокружете и дополнете)

    а) првото ________ год. м. ж.

    б) второто ________ год. м. ж.

    в) третото ________ год м. ж.

    г) ____________________

6. Дали Вие комуницирате со таткото на детето (децата)?

    (заоружете или дополнете со објаснување)

    а) не

    б) да, по потреба лично

    в) да, по потреба на телефон

    г) ____________________

7. Дали детето (децата) комуницира со таткото и на каков начин?
    (заокружете или дополнете)

    а) комуницираат еден ден во неделата
    б) комуницираат два викенда во месецот
    в) не комуницираат
    г) ____________________

# ПОДАТОЦИ ПОВРЗАНИ СО ВАШЕТО ДЕТЕ (ДЕЦА)

1. Каков е успехот на Вашето дете (деца)? (заокружете)

| прво (м. ж.) | второ (м. ж.) | трето(м. ж.) | чеврто(м. ж.) |
|---|---|---|---|
| а) одличен | а) одличен | а) одличен | а) одличен |
| б) многудобар | б) многудобар | б) многудобар | б) многудобар |
| в) добар | в) добар | в) добар | в) добар |
| г) доволен | г) доволен | г) доволен | г) доволен |
| д)недоволен | д)недоволен | д)недоволен | д)недоволен |

2. Дали вашето дете (деца) има невтотични пречки (грицка нокти, немирно спие, мокри во кревет, вербален и моторен немир, повлеченост, агресивност...? (заокружете)

| прво (м. ж.) | второ (м. ж.) | трето(м. ж.) | чеврто(м. ж.) |
|---|---|---|---|
| а) да | а) да | а) да | а) да |
| б) не | б) не | б) не | б) не |

2.(а). Доколку некое од децата има, кој вид на неуротски пречки манифестира? (заокружете)

| прво (м. ж.) | второ (м. ж.) | трето(м. ж.) | чеврто(м. ж.) |
|---|---|---|---|
| а) зголемена потреба за мајка | а) зголемена потреба за мајка | а) зголемена потреба за мајка | а) зголемена потреба за мајка |
| б) вербален и моторен немир | б) вербален и моторен немир | б) вербален и моторен немир | б) вербален и моторен немир |
| в) грицкање нокти | в) грицкање нокти | в) грицкање нокти | в) грицкање нокти |
| г) немирен сон | г) немирен сон | г) немирен сон | г) немирен сон |
| д) мокри во кревет | д) мокри во кревет | д) мокри во кревет | д) мокри во кревет |
| ѓ) повлеченост (осетливост) | ѓ) повлеченост (осетливост) | ѓ) повлеченост (осетливост) | ѓ) повлеченост (осетливост) |
| е) агресивност | е) агресивност | е) агресивност | е) агресивност |

3. Ако има невротични пречки кога се појавиле? (заокружете)

а) пред разводот на родителите
б) по разводот на родителите

4. Дали имата воспитни проблеми со Вашето дете (деца)? (заокружете)

| прво (м. ж.) | второ (м. ж.) | трето(м. ж.) | чеврто(м. ж.) |
|---|---|---|---|
| а) да | а) да | а) да | а) да |
| б) не | б) не | б) не | б) не |

4. Дали имата воспитни проблеми со Вашето дете (деца)? (заокружете)

| прво (м. ж.) | второ (м. ж.) | трето(м. ж.) | чеврто(м. ж.) |
|---|---|---|---|
| а) да | а) да | а) да | а) да |
| б) не | б) не | б) не | б) не |

4. (а). Доколку некое од децата има воспитни проблеми какви се тие? (заокружете)

| прво (м. ж.) | второ (м. ж.) | трето(м. ж.) | чеврто(м. ж.) |
|---|---|---|---|
| а) наклонетост кон лаги и кражби | а) наклонетост кон лаги и кражби | а) наклонетост кон лаги и кражби | а) наклонетост кон лаги и кражби |
| б) има конфликти со средината | б) има конфликти со средината | б) има конфликти со средината | б) има конфликти со средината |
| в) бега од домот | в) бега од домот | в) бега од домот | в) бега од домот |
| г) бега од училиште | г) бега од училиште | г) бега од училиште | г) бега од училиште |

5. Доколку имате воспитни проблеми со детето (децата), дали ги поврзувате со Вашиот развод?

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

6. Дали на вашето дете (деца) му давате обврски и какви?

(заокружете или дополнете)

а) му давам вообичаени обрвски (набавка на намирници, да ја уредува својата соба и училишен прибор, да фрла ѓубре и сл.)

б) му давам комплицирани обврски (подготовка на оброци, миење на садови, пеглање и сл.)

в) никогаш не му давам обврски

г) ______________

7. Што работи Вашето дете (деца) во слободно време)?

(заокружете или дополнете)

| прво (м. ж.) | второ (м. ж.) | трето(м. ж.) | чеврто(м. ж.) |
|---|---|---|---|
| а) се занимава со спорт | а) се занимава со спорт | а) се занимава со спорт | а) се занимава со спорт |
| б) се занимава со музика | б) се занимава со музика | б) се занимава со музика | б) се занимава со музика |
| в) учествува во КУД | в) учествува во КУД | в) учествува во КУД | в) учествува во КУД |
| г) се дружи со врсници | г) се дружи со врсници | г) се дружи со врсници | г) се дружи со врсници |
| д) ____________ | д) ____________ | д) ____________ | д) ____________ |

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Aksić, V.: Uticaj nezdrave porodice na formiranje ličnosti, Zbornik 15, Vaspitna uloga porodice, Prosveta, Beograd 1982
2. Alinčić, M., Brajša, P., Gajer Đ,: Što je dobro znati prije braka, SIZ grada Zagreba, Zagreb 1982
3. Alinčić ,M., Brajša, P., Gajer, Đ.,: Što je dobro znati o razvodu braka, Varteks RO Tiskara, Varaždin 1981
4. Andry, R.G.,: Deninquency and Parental Pathdogy, A Study in Forensic and Uinical Psychologu, London 1960
5. Anthony, E.J.,: Children at risk from divorce: A review, vo knigata: The child in his family: Children at psychiatric risk, (e.d.) E.J. Anthony, C. Koupernik, Wiley, New York 1974, 1979
6. Ayolon, O., and Flasher, A.,: Chain reaction-children and divorce, Jessica King sley, Publishers, London-Bristol, Pennsylvania, 1993, str. 26)
7. Bajer, M.,: Glavne karakteristike maloletničkog kriminaliteta u Problemi maloletničkog kriminaliteta, Republički zavod za statistiku SRH, Zagreb 1969
8. Bajer, M.,: Kljaić, C.: Kasniji životni put delikventne dece, Radna zajednica, Rep. konf. Saveza Soc. omladine Hrvatske, Zagreb 1970
9. Bergant, M.,: "Promjene porodice i problemi porodičnog vaspitanja", Pedagogija, Beograd, 1973, br. 1
10. Bergant, M.,: Teme iz pedagoške sociologije, Pedagoško kniževni zbor, Zagreb 1974
11. Bergant, M.,: "Vaspitni zadaci porodice, nekad i danas", Pedagogija, Beograd 1979 br. 1-2
12. Block, J.H., Block, J., Morrison, A., Parental agreement - disagrement on child rearing orientations and gender - related personality correlates in children, Child Development, 1981, 52
13. Bochenska, H.,: Gdy rodzice rozwodza sie, Problemy Rodziny, 1980, 4
14. Bojanin, S., Radulović, K.,: Socijalna psihijatrija razvojnog doba, Naučna knjiga, Beograd 1988
15. Bowlby, J.,: Attachment and loss: Attachment, New York 1969, Vol. 1, Basic
16. Bowlby J., Attachment and loss: Separation, New York 1973, Vol. 2, Basic
17. Brajša, P.,: Obideljska situacija adolescenata, asocijalnog ponašanja, SIZ Socijalne zaštite, Varaždiin 1973
18. Bročić, M.,: "Društveni uzroci vospitne zapuŠtenosti i prestupništva kod omladine", Gledišta Beograd 1962, 2-3
19. Bročić, M.,: "Vaspitna zapuštenost kod dece", Gledišta, Beograd 1963, br. 2-3
20. Bujanović-Pastulović, R.,: Relacija između osobina ličnosti i otkrivenog i neotkrivenog društveno neprifatljivog ponešanja, Fakultet za defektologija, Zagreb 1988

21. Burić, O.,: "Novi tip nepotpune porodice", Sociologija, Beograd br. 2/1973
22. Chmielnicki, N., :Wplyw braku osobistych stycznošci spotesznych w rodzinie na postepy szkolne dziecka, Zagadnienia Wychowawcze w Aspekcie Zdrowia Psychiznego, 1972, 6
23. Cox M.K., Desforges M.,: Divorce and the school, Methuen, London and New York 1987
24. Clueck, E., Clueck S.H.,: Unraveling jouvenile delinqvence, Cambridge Mass 1959
25. Gašić-Pavišić, S., Kažnjavanje i dete, Prosveta, Beograd 1988
26. Gencenzon i dr.,: Kriminologija, Moskva, 1968
27. Dimitrović, M.,: Škola, porodica i društvena sredina u odgoju dece, Školske novine, Zagreb 1989
28. Dobkowska, D.,: Wiezi uczuciowe w rodzinie zrekonstruowanej, Materialy do nauczania psychologii, seria II, t. 11, PWN, Warszawa 1984
29. Douglas J.W.B., Ross T.M., Hammond W.A., Mulligan D.G.: Delinquency and social class, British Journal of Criminology, 1966, 6
30. Đorđević, B.,: Dete i vaspitanje u porodici, Prosveta, Beograd 1984
31. Đorđević, B.,: Savremena porodica i njena vaspitna uloga, Prosveta, Beograd 1985
32. Eckerman, N.V.,: Psihodinamika porodičnog života, Grafički zavod, Titograd 1966
33. Emery, R.E.,: Interparental conflict and the children od discord and divorce, Psychological Bulletin, 1982, 2.
34. Epstein, J.L.: A longitudinal study of school and family effects on student development, vo knigata: Longitudinal research in the U.S., (e.d.) S.A. Mendick, H. Harway, K.M. Finello, Praeger, New York 1984,
35. Flanders, J.P.,: Areview of research on imitative behavior, Psychological Bulletin, 1968, 69
36. Gibson H.B., Early delinquency in relation to broken homes, Journal of Child Psychology and Psychiatry and Allied Disciplines, 1969, 10
37. Coldler, Lj.,: Kako loša porodićna atmosfera djeluje na odgoj djece, i odgojni problemi u savremenoj porodici, PKZ, Zagreb 1965
38. Golubović, Z.,: Porodica kao ljudska zajednica, ITRO Naprijed, Zagreb 1981
39. Gongla, P.A., Thompson E.H.,: Single-parent families, u knjizi: Handbook of marriage and the family, (ed.) M.B. Sussman, S.K. Steinmetz, Plenum Press, New York-London 1987
40. Goode, W.J.,: Women in divorce, Free Press, New York 1956
41. Goode, W.J.,: The famyly, Prentice Hall, New Jersey 1964
42. Gregory, I.,: Anterospective data following chilhood loss of parent, Arehives of General Psychiatry 1965, 13
43. Hetherington, E.M.,: Effectc of father absence on personality development in adolescent daughters, Developmental Psyhology, 1972
44. Hetherington, E.M.,: Girls without fathers, Psyhology Today, 1973, 6
45. Hetherington E.M., Divorce: A child's perspective. American Psychologist, 1979, 10

46. Hetherington, E.M.,: Children and divorce, vo knigata: Parent - child interaction. Theory, research and prospects, (ed.) R. Henderson, Academic Press, New York 1981
47. Hetherington, E.M., Cox M. Cox R., Divorced fathers, The Family Coordinator, 1976, 25
48. Hoffman M.L., Father absence and conscience development, Development Psychology 1971
49. Ilić, M.: Tata rekli su mi da ličim na tebe, Porodica i dete, Saraevo 1975 br. 6-7
50. Ivanković, B.,: "Uloga prodice u razvoju ličnosti deteta u modelu samoupravnog društva" Zbornik radova Pedagoške akademije, Rijeka 1978
51. Jacobson, N.S., Martin, B.,: Behavioral marriage therapy: Current status, Psychological Bulletin, 1976, 83
52. Jakovljević, V.,: Neuravnotežena porodica, Beograd, 1961
53. Jarosz, M.,: Problemy dezorganizacji rodziny, PWN Warszawa 1979
54. Jašović, Ž.,: i dr., "Kriminogeni uticaj porodice", u studiju "Prestupništvo maloletnika u Beogradu", Naučna knjiga Beograd 1970
55. Jašović, Ž.,: Kriminologija maloletničke delikvencije, naučna knjiga, Beograd, 1983
56. Kapor - Stanulović, N.,: Psihologija roditeljstva, Nolit, Beograd 1985
57. Kočišek, M.: "Porodica i poremećaji ponašanja školske djece" vo knigata: Porodica i socijalizacija na mladite, Radnička štampa Belgrad 1970 str. 103-116,
58. Kočišek, M.,: Anti-roditelji, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1990
59. Kotlowski K., O pedagogicznym kształceniu rodzicow, Warszawa 1968
60. Kowalski ,S.,: Socjologia wychowania w zarysie, PWN Warszawa, 1976
61. Лакинска, Д.,: Семејството и воспитанието, НИО Студентски збор, Скопје
62. Lamb, M., The role of the father: An overview, vo knigata: The role of the father in child devlopment, (e.d.) M.E. Lamb, 2nd ed., Wiley, New York 1981
63. Landis, J.T., The traume of children when parents divorce, Marriage and family Living, 1960 , 22
64. Lobodzinska, B., Rodzina w Polsce, Interpress, Warszawa 1974
65. Makarovič, J.,: L'education maternelee d'anjourd'hui , vo knigata: Etre parent aujourd'hui, (red.) Berge A., E Privat Toulouse 1977
66. Марјановиќ, А.,: „Неки аспекти улоге породице у социјализацији друштва" во книгата: Породица и социјализација младих, Радничка Штампа, Београд 1970
67. Милиќ, А.,: „Васпитна функција породице и одлазак родиља на рад у иностранство", Социологија села 7/1973
68. Милиќ, А., Берковиќ, Е., Петровиќ, Р.,: Домаќинство, породица и брак у Југославији. Друштвено-културни, економски и демографски аспекти промене породичне организације, Институт за социо-лошка истраживања Филозофског факултета, Београд 1981,
69. Milić, A., Rađanje moderne porodice, Sociološka hrestomatija, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1988

70. Milovanović, M.,: Područja socijalnog rada, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1986
71. Milosavljević ,M.,: Porodica i vaspitna zapuštenost dece, Zbornik Instituta za pedagoška istraživanja Beograd 1982
72. Milovanović, M.,: Društvena zaštita samohranih majki u centru za socijalni rad, Viša škola za socijalne radnike, Beograd 1980
73. Mladenović, M. Osnovi sociologije porodice, peto izdanje, Sovremena administracija, Beograd 1987
74. Mužić, V.,: Metodologija pedagoškog istraživanja, Svetlost, Sarajevo 1982
75. Muratbegović, H.,: Erceg, V.,: Zukanović.,: Pedagoško obrazovanje roditelja i vospitanje omladine, Zavod za izdavanje udžbenike, Sarajevo, 1970
76. Obretković, M.,: Roditeljsko pravo i socijalna zaštita, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd 1980 Ć
77. Paunović, M.,: Uloga socijalnih službi u prevencii maloletničkog pretstupništva, Beograd
78. Pedagoška enciklopedija vo redakcija na Potočnjak N. i dr., Beograd 1989
79. Pielkowa, J.,: Rodzina samotnej matki jako srodowisko wychowaweze, Uniwersytet Šlaski, Katowice 1983
80. Piorkowska- Petrović K., Saradnja porodice i škole u seoskoj sredini, Zbornik 17, Institut za pedatoška istraživanja, Prosveta, Beograd 1984
81. Piorkowska- Petrović K., Dete u nepotpunoj porodici, Filozofski fakultet, Beograd 1990
82. Plopa, M.,: Czynnikowe typologie postaw rodzicielskich, Psychologia Wychowawcza, 1983
83. Popović, B,.: Uvod u psihologiji morala, Institut za pedagoška istraživanja, Beograd 1973
84. Popović, B.,: Neki mehanizmi odbrane kod vaspitno-zapuštene dece i omladine, Socijalna politika 1962
85. Popović, B.,: Poistovećenje - sa kim i kako? Zbornik 16 Instituta za pedagoška istraživanja, Prosveta, Beograd 1983
86. Potočnjak, B.,: Obrazovanje roditelja u funkciji uspešnog porodičnog odgoja, Filozofski fakultet, Zagreb 1982
87. Potočnjak, B.,: Uloga roditelja u odgoju djece, Opatija 1986
88. Rakić, B.,: Identifikacija djece sa roditeljima porodica i djete, Sarajevo, 1975
89. Raduljaški, Lj.,: Porodica kao faktor vaspitanja, u nekim pedagoškim učenja u prošlosti u Zborniku 15, Vaspitna uloga porodice, Prosveta, Beograd 1982
90. Rembowski, J.,: Z badan nad postawami matek wobec dzieci, Kwartalnik Pedagogiczny, Instytut Pedagogiki Uniwersytetu Warszawskiego, 1972
91. Rot, N.,: Osnovi socijalne psihologije, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva Srbije, Beograd 1989
92. Rutter, M.,: Parent -child separatione: psychological effects on the children, Jornal of Child Psychology and Psychiatry, 1971
93. Rutter, M., Giller S.,: Youvenile delinqvency: Fredns and pespectives, New York 1983

94. Santrock ,J.W.,: Father absence, perceived maternal behavior and moral development in boys, Child Development, 1975, 46
95. Savićević, D.,: Obrazovanje za život u porodici, Zavod za izdavanje učebnika S.R. Srbije, Beograd 1966
96. Schaefer, E.S.,: A circumplex model form maternal behavior, Jornal of Abnormal and Social Psychology, 1959
97. Schafer, E.S.,: A circumplex model from maternal behavior, Journal of Abnormal and Social Psychology 1959; 29;
98. Schaefer E.S.,: Childrens' reports of parental behavior: an inventory, Child Development, 1965, 35
99. Skaberne, B.,: Porodični odnosi i omladinska delikvencija, u knjizi: Porodica i socijalizacija mladih, Radnička štampa, Beograd 1970
100. Singer, M., Nikolaj Todorović Lj., Delikvencija mladih, Globus, Zagreb 1989
101. Stor, E., Ljudska agresivnost, Nolit, Beograd 1989
102. Stanić, I.,: Prekomjerno izostajanje i bežanje s nastave, Škola i život, Zagreb 1979, br. 3-4
103. Spionek, H.: Zaburzenia rozwoju uczniow a niepowodzenia szkolne, PWN, Warszawa 1975
104. Stoiljković ,S., : Psihijatrija sa medicinskom psihologijom, Medicinska knjiga, Beograd-Zagreb 1979
105. Telkeš, J., Bagnar T.,: Dete i razvod braka, Porodična psihologija, Beograd 1986
106. Tessman ,L.H.,: Children of parting parents, Aronson, New York 1978
107. Tadić N. Psihijatrija detinstva i mladosti, Naučna knjiga, Beograd 1985
108. Todorović, A.,: Prestupništvo maloletnika u Beogradu, Filozofski fakultet, Beograd 1970
109. Trajkova - Stamenkova, V.: Poremećeni porodični odnosi - uzrok nastajanja i zlostavljanja dece, Zbornik radova, Društvo za socijalna psihijatrija, Šibenik 1990
110. Trajkova - Stamenkova, V.,: Socijalizacijata na decata vo nepotpolnoto semejstvo, Zbornik na trudovi, Dručtvo za nauka i umetnost, Bitola 1992
111. Wall W. D.,: Tworcze wychowanie w okresie dziecinstwa, PWN, Warszawa 1986
112. Wallerstein J.S. Kelly J.B. The effects of parental divorce: The adolescent experince vo knigata The child in his family: Children at a psychiatric risk, (e.d.) A. Koupernik, Wiley, New York 1974,
113. Wallerstein, J.S., Kelly J.B.,: The effects of parental divorce: Experiences of the preschool child, Journal of the American Academy of Child Psychiatry, 1975, 14
114. Wallerstein J.S. Kelly J.B. The effects of parental divorce: Experiences of the child in later latency, American Journal of Orthopsyhiatry 1976, 46
115. Zakon za brak i semejstvo na R. Makedonija, Služben vesnik na R. Makedonija
116. Ziemska, M.,: Postawy rodzicielskie, Wiedza Powszechna, Warszawa 1973

117. Ziemska, M.,: Rodzina a osobowošč,Wiedza Powszechna Warszawa 1977,
118. Ziemska, M., Postawy rodzicielskie i ich wptyw na osobowošč dziecka, vo knigata: Rodzina i dziecko, (red.) M. Ziemska, PWN, Warszawa 1979
119. Zabczynska E., Przestepczošč dzieci a szkola i dom, WSiP, Warszawa 1974
120. Šilih, G.,: Odgoj dece u našoj porodici, PKZ, Zagreb 1957

## СОДРЖИНА

### ПРВ ДЕЛ

1. Пристап кон проблемот ........................................................................ 1

1.1. Определување на основни и други поими ............................. 9
1. Вдовичко семејство ........................................................ 11
2. Разведен брак со дете ....................................................... 18
3. Емигрантско семејство ....................................................... 19
4. Фактички напуштено семејство ......................................... 19
5. Вонбрачен самохран родител ............................................ 20

1.2 Некои истражувања за односите мајка-дете во непотполното семејство настанато со развод ................................................ 21

2. Проблем на прилагодување на членовите на семејството на ситуацијата настаната со развод на бракот ................................................ 32

2.1. Прилагодување на детето на разводот од родителите ........... 33
2.2. Прилагодување на мајката на разводот на бракот .............. 43
2.3. Односи мајка - дете по разводот ......................................... 46
2.4. Односи татко - дете по разводот ......................................... 49
2.5. Соработка на разведените брачни другари во процесот на воспитување на децата ........................................................ 52

3. Можно влијание на разводот на бракот од родителите врз детето ... 55

3.1. Последици од разводот ...................................................... 56
3.2. Колку и како непотполното семејство се јавува како причина за воспитна запуштеност кај децата .................................... 61

### ВТОР ДЕЛ
### МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Предмет на истражувањето ......................................................... 66
2. Цел и задачи на истражувањето .................................................. 69
3. Хипотези ........................................................................................ 70
4. Варијабли на истражувањето ....................................................... 71
5. Примерок на истражувањето ........................................................ 71
6. Метод на истражување ................................................................. 78
7. Истражувачки техники (постапки) ............................................... 78

8. Инструмент на истражување ........................................................ 78
9. Опис на инструментот ........................................................ 78
10. Динамика на истражувањето ........................................................ 79
11. Статистичка обработка на податоците ........................................ 80

Анализа на резултатите од анкетирањето на мајките по разводот ....... 82

Коментар на резултатите од истражувањето ...................................... 108

Заклучни согледувања ........................................................ 114

Прилог ........................................................ 117

Користена литература ........................................................ 122